# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од првото продолжение на Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 мај 2000 година

Седницата се одржа во Собранието, сала за седници, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Патениците Нано Ружин и Благоја Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Мониторот покажува дека вкупно во салата сме 60 пратеници, но во меѓувреме дојде Амди Бајрам и Кралевски, па констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точка 1.

Предлог на Закон за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Трајков Горанчо.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, колеги пратеници, бидејќи ова е втора фаза при донесувањето на овој закон, јас би се задржал повеќе околу ефектите кои што произлегоа од неговото веќе еве десетгодишно не донесување и секако на ефектите кои што би требало да ги очекуваме после донесувањето на овој закон.

Имено се работи за една многу суптилна материја, чие уредување е од суштинско значење за развојот на земјоделието во Република Македонија, посебно што земјоделието во државата треба да биде едно од базичните дејности, притоа имајќи ги предвид, секако и предностите што Република Македонија ги има во оваа област.

Јас би сакал само да појаснам зошто го употребив зборот "суптилно" суптилна материја, бидејќи знаеме дека квалитетот на семенскиот, садниот или материјалот за размножување е во основата на било кое производство, така што ништо понатаму не може да го замени, доколку се работи за неквалитетен материјал.

За жал во овој период имаме перманентно запоставување на земјоделието и отсуството на правна рамка во оваа област доведе до многу несакани последици, како што е присуство на нај различни несоодветни материјали, па можам да кажам и не квалитетни во одредени делови, што предизвика генерално две појави.

Првата е, недоверба во семенскиот, садниот или материјалот за размножување, што во одредена мера секако е оправдано.

Втората е, недоволна примена на истите во самиот процес на производство.

Со донесувањето на овој закон, се надевам дека овие две, пред се негативни појави ќе почнат да се искоренуваат и ќе можеме да се надеваме на позитивни резултати во земјоделието, бидејќи материјата што ја третира овој закон е една многу важна алка во развојот на земјоделието, а имајќи го предвид и фактот што ние веќе преговараме со ЕУ за асоцијација, што значи и скорешна интеграција во истата. Овде би сакал да напоменам дека Република Македонија веќе 10 години е независна држава и дури после 10 години, еве ние носиме закон кој што ги обединува сите овие материи.

Затоа, сметам дека подготовките треба да почнат веднаш за да може оваа област да биде уредена.

Од тие причини потребни се низа мерки, со кои нашето земјоделие ќе се доведе до ниво на развој кој го имаат западните земји, а тоа значи конкурентно производство, што ние сега за жал, се уште го немаме. Регулирањето на областа која го опфаќа семенскиот, садниот и материјалот за размножување секако е чекор напред, бидејќи само со нај квалитетни, а воедно и нај профитабилни вакви материјали можеме да се надеваме на едно конкурентно производство. Секако дека само со овој

закон нема да се направи пресврт во земјоделието, бидејќи оваа област долги години е во незавидна и пред се, запоставена состојба и многу малку е направено сето ова да биде надминато. Што значи, со овој закон се регулира една многу значајна област од земјоделието.

Меѓутоа, јас би апелирал и останатите закони кои ја третираат оваа област, по мене, е можеби една од најважните во Република Македонија, ако не и најважна дејност во Република Македонија.

Значи, сите закони да бидат преработени со една единствена цел да се создадат поквалитетни услови за еден забрзан развој на земјоделието во Република Македонија и создавање на земјоделски производи, кои во сите свои сегменти ќе бидат конкурентни на европските пазари.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Трајков Горанчо.

За збор се јави г. пратеник Јованов Никола.

**ЈОВАНОВ НИКОЛА:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, признавам дека ова не е стручно поле на работа од мојот домен, меѓутоа, гледајќи го законот на прв поглед не најдов некаде во законот регулирано забрана, за употреба на семенски материјал врз кој е лабораториски генетски интервенирано. Тоа е тренд во светот насекаде во Европа а и во САД и околу тоа се водат многу полемики.

Во вчерашната дискусија со претставниците на Министерството, разговаравме и ме информираа дека и во Европа европските научници и авторитети на ова поле, се уште не изградиле некаков цврст став околу ова прашање.

Во прв момент мислев да поднесам амандман околу ова, меѓутоа се согласивме со претставниците на Министерството, дека на ова поле исто така треба да се работи, треба надлежните институции во нашата држава, веројатно Институтот за земјоделство и т.н., во договор, во согласност во соработка со европските адекватни институции, кога ќе се изгради ставот, ќе треба и ова кај нас дополнително да се вметне во законот, бидејќи таквите растенија врз чии семиња претходно е интервенирано лабараториски, генетски, значи се предизвикани мутации и таквата храна е штетна за човековото здравје. Насекаде околу, тоа сега се води голема полемика и грижа.

Значи, да кажам дека ваков закон сигурно е неопходно потребен, во интерес на здравјето на граѓаните и заслужува секаква поддршка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Јованов Никола.

Има збор г. пратеник Андов Стојан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, имаме еден од фундаменталните закони во областа на земјоделството, со кој се уредува оваа област, каде за жал, сега владее збрка и имаме значајни штети, како во производството, така и во прометот. Дел од назадувањето на нашето земјоделство и штетите што ги трпат земјоделците се должи и на не уредените односи и не постоењето на гаранцијата за квалитетот и очекуваниот род и економски ефекти од семенскиот материјал, посадочниот материјал и од сите овие прашања, кој се уредуваат со овој закон.

Овој закон всушност, воведува стручни, оперативни и управни решенија на една нова основа, земајќи ги предвид сите меѓународни достигнувања и вообичаената нормативa во ЕУ. На овој закон, иако ние сега доцна го донесуваме, долго се работеше. Тој е во основа изготвен некаде до крајот на 1995 година, но со смената кога тогаш настапи со Владата, дојде до еден застој во работата на овој закон и до зголемување на конфузијата во оваа област во практиката.

Затоа, мислам дека е многу значајно денес ние овој закон да го донесеме и мислам дека слично ќе постапи министерството и Владата и во областа на заштитните материи, каде што исто така имаме една несигурна состојба. И, во целиот систем на контрола, како на семенскиот материјал на употребата на заштитни материи и на другите сфери, кои треба да бидат контролирани, за да се добие квалитетно производство и економски ефект за производителите, нашите земјоделци да можат да добијат ефекти и приходи соодветни на нивниот труд и вложувањата што ги вложуваат, ќе биде потребно контролата да се зајакне со основање на таканаречените референтни лаборатории, чии единствен тест ќе може да дозволи да се стекнуваат права, кои овој закон овде ги предвидува.

Ние, Пратеничката група на Либералната партија, ќе го поддржиме овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Андов Стојан.

За збор се јави г. пратеник Иванов Љубисав - Ѕинго.

**ИВАНОВ ЉУБИСАВ - ЅИНГО:**

Почитувани колеги, денеска навистина имаме пред себе еден закон, кој треба да ја регулира една многу сложена област, а тоа е областа на земјоделството, прашањето на семенскиот материјал.

Тоа е област во која што денеска во светот има огромен напредок, каде што се внесуваат многу значајни технологии, каде што новите технологии практично силно продираат и каде што практично се потребни огромни средства за добивање на квалитетен семенски материјал. Јас не би рекол дека ние досега не сме имале закон во оваа област, не сме имале закон кој ние тука во Парламентот, не сме го донеле, меѓутоа ние како што е познато, законите од поранешната држава, оние кои што не ги изменивме, практично ги применуваме во животот. Би рекол дека тие закони не доследно се спроведуваат.

Имајќи предвид дека ние сме мала земја, имајќи предвид дека не располагаме со научен голем потенцијал и материјална основа, ние најчесто сме принудени да користиме семенски материјали од земји, кои се со многу по голема и по напредна технологија. Ние за овие 50 години одредени достигнувања во семенскиот материјал достигнавме во пченицата, каде што има и регистрирани сорти на наши еминентни стручњаци. Ако е тоа, сепак, еден минимум кој сме го направиле за еден пола век, не може да постојат големи амбиции дека, ќе направиме некои значајни продори во годините што доаѓаат, а нарочно имајќи ја предвид нашата материјална состојба.

Според тоа, и понатаму ќе бидеме принудени да увезуваме големи количини од тој семенски материјал. Затоа, е потребно и тоа многу брзо да се оспособат нашите институти, таквиот материјал да го испитуваат и да даваат дозволи за неговата употреба. Меѓутоа, тука треба да се избегнат разни монополи, кои што во меѓувреме се создадоа на организации, кои не се технички и технолошки опремени, а на кои исклучиво им се даваат дозволи за увоз на такви материјали. Очигледно е присутно дека таквиот семенски материјал не е предмет на испитување, затоа што и нашите институти не располагаат со таква техника и такви решенија, за да можат да издадат уверение за употреба на тој материјал. Тука посебно постои голема опасност преку тој семенски материјал да се внесат разни болести, разни штеточини, кои можат да остават и големи последици.

Мислам и сакам да ве потсетам дека ние такви случаи во практиката сме имале во голем број, нарочно во увозот и употребата на семенскиот материјал во градинарството, посебно во производството на домати, каде што сме имале огромни промашувања и каде што клиевоста била сведена на минимум. Тоа значи дека се набавувани тотално не квалитетни материјали. Во тој поглед мислам дека законот треба да биде построг, тие критериуми да бидат многу построги, а еластичен да биде и транспарентен во однос на организациите, кои што треба тоа да го обавуваат. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Иванов Љубисав.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3, член 4 став 3, член 5 став 1 и 2, член 10 став 1 и 3, член 11 став 1, 2, 3 и 5 и за менување на став 4, член 12 став 1, член 13 став 1, член 15 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 и на став 2 и 3, член 16 став 1, член 17 став 1, член 18 точка 2, 4 и 6, член 19 став 1, член 20 став 2, член 22 став 1 точка 1, член 24 став 1 и за бришење на став 2, член 33, член 34 став 2, член 35 став 2, член 36 став 5, член 37 во уводната реченица и на точката 1, 2, 3 и 4, член 38, член 40 став 1 и за бришење на став 2, став 3 за менување на уводната реченица, став 4 и на точките 1,2,3,4 и 6, член 41 став 3,4 и 5, член 44 став 3, член 50 за бришење на уводната реченица на став 2, член 52 за бришење на став 2 и 4 и на став 3, член 54 став 1 и 4, член 58 став 1, член 61 став 1 за бришење на став 2 и на став 3, член 63 став 1 и член 64 став 1 и на точките 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7, член 68 во уводната реченица за додавање нов став по ставот 1, член 69 став 1, член 71 став 4 и 6, член 73 став 2, член 76 став 1, 3 и 4, член 77 став 1, 2 и 5, член 78 став 2, член 80, член 81 став 2, член 82 став 5, член 83 став 1, член 85 став 1 и 2 и за

преформулирање на ставовите 4 и 5, член 86 став 1 точка 10, став 2 и 3, член 87 став 2, член 88 став 3, 6, 7 и 8, член 91 став 1, член 94 став 1 за менување на точка 2, за менување на член 96. Член 97 став 1 и 2 и на член 98 став 2 и за преформулирање на ставот 3.

Претставникот на Владата министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Марјан Ѓорчев писмено ме извести дека ги прифаќа амандманите, поднесени од ЗПК и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ѓорѓи Котевски поднесе амандман на член 83 став 1 и за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 1 и за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(На мониторот стои присутни 64 од кои гласале 58 "за", 2 "воздржани", нема "против". Значи, вкупно 60).

Ве молам уште еднаш да го повториме гласањето.

Невозможно е да има 65 пратеници во салата.

Во меѓувреме влегоа уште двајца пратеници, па ве молам уште еднаш да гласаме.

Ќе ве молам, во салата има повеќе од 65 пратеници.

Овде на мониторот покажува дека гласале 60.

(Од присутни 62, како што е на мониторот, 58 гласале "за", 2 "воздржани", нема "против", што значи вкупно гласале 60 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта.

Преминуваме на 2-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Овој закон се донесе пред скоро година дена, ми се чини беше во јули минатата година. При донесувањето на законот, а и после тоа, Владата очекуваше дека ќе се отворат 100 фабрики, дека ќе се вработат 20.000 луѓе, ние по година дена имаме предлог за изменување на законот, со кој се предвидува бришење на основното решение, бришење на 0,3% плаќање од страна на инвеститорите. Мислам дека апсолутно не е основната причина поради која не се остварени резултатите кои се очекуваа.

СДСМ, т.е. Пратеничката група укажуваше при донесување на законот, дека преку слободните економски зони не може да се постигне таков економски развој и за жал, тоа се остварува.

Ние би сакале Владата да достави една информација, односно во образложението на законот да каже кои се причините што до сега не се ефектуира овој закон.

Второ, колку трошоци се направени до сега, во поглед на подготовка на терени, фешти и т.н., патувања во странство.

Трето, што е тоа што се очекува во најскоро време до крајот на годината доколку се донесат овие измени на законот, кои ефекти ќе се постигнат во вработувањето и во отворање на нови фабрики. Без да ја имаме таа информација, пратеничката група на СДСМ нема да гласа за донесување на овој закон. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Филиповски.

Дали некој друг бара збор? За збор се јави господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас и на Комисијата за финансирање и буџет кога го разгледувавме Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за слободните економски зони, укажав, но за жал, не се прифати мојот предлог и од таму произлезе еден амандман за бришење на членот 2 од Предлог законот, па би сакал овде пред поширокиот состав на пратениците, да укажам кои се негативните последици од воведување на овој нов член.

Претходниот говорник нешто спомна во тој контекст, би сакал да дадам поширока елаборација за да стане појасно за што конкретно се работи.

Имено, во членот 11 од постоечкиот закон што ја регулира материјата за слободните економски зони, е запишана една одредба каде секој од субјектите кои стопанисуваат внатре во зоната, откако ќе се изгради, условно зборувам, да плаќа на сите излезни т.е. извозни фактури износ од 0,3%, што на некој начин значи рефундација на износите што државата иницијално ги вложила во економската зона.

Сега се предлага еден нов член во законот, тоа е членот 2, со кој комплетно се брише членот 11, не укажувајќи на тоа дека и во случај државата да се јави како партиципиент во финансирање на слободната економска зона, не може да си ги поврати тие средства и тој иницијален капитал што во старт го вложила. Во образложението на самиот текст на Законот се укажува и може да се насети дека комплетната материја што се менува, се однесува на преферирање на веќе многу медиумски експлотираната зона "Бунарџик", од која до сега имаме сознанија, барем од јавните медиуми, дека е направен плац заграден и донесена инфраструктура во смисла на носење на приклучок за електрична енергија, водовод, канализација и т.н. Ако се земе предвид дека сите овие иницијални инвестициони вложувања во таа зона, конкретно зборувам за "Бунарџик", се товар на државата, по однос на она што го вложила со откуп на земјиште од приватни лица и го платила државата или во смисла на тоа што отстапила државно земјиште и изградила одредена инфраструктура за почеток на изградба на тие производствени капацитети внатре во зоната што ќе стопанисува државата, во секој случај поднела некои иницијални трошоци.

Јас не би можел сега да елаборирам колку е тој износ, меѓутоа во секој случај постоечкиот член 11 од Законот што ја регулираше материјата за слободните економски зони, даваше можност со поврат од 0,3% од страна на тие што стопанисуваат во зоните, државата да си го врати првобитно вложениот капитал.

Јас се чудам зошто предлагачот на овој закон, не дава образложение што станува во случај ако пред почеток на изградба на тие капацитети, во кои навистина се сомневаме дека некогаш ќе почнат физички да се реализираат помеѓу РМ и Тајван, дали воопшто ќе се потпише во договорот дека Тајванците еднократно ќе ги платат иницијалните трошоци, што државата ги вложила. Ако не се потпише така, тогаш навистина државата е на старт оштетена за износите, што на почетокот се јавила како партиципиент во слободната економска зона.

Од тие причини јас предложив на Комисијата, а сега исто предлагам Собранието да не го прифаќа членот 2, со кој комплетно се брише членот 11, т.е. повратот на 0,3% од секоја излезна фактура од економската слободна зона.

Исто така би сакал глобално да посочам дека за време кога се донесуваше овој закон, од страна на Пратеничката група на СДСМ беше оценето дека воопшто нема никакви, ама баш никакви моменти, кои со тој закон слободните економски зони би ги повлекле странските инвеститори и дека тоа ќе биде основниот столб на развојот на македонската економија во перспектива, напротив, тогаш говоревме дека само на овој начин со ослободување на голем број субјекти од давачките спрема државата, во вид на царини, даноци, такси и т.н., би се предизвикала една дисторзија во економската сфера во РМ, а со ослободување на тие стопански субјекти и додатно од износот од 0,3%, кој значеше рефундирање на иницијално вложените средства од страна на државата, мислиме дека таа дисторзија и натаму ќе продолжи. Друго е прашањето на реалноста за зоната "Бунарџик" да продолжи да се гради, бидејќи и најголемите оптимисти стануваат скептици во тој поглед, па затоа мислам дека овој закон воопшто не треба да се поддржи. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Илоски.

За збор се јави господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, овде имаме еден обид да се допрецизира или зајакне улогата на поттикнувачката улога на државата, во привлекување на странски капитал во овие наши слободни зони.

Јас сакам да потсетам на она што го истакнувавме од почеток дека приодот на основање на слободни економски зони воопшто во овој случај од почеток се заснова на многу матни претстави, на тие луѓе што ги инспирираат овие активности, многу матни претстави воопшто за економијата, па и за странските инвестиции.

Мислам дека не се отишло подалеку, уште идеите се раѓаат спонтано и повеќе би рекол комплетно аматерски, отколку да се резултат на некои прецизни согледувања што ќе биде оваа улога и како треба да биде оваа улога на овие слободни зони. Ние немаме некоја студија, не е изработена студија која би минала одредена ревизија од компетентна меѓународна институција, како да ги поставиме овие зони и дали има основ за нив, туку нивното основање и законска регулација го поставивме врз основа на, пак ќе речам, магловитите, да не речам, авантуристички идеи за тоа како се привлекува странски капитал и како се води надворешна политика.

Затоа мислам колку пати Владата ќе дојде и ќе се навраќа во Собранието со проекти кои се засноваат на таа небулозна идеја, како Македонија ќе скокне во 21-от век со факторот Тајван и какви милијарди ќе дојдат, толку пати ќе се бламира Владата непотребно.

Затоа, по мое мислење, Владата треба да ги корегира овие работи и треба да си ја повлече одлуката за дипломатско признавање на Тајван, а ако врз основа на студија која навистина оди од компетентни меѓународни институции со кои соработуваме, дојдат сугестии и решенија, тогаш и бизнисмени од Тајван, од Кина, од Јапонија и од било каде ќе бидат добро дојдени, но врз една таква темелна основа.

Вакво замислување на некој продор во економијата, сите не сведува дека сме наивни и наседнуваме на трикови и изјави и претстави на луѓе, кои навистина со економијата немаат многу врски.

За самата Влада тоа не е добро да е држи за такви проекти. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Стојан Андов.

За збор се јави господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Ова некако испаѓа дека Стојан, па јас, следниот пат прво јас, па Стојан да се јави, да не биде така редоследот.

Идејата за слободни царински зони не е нова, таа е направена во времето кога постоеле големи ограничувања, царински, режимски, помеѓу поедини земји и за да некој дојде блиску до пазарите да ги искористи предимствата на една земја најчесто се случувало во градовите, кои се лоцирани покрај морињата, океаните и т.н., значи, да се искористи евтиниот транспорт од една страна.

Друго, евтината работна снага. и

Трето, еден голем пазар кој таа земја околу кој се наоѓа таа земја.

Секоја работа што се нуди, а може да даде некој ефект треба да се одбива, меѓутоа работа која е толку надмината, која работа воопшто не е интересна за светот, сега ја земаме како голема идеја и гледаме некој голем износ. Практично, Македонија може да биде целата слободна царинска зона. Ако се погледа што се очекува во таа царинска зона да се произведува, да се монтира, нема тука некое производство кое би било базно, тоа се воглавно производства кои почиваат на монтажа. Ако видиме дека тука воглавно се работи за електроника, за апарати, за чуда и т.н., какво што производство немаме кај нас, тогаш зошто се лоцираме за едно место, за еден град, за една локација кога тоа може да биде иницијатива низ целата држава. Ние не произведуваме телевизори, не произведува микро чипови, не произведуваме други апарати посложени за да бидат конкурентни на нашиот пазар.

Спрема тоа, треба многу објективно и реално да се гледа на ова како нешто што нема да даде ефекти, нешто во кое не треба да се троши енергија, да се прават напори и да се донесат толку закони, а ефектите ќе бидат никакви.

Имајќи во предвид дека ние се определивме да влеземе во Европската унија и прво да направиме едно пошироко регионално поврзување, а тоа значи такво поврзување и влегување во Европската унија, значи дека нема царини, нема ограничувања на увоз - извоз, тоа значи

дека таквата царинска зона ја губи својата смисла. Тоа е една работа.

Второ, на што сакам да укажам, дека тие царински зони особено во земјите во кои не владеат правните системи, се одлични за различни манипулации, криминал, шпекулации и т.н.

Трето, за да би можеле од таа царинска зона да се дејствува пошироко затоа што македонскиот простор е многу мал, во производот мора да има вградено најмалку 51% од домашното производство, за да може околниот пазар со земјите со кои имаме без царинско плаќање, таа стока да може да оди на тие пазари слободно без поголеми ограничувања и оптоварувања.

Од тој аспект сакам да укажам не да не се носат вакви закони, ќе се носат, меѓутоа треба да се гледа многу реално на тоа дека ефекти од такви работи практично нема. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

Има збор господинот пратеник Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван господине потпретседателе, дами и господа пратеници, учествувајќи во расправата на Комисијата за економска политика и развој се расправаше меѓу другото, и по овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони.

Во начело, беше прифатен овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони иако, како што и овде беше наведено, дека Законот беше донесен во 1999 година, ефектите се видоа и допрва ќе се видат, но лично ги прифаќам овие измени на Законот за слободни економски зони од причина што, ќе влијаат во голема мера на странскиот инвеститор да дојде во Република Македонија и токму членот 11 од Законот за слободни економски зони кој се дава во овој Предлог на закон во членот 2 кој се брише, мислењето на членовите на Комисијата за економска политика и развој беше согласност за бришење на овој член 11, но, на шега испадна дека ако е потребно и тие 0,3% од вредноста на фактурите издадени од корисникот на слободната зона да се додаде, а не да се одземат како стимул на инвеститорите во овие слободни економски зони да дојдат и нормално тие слободни економски зони да профункционираат.

Во тој контекст се согласувам со колегата Филиповски, кој бара извештај од Владата за досегашните преземени и не преземени активности, по однос на профункционирањето на слободните економски зони, со конкретна напомена, бидејќи беше овде спомнат Бунарџик, да не повторувам, туку барам, во рамките на таа информација Владата да даде информација што и до каде е работата со Предлогот за формирање слободна економска зона во Гостивар, за регионот каде што се приклучува Тетово, Кичево, Дебар, комплетно цел еден регион, каде што потребата за една таква слободна економска зона и те како е потребна.

Второ, доста ќе влијае во подобрувањето на политиката на вработувањето на населението во тој регион и ќе поттикнува странски инвеститори, како и домашни, бидејќи знаеме што нуди Законот за слободни економски зони, какви подобности. Тие се наведени во законот, членот 25 и тоа услови и постапка за остварување на даночни ослободувања и олеснувања, како и член 26 од Законот за слободни економски зони, што не се менува, бидејќи ги овозможува тие даночни ослободувања и олеснувања, во точката 1 до точката 6 од членот 26 од Законот за слободни економски зони.

Од тие причини сметам дека овој предлог, односно измените и дополнувањата на Законот за слободни економски зони се прифатливи и ќе гласам за овие промени. Но, секако ќе барам информација од Владата и соодветното министерство за примената на овој закон, секако и на овие измени на Законот за слободни економски зони. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Јонуз Абдулаи.

Збор има г. пратеник Глигоровски Данило.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, во врска со овој закон би сакал да изнесам неколку факти што, на некој начин, ќе разјаснат некои од работите. Некои од дискусиите тргнаа во насока како да расправаме за потполно нов закон, за потреба од донесување на таков закон и т.н. Денеска расправаме за измена на тој закон.

Неколку факти се важечки во врска со целокупната математика.

Првиот факт е дека за прв пат, во независна Република Македонија е донесен

Закон за слободни економски зони, од страна на постоечката Влада. Тоа е факт. Прв пат такво нешто се случи.

Второ, факт е дека споро оди имплементацијата или бенефициите од тој закон. Тоа е факт.

Трет факт, Владата на Република Македонија е детерминирана да ги стимулира странските вложувања. Токму поради овој трет факт, ова денеска што го имаме како закон, го имаме на разгледување, дебатирање и усвојување. Токму тој факт според кој што, нејзината определеност, да го стимулира странското вложување е и причина што ние денеска го имаме овој закон.

Би сакал да напомнам дека не се работи овде, конкретно, воопшто нема спомнато ниту една странска земја, дали ќе биде Тајван или некоја европска земја. Ова е закон за странски вложувања и како таков закон денеска го расправаме.

Колку држат самите дискусии дека еве, ваков закон сега ќе бил многу штетен за Македонија, затоа што 0,5% или 0,3% од прометот или нешто ќе било намалено и немало странците да уплатуваат. Тоа нешто не држи.

Замислете ја бенефицијата, дај боже да дојдат тие странски вложувања, колкава ќе биде, во споредба со тоа многу ќе биде штетен, затоа што 0,5% немало да се уплаќа во Буџетот.

А инаку, што се однесува до идејата да добиеме информација од Владата како оди динамиката на развој, односно вложување средства. Во тој поглед, исто како колегата Јонуз ја поддржувам идејата на г. Илоски, да добиеме информација во некоја блиска иднина како оди и би бил задоволен, мислам и останатите колеги, едноставно да ја следиме динамиката, да видиме како се реализираната овие проекти. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Глигоровски Данило.

За збор се јави пратеникот Илоски Илија.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Малку сум инспириран од претходниот дискутант од ВМРО-ДПМНЕ. Би сакал да укажам дека јас прецизно дискутирав по Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за слободни економски зони. Значи, воопшто немав третман кога говорев за материјата, дека се носи за прв пат.

Би сакал да му одговорам на неколкуте тези што ги пласира во функција на преферирање на овие измени и воопшто на самиот закон.

Прво, никаков аргумент не е и економска оправданост не значи дека, за прв пат во слободна, независна и не знам каква Република Македонија се носи ваков закон. Тоа не е никако економски аргумент.

Второ, убеден сум и јас, исто така дека и постојниот закон и овие измени што се нудат нема да предизвика апсолутно никакви штети во стопанството на Република Македонија, затоа што сум убеден дека нема да се изгради ниту една економска зона. Тука можам економски да му елаборирам на г. Глигоровски со часови, меѓутоа сакам да му кажам само еден круцијален економски момент.

Македонија е многу мало економско подрачје па ние да регулираме вакви материи и нема никаков интерес на странскиот капитал. Дури ни овие 0,3% што ги ослободуваме, дури и да им плаќаме да доаѓаат кај нас. Тоа е основниот економски аргумент.

Друго е авантуризмот во кој се влезе со првата економска зона Бунарџик, за која, до сега, само од оние политички памфлети што ги слушаме во медиумите немаме ништо видено освен лопатите и панделките. За тоа треба сите да сме свесни овде.

Меѓутоа, бидејќи одиме на промена на тој закон, односно на бришење на членот 11, дај боже и јас велам дај боже да почне некоја работа во оваа сфера, и на некој начин, тоа да биде додатен стимул, за привлекување на странски капитал во Република Македонија.

Меѓутоа, мора ние сме пратеници на народот, да си ја штитиме сопствената држава, пред се. Мора ние да сфатиме дека, доколку не постои договор помеѓу вложувачите и државата Република Македонија, дека она што државата иницијално го вложува и учествува како партиципиент во формирање на слободна економска зона, дека во еден догледен период, откако условно речено, ќе профункционира зоната, мора тоа и се врати, бидејќи е децидно кажано во членот 11 дека повратот од 0,3% на секоја извозна фактура од слободната економска зона, значи приход во Буџетот на Република Македонија.

Ако беше оценката, кога се носеше законот, дека таков каков што е предложен јуни или јули 1999 година, не знам точно

кога се изгласа во Парламентот, кога ние бевме против, а беше општа оценка дека со тие ослободувања што се нудат на основачите на економската зона, во вид на избегнување на царините, даноците, таксите и другите давачки према државата, дека тоа значи дисторзија за Буџетот на државата, тогаш мора да сме свесни дека тоа предизвикува дополнителни финансиски штети за самата држава, а типичен пример за формирање на вакви економски зони, не само за европскиот, туку скоро за целиот светски пазар.

Зошто го говорам тоа. Го говорам од проста причина дека може да се направи и да се даде една кратка пауза, членот да се редефинира постојниот член 11, со една додавка дека овие 0,3% ќе се враќаат во наредните периоди, до висина на она што државата како иницијален капитал го вложила во зоната. Навистина, во образложението, ние конкретно зборуваме за зоната Бунарџик во овој случај, ние во образложението немаме никакви математики од страна на предлагачот, колку државата досега вложила, ако вложила. А, знаеме дека вложила, бидејќи е заграден огромен плац кај Петровец, што е дел државно земјиште, дел е обезбеден по пат на експропријација од приватни лица и е платен, согласно законските акти, донесена е комплетна инфраструктура за приклучоци на вода и струја и пристапни патишта, што беше основен услов да почне да се гради во рамките на таа зона. Сега се брише 0,3% за државата, да не може да си ги рефундира тие средства, за да се убеди, можеби и Парламентот, а пред се целокупната македонска јавност, за гафовите што се априори направени во тој пристап за економски развој во Република Македонија и да кажеме само членот 11, тие 0,3% бил проблемот што странските инвеститори не се испотепале да градат фабрики во слободната економска зона.

Да не се повторувам повеќе, дај боже нека почнат работите во овој сегмент, меѓутоа да ја заштитиме државата, овој член треба да остане и не треба никакви прибегнувања кон промена на истиот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илоски Илија за овие дополнителни објаснувања.

Повторно за збор се јави г. пратеник Глигоровски Данило за реплика.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Повторно беше спомнат зборот финансиски штети. Ќе се претрпеле финансиски штети.

Сметам дека не е некое ниво, сметам дека на некој начин популистичка е таа синтагма, финансиски штети. Затоа што, замислете ја бенефицијата од вложувањето. Ако ја споредите и вкупно ако ја земете бенефицијата од вложувањето од тој 0,3% или 0,5%, тогаш пресметајте ја финансиската штета дали ќе ја има или добивка за целокупната држава и за сите тие. За тоа станува збор.

А сега, дали ние ќе бидеме многу загрижени, огромни штети ќе сме претрпеле и т.н., со тој стил, мислам дека... Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Глигороски Данило.

Повторно се јави за реплика г. пратеник Илоски Илија.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Видете господине Глигоровски, јас не можам да замислувам што не постои. Економијата е многу прагматична и егзактна наука. Јас говорам дека до сега реално штети се направени. Во која смисла зборувам штети? Државата вложила иницијален капитал. Ако Владата е подготвена да ја поднесе информацијата што 2-3 пратеници ја побаравме да дојде пред Парламентот, колку се потрошени пари на патувања, договарања, ручеци, вечери и т.н., штетите се уште поголеми. Треба еднаш да се убедиме да не погодуваме нешто, дека ако ги симнеме овие 0,3%, таму 100 фабрики за шест месеци ќе никнат. Навистина, мислам дека тоа не беше никаква пречка, барем до сега, да се изгради барем една фабрика во слободната економска зона.

Ги поддржувам другите членови за скратување на процедурата од добивање одобрение и т.н., меѓутоа ние сме пред се пратеници на народот и треба да ја штитиме оваа држава, а не тие кои ќе стопанисуваат во зоната. Бидејќи, по ред сите, ако почне, мислам дека нема да претрпиме додатни штети освен иницијалните штети што веќе сме ги претрпеле и на економски и на политички план и убеден сум дека се расправаме за една материја што, навистина, нема врска со реалноста.

Се согласувам со вас дека нема тука штети да се трпат, меѓутоа треба да сме свесни, доколку дојде треба да имаме

заштитен механизам. Значи, државата, она што ќе го вложи утре да си го поврати барем во висина на вложените средства.

Ова е типичен пример, за целиот свет, ваквиот пристап и секаде стои клаузула во изградба на економските зони дека во перспектива, не еднократно, значи на секој извоз се наплаќа одреден процент во функција на рефундација на средствата што државата ги вложила.

Инаку, сега да погодуваме дека 100 фабрики таму ќе има, па ќе плаќаат толку придонеси на државата, навистина тоа не ни личи. Пратеници сме сепак, не можеме да теоретизираме овде. Практично имаме претрпени штети, вложени се иницијални пари, големи суми пари се потрошени, а од друга страна нема никаков економски ефект.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам уште еднаш на г. пратеник Илоски Илија.

Мислам дека се од корист овие повторени дискусии.

За збор се јави г. пратеник Лазаров Илија.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, колеги пратеници, овој Предлог закон го гледавме на Комисијата за финансии и буџет, на која сум член и точно имаше од г. Илоски предлог да се прифати еден амандман. Беше одбиен, сметам со право.

Мислам дека Комисијата многу совесно постапи на таа своја седница и сметам дека овој законски проект треба да се прифати од Собранието, од пратениците, да се донесе. Да се направи уште една поволност за евентуалните инвеститори од надвор.

Сметам дека не е направена никаква штета ако тука државата инвестирала и направила инфраструктура. Тоа, на еден или друг начин ќе се врати на државата. За жал дубиозите, штетите направени од обликот на ТАТ се неповторливи. Тоа беа штетни договори. Тоа беше штета на Македонија, на македонското стопанство. Инаку, дај боже вакви работи да имаше подготвено, вакви инфраструктурни проекти, сега да можеше оваа Влада да работи и ова Собранието да донесува закони, со што ќе можат да се придобијат странските инвеститори. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Лазаров Илија.

За збор се јави г. пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, околу оваа тема денеска што дискутираме мислам дека треба да ја изгласаме, затоа што во Република Македонија се отвораме. Не треба да се затвораме. Нормално, многу фабрики се затворени и треба нешто да се изгради. Мислам дека не е потрошена некоја голема инвестиција таму. Со автомобили сите поминуваме таму, сите гледаме колкаво е тоа, што е таму инвестирано. Од наша страна колку имам сознанија, Република Македонија нема ништо инвестирано.

Овде, во Собранието на Република Македонија сме 120 пратеници. Имаме утки на многу седници и многу пропаѓаат, патни и дневни трошоци, повеќе хартија трошиме отколку таму што инвестираме, за Бунарџик и таму што треба да се инвестира.

Мислам дека ова треба сите да го прифатиме, затоа што во Република Македонија бараме вработување, не да расипуваме или да правиме нешто да има не вработувања и отказни решенија. Со тоа ќе биде подобро за Република Македонија и оптимист сум, мислам дека тој проект ќе успее во Република Македонија. За свое време, мислам дека и Владата и се ќе си го донесе своето. Нормално, гледате какви работи се случуваат во светот и во Република Македонија, нормално треба да бидеме свесни дека секаде некаде се чека. Претходно ништо не се завршува. Ќе дојде време. Сме чекале, треба да почекаме уште малку.

Затоа ве молам сите треба ова да го изгласаме. Со ова не губиме ништо, само можеме да добиеме. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Амди Бајрам.

Збор има г. пратеник Ќосев Слободан.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, во врска со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, на седницата одржана на Комисијата за економска политика и развој, сите пратеници бевме истомисленици во

врска со овие измени што ни ги предлага Министерството.

Сите заеднички констатиравме дека се постигнува одредена ефикасност, околу обезбедувањето на дозволите.

Исто така, констатиравме дека се занемарливи и овие 0,3% од провизијата што треба да ја плаќаат корисниците на овие без царински зони. Тие се занемарливи од причина што, камо среќа овие без царински зони да заживеат, односно да вработат, како што ни кажа предлагачот, во прво време треба да се вработат околу 2-3 илјади вработени. Значи, со решението на член 11, сите заеднички констатиравме дека тоа е надминливо.

Меѓутоа, побаравме од надлежното министерство да ни биде информација што е можно побрзо да бидеме информирани, до кога односно од кога ќе почне реализацијата и заживувањето на Проектот "Без царински зони".

Исто така, се интересиравме колку такви стопански субјекти се заинтересирани од Републиката, а и надвор од неа, така што сметам дека оваа измена и дополна на Законот, треба едногласно да ја прифатиме, а надлежното министерство оваа информација што ја баравме во најкус можен рок да ни ја достави.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Слободан Ќосев за учество во расправата.

Има збор господинот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата, навистина се чудам на некои дискусии, каде се нема основна смисла за економските придобивки од ваквите зони, бидејќи поимот е економски зони, а не една зона.

Кога зборуваме за реформи, кога зборуваме за развој на економските односи во Република Македонија, создаваме услови за странски инвестиции, декларативно сите сме за привлекување на странски инвеститори, меѓутоа, кога тоа ќе дојде на дневен ред во ова Собрание од разно - разни причини и побуди, се јавуваат дискусии кои навистина ме зачудуваат и кои се контрапродуктивни во однос на она што значи развој во економската сфера.

Законот е краток и јасен и дава конкретни предлози. Јас би поставил едно прашање. Одговорот на ова прашање што ќе го поставам дава одговор на сите оние дискусии, односно ги анулира сите оние негативни дискусии кои денес беа изнесени, а тоа е: доколку заживее една слободна економска царинска зона во Република Македонија и без оглед на капацитетот и големината, дали тоа значи повеќе придобивка за развојот на економијата во Република Македонија во однос на сите овие лицитирања сега 0,3% кои треба да се додадат на државата, од една страна.

Од друга страна, уште по ригидно овие измени во законот ја потенцираат онаа работа што значи, доколку основачот на зоната во рок од 6 месеци не ги отпочне градежните работи, дека ќе му се повлече согласноста за изградба.

Значи, овие две измени по наше мислење се многу позитивни и се во функција (некои пратеници во салата гласно зборуваат меѓу себе, на што потпретседателот Халими реагира со ѕвончето) - со оглед на вниманието на одредени пратеници, се гледа колку им е интересен економскиот развој и социјалната положба на земјата.

Според тоа, ние ќе ги поддржиме измените и дополнувањата на овој закон, бидејќи ова не е за пратениците за денес или утре, туку создава услови и атмосфера на сериозно привлекување на капитал. Вие знаете дека има и активности на слободна економска зона на границата со Република Грција, има и други иницијативи и не треба толку тесно да се фокусираат негативните дискусии по овој закон, само заради одредени врски со одредени проекти кои се сметаат за стожери на развојот на економијата во Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Радомир Карангелески за учество во расправата.

Повторно се јави за збор господинот пратеник Илија Илоски, реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Не примерно е да се лепат етикети дека опозицијата кога дискутира, секогаш е против просперитетот, економскиот развој на државата и т.н. Овде е образложението што го има дадено поднесувачот на Владата, што сигурно не сум го пишувал јас, туку поднесувачот односно Владата, каде елаборирајќи го бришењето на членот 11, децидно стои: "Исто така, практиката на воспоставување на надоместоци во определена висина" - се мисли на оној надоместок во висина од 0,3% - "се користи во земји во кои државата" - внимавајте овде - "државата се јавува како основач на

зоната, со што се обезбедува рефундација на инвестираните средства за определен период на време".

Значи и во теоријата, а особено во практиката, оваа клаузула мора да биде застапена.

Мене ми е јасно, конкретно за зоната "Бунарџик", да не зборувам за нешто виртуелно, дека државата не е основач кај нас, државата Република Македонија, меѓутоа, факт е и тоа дека во штурото образложение не се даваат никакви квантифицирани податоци, дека државата Република Македонија до сега вложила одредени средства во отстапување на дел од градежно земјиште, во купување на одредени парцели од приватни лица и плаќање надоместок за истите во донесување одредена инфраструктура и потрошила, да речеме условно, еден милион марки.

Го прашувам господинот Карангелески, како мисли државата Република Македонија, ако го бришеме членот 11, да си ги поврати условно речено тие милион марки или 500 или 1 марка ако е, под услов утре да проработи таа слободна економска зона и под претпоставка - не е тоа претпоставка, туку ќе биде реалност, дека сите компании кои ќе работат на тоа подрачје заградени со жица, што ќе се вика слободна економска зона, ќе бидат приватни фирми. Тоа кажете ми го, со бришење на овој механизам, за кој самите објаснуваат дека во земји каде државата се јавува како основач, а овде би го нарекле соосновач или партиципиент во дел од иницијалните трошоци на отпочнување на градбата на зоната, како државата Република Македонија ќе си ги поврати тие средства и ако зборуваме за дисторзија на одредени економски процеси, кои негативно се одразуваат пред се во приливите на Буџетот на Република Македонија, од кој се финансираме и ние овде што седиме, мене не ми е јасно како ќе ги повратиме.

Второ, не можеме да се убедиме апсолутно никогаш дека овие 0,3% од јули месец 1999 година до мај месец 2000 година, беа основната пречка и рак - рана зошто тајванците не направија фабрики во Република Македонија. Кого го лажеме и зошто се залажуваме? Сега згора на тоа се лепат политички етикети од тоа дека опозицијата е против економскиот развој, против просперитет. Доста со тоа не биете меѓу народот.

Ве молам, Вие ветивте 100 илјади вработувања за една година и дека ќе си одите ако не исполните 100 илјади вработувања. Два - три пати сум поминал таму во различни периоди, гледам два - три пати е поплочено со чакал, два - три пати трева е изникнато. Барем чакалот да ни се врати од тајванците да го платат. Зборуваме за реалноста, а не за претпоставки што ќе биде утре, ако биде. Јас кажував дека тоа е на невидено економска елаборација ако 100 фабрики не знам колку профит ќе извадат, колку ќе останело во Македонија.

Ве молам, немојте повеќе да не прозивате дека сме против економскиот развој. Напротив, Вие сте против со донесувањето на вакви закони, каде само се залажуваме дека ќе влеземе во зона на економски развој.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам.

Повторно за збор се јави господинот Радомир Карангелески, реплика.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Мене ми е многу жал, што господинот пратеник Илија Илоски кој го почитувам како добар економист, заради позицијата, што мораме вака да дискутираме за некои работи, кои се јасни како бел ден. Ќе повторам дека оваа негова дискусија, оди на линија на она што го реков во првиот дел од дискусијата дека, заради тесни интереси не се перцепираат визиите за економскиот развој на Република Македонија. Ако е проблем чакалот за слободната економска зона, тогаш воопшто не треба да дискутираме.

Ќе повторам уште една работа, а тоа сигурно го знае почитуваниот Илија Илоски како добар економист. Имено, дали може да пресмета не 0,3%, туку сите придонеси кои ќе ги има, без оглед на основачот со 51% од вредноста на акциите, 49% можат да бидат други приватни лица што се заинтересирани од Република Македонија, ако сега зборуваме и го фокусираме вниманието на една економска зона, иако јас го проширив ова дека има и други зони, дека законот не се однесува само на една зона.

Имено, дали може да пресмета како добар економист што значат овие придонеси во таксите и даноците, бидејќи тој беше директор на Царинската управа на Република Македонија и што значи тоа како приход, ако не 100%, туку само 10% од оние планови бидат реализирани и да се види што значи тоа како придонес, во однос на чакалот или шљунакот што го спомна господинот Илија Илоски.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно реплика за господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине Карангелески, ако сте толку убедени во успехот на оваа зона, јас сум подготвен со мојата Пратеничка група, да поднесам ваков амандман: Република Македонија на излезните фактури да плаќа 0,5% за одреден период, како што пишува во членот, не да зема 0,3%, туку да плаќа 0,5%, ако гледате успех, само да го биде ова.

Меѓутоа, вие ќе ме поддржите со една додавка - доколку тоа не се реализира во наредните 6 месеци, по која согласно Законот се одзема правото на градба на инвестирање во зоната, Вие да си одите од власт. (Реакција на некои пратеници во салата). Ми е гајле не за вас, туку за мене ми е гајле, ако останете вака на власт, за тоа ми е гајле.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, Предлогот на законот што е на дневен ред на денешната седница, по својата содржина не е ниту значаен ниту обемен закон, ниту проект за кој првпат дискутираме ние. Всушност, вниманието во општата расправа, според мене, го предизвикува самиот основен закон и условите во кои тој беше донесен и причините заради кои се врши интервенција во тој основен Закон за слободните царински зони во Република Македонија и корекциите на членовите кои се прават.

Прво и основно е дека Законот го донесовме во една поинаква политичка состојба во Република Македонија, во услови кога беше проникнат како институционален проект, предизвикан пред се со актот на признавањето од страна на Владата на Република Македонија на Република Тајван и сите последици што во меѓу време од тој чин настанаа во меѓу време. Нормално, притоа, Законот беше произнесен ако супституција на позитивната, во наводници да кажам, аргументација од "позитивните" ефекти на политичкото признавање на таа држава.

Но во меѓу време, фактички се случија работи кои се случија, се постигнаа општите стратегиски цели на иницијаторите и носителите на тој проект за нивната интервенција во Република Југославија и вниманието и компензациите за економските ефекти за Република Македонија од ден на ден избледуваат, всушност се јавуваат во својата основна појавна форма, во својата гола форма дека, тој проект за Република Македонија бил ирационален. Но носителите, на некој начин, за да ја спасат или ублажат својата чест на тој проект во таа ситуација, бараат модалитети, на кој начин да излезат од таа работа. Тоа е видно не само од многу изјави во овој меѓу период, туку и од самата расправа на денешната седница. Голем број на дискутанти практично и денес, од страна на подржувачите на Владата на Република Македонија, нагласено се оградуваат дека овој закон не се однесува само на проектот Тајван - "Бунарџик" и т.н., туку дека се работи за општи прописи кои отвораат перспективи за општ економски подем на Република Македонија, на планот на инвестиционата активност во наредниот непосреден и подолгорочен период.

Оттаму, може да се заклучи дека и самите носители и поддржувачи се свесни за промашеноста на таквиот проект и на некој начин полека, но многу гласно и јасно, иако срамежливо, се обидуваат да се оградат од еуфоричноста на тој проект во првичните моменти. Може, така да се чита и така да се гледа сето тоа што се случува досега, но може да се чита и да се гледа на еден по сериозен начин и пристап, а тоа е следниот. Ако овде навистина се работи за реален проект економски, кој се сака да се прецизира во неговата првична форма, како што го има донесено ова Собрание, тогаш треба да се има сериозен пристап и од страна на предлагачот. Всушност, што мислам?

Познат е фактот дека проектот оперативно го туркаше Владата на Република Македонија, преку нејзината специјализирана Агенција за обнова и развој, промовирана и во изборниот проект на Коалицијата за промени. Факт е дека, Агенцијата за обнова и развој во последните три четири месеци, односно во последниот период од пред претседателските избори во Република Македонија ја доживеа својата деградација, всушност дека таа е поместена од својот основачки акт и таа дефакто не функционира. Напуштена е и од своите основни носители, од директорот господинот Васил и нејзиниот идеен творец господинот Васил Тупурковски, кој се префрли целосно и општо познат е неговиот нов ангажман на проектот за свртување кон Западноевропската унија, како главен

преговарач на тимот и претставник на Владата на Република Македонија.

Од друга страна, неговиот заменик, кој исто така беше еден од носителите, си даде оставка на таа функција. Нејзините функции практично се блокирани, еден ден читаме од Народната банка на Република Македонија, друг ден читаме дека се работи за блокирање од Комерцијалната банка и т.н. Може да се насети дека овој проект и реализацијата на овој Закон за слободните зони, а тоа го поврзувам со овој базичен проект што е промовиран, кој беше и услов за донесување на законот и за кои решенија во законот влегоа, врз основа на поставеноста одредени услови на тајванците на одредени решенија во самиот закон, во претходната фаза на договарање меѓу Република Македонија и Република Тајван, го презема Министерството за развој. Во најново време го презема Министерството за развој.

Очигледно е дека министерот за развој, кој е нов министер за развој по реконструкцијата на Владата на РМ, ставовите на претходниот министер за развој, во врска со оваа проблематика се општо познати во јавноста, затоа се тука јасно и гласно изнесувани. Истиот актуелен министер за развој во Владата на РМ, не е присутен на оваа седница, да може гласно и јасно да ги образложи и презентира резултатите од реализација на Законот, кој еве веќе живее во РМ една година и проблемите кој се произлезени, во врска со реализација на тој Закон и причините за измените во тој закон.

Трета работа, да ги презентира можните перспективи за реализацијата на тој закон во РМ. Во тој случај, ќе имаше еден сериозен пристап по тоа прашање, а вака сега, ние можеме да дискутираме меѓу себе овде во Парламентот од паушални позиции и да ги бараме навистина, кој се вистинските причини и мотиви, да се врши измена на овој проект.

Од тука, се наметнува заклучокот дека всушност, е донесен проект кој не кореспондира со вистинската визија и потреби на РМ, за понатамошен економски развој на Републиката. Всушност, дека се работи само за залажување на РМ и нејзините субјекти, кои ја носат одговорноста за натамошната судбина на државата. Декларативните одредби и определувања, за тоа дека носиме економски проект, веќе ги овозможи остварувањата на визиите, за еден побрз и подинамичен економски развој на Републиката, се само едно залажување и да не речам, една чиста измама, барем досега, према презентираните информации што ги имаме и ние, како претставници на граѓаните на РМ, во овој законодавен дом.

Кога би било спротивно, кога ова што го кажувам не би држало, тогаш би требало главниот носител на тој проект, да не убеди со факти нас и целокупната јавност во РМ.

Јас при ваква состојба, не верувам во овој проект, се додека одговорните луѓе јасно и гласно не кажат, што се случува децидно во таа сфера. А очигледна е намерата тоа да се избегнува во јавноста и во овој Парламент, да се направи еклатантен, јасен и недвосмислен начин. Всушност, забележлива е тенденцијата таа ситуација да се замагли и некако да се извлечат главните актери од тој проект, со што помал број на последици за нив.

Јас, при ваква состојба, ќе гласам против овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Наќе Стојановски.

Мислам дека ние овде имаме претставник од Владата.

Тој е овластен да присуствува и нормално да дава објаснување околу овој закон, во вид на одговор на овие поставени прашања, од претходните дискутанти, но тоа е негово право, кога тој ќе земе збор. Сигурно, кога ќе ги исцрпиме сите дискусии.

Има збор г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, на дневен ред е точката Предлог за донесување на закон, за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон, за кој што, дискутиравме и го донесовме меѓутоа, измените се дадени, разгледан е на комисиите, на кои ние сме членови и јас каде што сум член на Комисијата за финансирање и буџет, го изгласавме предлогот да оди на денешната седница.

Меѓутоа, и таму како и денеска, г-динот Илоски кажа, и на неговата дискусија му беше образложено, зошто се тие 0,3 и зошто се донесуваат овие измени на законот.

Очигледно, г-динот Илоски, овие два - три дена е задолжен да иритира, односно да провоцира, меѓутоа тоа е стил, кој што СДСМ овие денови, пред митингот што го закажуваат го бараат. Г-динот

Илоски е мој драг колега, меѓутоа, за ова не се согласуваме.

Не можам да сфатам, постојано да се декларираме за реформи, за донесување на реформски закони, за создавање на услови за влез на странски капитал, меѓутоа, кога ќе дојде времето да се гласа, се бараат образложенија воопшто не издржано.

Најнапред, не слушнав забелешка на предлогот за измените, колку што е забелешката во образложението на службите, зошто се бараат измени.

Вие г-дине Илоски, во овој случај, од дрвото, не ја гледате шумата, барајќи ги тие 0,3 ќе изгубиме страшно големи планирани инвестиции во РМ.

По она што беше речени од г-динот Наќе Стојановски, кој за жал ми се чини, дека од време на време се губи и почнува со неговите дискусии, а за жал не е присутен во салата, би сакал да слушнам доколку знае, бидејќи беше образложено, од страна на министерот, колкави средства од Република Кина - Тајван, се пристигнати во Македонија и дали има друга земја, која што и во бегалската криза и во економијата и во подобрување на платниот биланс на земјата, има вложено во овој период повеќе средства во РМ.

Мислам дека, овој Предлог за измена на законот, би требало денеска да го изгласаме, да се создадат услови да профункционира предвиденото и планираното и да се овозможи странски капитал да влезе во слободната трговска зона.

За она, што беше речено, дека е донесен закон пред година дена, а се уште немаме имплементација по него, не се изградени овие царински зони. Јас знам многу закони, кои се донесуваат за подолг рок, меѓутоа, познавам и закони кои беа донесени во 1998 година, кои по нив за жал се уште ништо не е направено.

Јас лично се изјаснувам дека, ќе гласам за предлогот на законот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Чедо Петров.

Има збор г-динот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Навистина, мене ми е чудно, што г-динот Петров овие два дена мене ме споменува како провокант во Парламентот, како да сум дошол намерно да провоцирам овде и за жал, тоа е што тој така ги сваќа работите во сферата на економијата.

Јас ниту сум бил, ниту денеска, ниту утре ќе провоцирам некого, меѓутоа, добро е што моите дискусии провоцираат, да се јавуваат за збор, да видиме колку вредат во тој поглед тие.

Тие ми кажуваат приказна, како што јас можам да раскажам една приказна, што ако на тој плац е изграден фудбалски стадион, каде што екипи на Силекс и Вардар, секоја недела ќе играат на тој стадион и 100 илјади луѓе ќе гледаат и колку пари се заработени од билетите. Од прилика, можеме таков закон да донесеме. Колку Македонија губи, што не изградила такви стадиони таму.

Второ не може тој да ме убедува овде, како се однесувал Тајван во бегалската криза, пред тоа и потоа. Самиот премиер призна јавно, пред целокупната македонска јавност, дека Тајван е фијаско и во економски, а да не зборуваме, во политички контекст.

Тука би завршил, повеќе не се јавувам, без разлика што ќе бидат упатени критики кон мене.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Најнапред, на денешнава седница не е предмет Тајван, меѓутоа, испровоцирана е од дискусијата на пратеници на СДСМ и затоа, побарав и прашав, дали г-дата знаат колку средства се влезени од Република Тајван, во овој период.

Меѓутоа, законот се создава, односно го донесуваме и овие измени ги предлага Владата, се со цел, да се овозможи влегување на странскиот капител и изградба на без царински зони, не само без царинската зона "Бунарџик".

Оптоварени г-дата од СДСМ, се фаќаат само на Тајван, меѓутоа времето ќе го покаже тоа и инвестициите ќе видиме дали ќе влезат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г-динот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Прво би замолил, кога ќе го цитирате премиерот, да не му ставате зборови, што никогаш не ги рекол. Навистина, на интервјуто во А - 1 кажа

нешто во врска со тоа, меѓутоа така како што вие кажавте, дефинитивно не кажа.

Што се однесува до оваа тема, посебно што ја разгледуваме денеска, околу слободните индустриски зони. Сега не знам, дали тоа мислење е кај целокупното членство на СДСМ, меѓутоа кај вас постои идеолошка блокада по однос на прашањето, дали да се отвораат или да не се отвораат слободни индустриски зони во Македонија.

Мислам дека вашиот став е дека тоа не треба да се направи, да не се отвораат. Овде, не знам дали случајно или намерно за седнициве имам стенограм од ТВ дуелот на двата лидера на најголемите партии, уште пред година ипол пред парламентарните избори. Јасен, дециден став е дека вие имате тотално негативен однос кон прашањето за слободни индустриски зони. Претходниот дискутант праша, можеби се чуди, зошто вие декларативно се залагате, за влегување на странски капитал, меѓутоа во суштина, кога треба нешто да се направи, постојано сте против. А јас за разлика од него можам да кажам дека и ве сфаќам. Бидејќи мотивот е многу јасен: Колку подолго време ја одолговлечуваме таа работа, колку подолго време ќе правиме нешто, Македонија да не се извлекува од оваа криза, толку подобро за вас како партија.

Но во исто време треба да сфатите дека, има парламентарно мнозинство, кое што предлага закони, кои што нешто прават во таа сфера.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Данило Глигоровски.

За збор се јави г-динот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас би сакал на кратко само да прокоментирам за визија и за визиичка.

Прво, ќе прокоментирам една теза дека, Македонија е мал пазар и дека на тој пазар се изразува сомневаше дека би можела да функционира една таква слободна трговска зона. Зошто би сакал за ова сега да коментирам? Бидејќи, токму во таа теза, се изразува отсуството на визијата.

Прво, сето она што оваа Влада го прави за овие година ипол дена, можеме да видиме дека Македонија, доколку ја третираме како два милионски пазар, навистина им држи таа теза. Меѓутоа, се работи за нешто сосема друго.

Прво, РМ веќе има склучено нови договори за слободна трговија, со Бугарија, со други земји. Се работи и за склучување на нови договори за слободна трговија. Се преговара со Европската унија за интеграција, каде што имаме исто така голем пазар, така да визијата на оваа Влада не е пазар од два милиони, туку се работи за пазар од многу голем број луѓе. Што значи, визијата е многу јасна и визиичката од другата страна исто повеќе е од јасна.

За предностите што Македонија ги има од својата географска положба, не сакам да коментирам.

Втората работа што исто така овде беше дискутирана, беше правење на трошоци околу патување на функционери од оваа Влада.

Јас би сакал да кажам дека ние имаме практика, која што беше од порано во РМ практикувана, ние не може да чекаме некој овде да дојде, да не моли да направи нешто за оваа земја. Така што, патувањата се единствено неопходни за да можеме да очекуваме некој да дојде и да вложи во РМ.

Со чекорот, што беше овде спомнат, за 0,3% сметам дека државата воопшто нема да биде во никој случај оштетена, бидејќи доколку дојде до вработување ќе имаме десет кратна и повеќе кратна корист во РМ, а оние констатации што беа спомнати, дека за кубик или два песок, Македонија ќе биде оштетена, мислам дека воопшто не држат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Горанчо Трајков.

Има збор г-динот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседателе, драги колеги, се пријавив за дискусија, во еден огромен број на дискутанти, а да бидам искрен, на почетокот мислев дека многу брзо ќе завршиме по оваа точка, бидејќи ако се анализираат измените на законот не се повеќе од три четири реда. Но темата е интересна, законот е интересен и мислам дека со право беа изнесени некои изложувања, од страна на опозицијата и од страна на позицијата, но по мене, по прифатливо е решението на Комисијата за стопанство и развој, но пред тоа би сакал да кажам дека, овој закон е донесен некаде 21 јуни 1999 година. За месец и нешто ќе има една година од неговото донесување, а до денеска како што стои во самиот материјал во образложението во првите редови стои дека, неговата реализација во практиката

не се оствари. Тоа е констатација на Владата односно на предлагачот. Ние со тоа, мораме да се согласиме.

Јас не би сакал да кажувам за она што беше изнесено и во материјалот и во дискусијата дека, проблематична е изградбата на Бунарџик. Јас би бил среќен, да се изградат и други слободни економски зони. Една имавме во Штип, една имавме како размислување во Фени и т.н. Ќе бев среќен да се формираше дирекцијата. Во законот, таксативно стои дека Владата формира Дирекција за стопанисување со економските слободни зони. Таа дирекција, колку што сум информиран, до денеска не е формирана.

Мислам дека овие наши укажувања треба да се сфатат во позитивна конотација дека навистина, правиме напори овој закон да живне, односно да ги даде очекуваните резултати, а не да носиме закони, а да немаме никакви резултати.

По мене е многу важен овој закон и јас би го поддржал, со оглед дека и во овие мали измени, што се предлагаат, се предлагаат дополнителни стимулативни мерки, за да извлечеме некој странски капитал за реализација на овие економски зони. Од тој аспект, за мене овој закон е прифатлив и мислам дека ние ваква расправа треба да водиме и веројатно ќе водиме, кога ќе изготви Владата, а Комисијата му предлага на Собранието, Собранието претпоставувам дека ќе го прифати работниот заклучок на Комисијата за стопанство и развој, Владата во најкраток рок да изготви информација за проблемите и состојбите, околу спроведувањето и реализацијата на овој закон, односно на законот за слободни економски зони. Тогаш Владата ќе биде принудена да каже кои се тие проблеми конкретно, во едната и во другата економска зона и за некои што ги ветуваат дека ќе ги градат, но до денеска, такви измени нема така што ние како пратеници мислам дека ќе имаме време и можност повеќе да кажеме за сите наши забелешки, околу не спроведувањето, односно не давањето резултати од овој закон, а се надевам дека Владата до тогаш ќе може да ја формира оваа дирекција.

Меѓутоа, ние можеме да дискутираме многу и да критикуваме, но јас не би бил за едно такво решение. Јас би бил да ги прифатиме овие 0,3%. Доколку е овој процент проблем за реализација, да го прифатиме со двете раце.

Јас ќе гласам за, но мислам дека тука не е проблемот, проблемот е по крупен, по тежок и веројатно во информацијата што ја бараме и инсистираме Собранието да го прифати тој заклучок, Владата пред нас да излезе со една информација за Законот за слободни економски зони и тогаш во таа прилика да имаме можност да се искажеме по целосно и по компетентно за сите проблеми, кои се предизвикани со не почитувањето, односно со не реализирањето и не оживувањето на еден ваков закон.

Само толку сакав да укажам и во интерес на времето мислам дека треба да поминеме кон привршување на овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Илјаз Сабриу.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 49 за, воздржани 3 и 15 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Јас мислам дека треба уште еднаш да гласаме, односно да го повториме гласањето, затоа што во салата имаме повеќе од 70 пратеници, а не само 60.

Ве молам уште еднаш да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 52 за, 7 воздржани и 9 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 став 1 во уводната реченица има точка 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е

составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе од причини, кои не знам дали ви се познати вас, меѓутоа и од причини кои, ја повикувам Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ малку да внимаваат на држењето на кворумот и на однесувањето на пратениците од нивната група, кон Пратеничката група на СДСМ, затоа што јас како координатор сум на границата на одлуката да побарам мојата група да ја напушти седницата и ќе ви се створат проблеми со кворумот, кој ние ви го држиме, а пратеници од ВМРО-ДПМНЕ недолично се однесуваат кон нас. Не само што иритираат, туку и омаловажуваат на начинот, на кој ни кажуваат дека ние треба да држиме кворум, а они само да гласаат.

Ви ова не го видовте, знам дека не го видовте, меѓутоа ја повикувам Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ малку да размисли, зашто можеме да ја напуштиме седницата и да останете без кворум.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас мислам дека треба да бидеме внимателни сите во интерес на функционирањето на Собранието.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои 62 за, 4 воздржани и 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони.

По повод донесувањето на Законот, Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието да го усвои следниот заклучок.

Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието на Република Македонија, да му достави Информација за проблемите и состојбите околу примената на Законот за слободни економски зони.

Начинот со кој тие проблеми би се решавале и потребата за навремено информирање околу состојбите и плановите за слободните економски зони до крајот на годината.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеника, од кои 68 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа, по Договорот за заем по проектот за изградба на станови, кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, би сакал да го изразам своето големо задоволство, затоа што денеска на дневен ред се наоѓа точка за усвојување на Закон за задолжување на Република Македонија при Банката за социјален развој, која што до неодамна се викаше Фонд за социјален развој при Советот на Европа.

Моето задоволство е дотолку поголемо што оваа иницијатива јас како шеф на македонската делегација, при првото настапување во Советот на Европа пред година ипол, во јануари 1999 година ја иницирав потпомогнат со некои идеи во одреден дел од службите што работат во Собранието, како и од службите во Министерството за надворешни работи, кои ја истакнаа како можност доколку се заложиме една ваква работа да биде прифатена и да се добијат средства за изградба на социјални станови.

Значи, иницијативата беше пред година ипол, меѓутоа до нејзиното финализирање беше потребна енормна енергија од страна на Министерството за градежништво и урбанизам, бидејќи не се работи само за изразување на желба и на можност, туку се работи за прибирање на голем број на документи за аплицирање, за дефинирање на проекти, кои што потоа треба да се бранат пред банкарите, кои од

страна на Советот на Европа треба да ги дадат тие средства. Таквата работа во Министерството за урбанизам и градежништво беше направена и некаде во септември месец, министерот за градежништво и урбанизам го потпиша договорот со Фондот за социјален развој, односно во меѓувреме Банката за социјален развој.

Меѓутоа на кој начин оди динамиката на собирање на овие средства многу е карактеристичен, затоа што во конкретниот случај овој фонд дава 30 милиони германски марки, односно 15 милиони евра се дадени, меѓутоа не е работата вие да ги земете парите, а потоа можеби ќе ги потрошите за нешто друго, или воопшто нема да изградите ниту еден социјален стан. Стилот на работа на оваа банка е многу конкретен. Ви го дава кредитот под нај поволни можни услови, со либер камати, меѓутоа за секоја изградба на секоја зграда, на секое парче што ќе го градите, што е дел од тоа каматно влечење, мора вие за секое конкретно нешто да понудите проект архитектонски, идеен, комплетно завршен проект, кој кога ќе го видат дека така сте го направиле добивате за таа зграда пари, или за одреден блок на згради. За друг дел тогаш добивате пари за следното. Буквално сакаат контрола да има на парите што ги даваат и заради таа работа, оваа иницијатива е дотолку повеќе за поздравување, бидејќи во меѓувреме, на априлската сесија имав средба со еден од директорите на оваа банка, во која што господинот изрази големо задоволство, бидејќи во меѓувреме Министерството за градежништво и урбанизам го завршило и другиот дел од работата. Односно објавиле јавен конкурс за идејно архитектонско решение.

Врз основа на тие решенија, пари за изградба на тие згради што веќе се завршени како проекти ќе бидат доделени. Неговото задоволство беше уште поголемо, бидејќи кажа дека ова е на некој начин пилот проект и доколку продолжите вака за конкретни блокови, згради, станбени проекти нудите конкретни архитектонски и градежни решенија, Банката и Фондот за развој се спремни и понатаму, значи не само овој кредит, туку да размислат и да ни дадат следна тура на кредит, кој што до некаде би ја ублажил тешката состојба на семејствата кои што се социјални случаи во Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Данило Глигоровски.

Има збор господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија во поранешниот Социјален совет при Советот на Европа, сегашна Банка за развој при Советот на Европа, од причини што и беа делумно искажани, затоа што ќе се решат одреден број на барања на така тешката економска и социјална состојба на граѓаните на Република Македонија.

Со овој проект ќе се изградат околу 800 станбени единици. Иако Пратеничката група и СДСМ во основа е против задолжување на Република Македонија, во овој случај Предлогот на законот ќе го поддржиме, бидејќи иако не се работи за развој на производството и економскиот развој на Република Македонија, беше познато дека ние бевме против задолжувањето за набавка на возила, авиони и сличната опрема. Но, јас лично не би се изразил со толку голем ентузијазам за ангажирањето на Министерството за остварувањето на тоа право. Овие кредити се нормални при Советот на Европа и досега ги користеа развиените земји, како што се Германија, Франција и слично и укажувањата од страна на претходниот дискутант дека требало...., тоа е нај обична банкарска работа, како секоја банка што работи. Ова е конкретен проект во кој има конкретни задолженија на Република Македонија и на Банката при Советот на Европа и јасни се условите.

Би истакнал дека условите се добри во однос на грејс периодот, кој е пет години и 15 години исплаќање и камата. Но, мора да укажеме дека овој кредит се дава за конкретен проект, за изградба на 800 станови за социјални случаи или лица, граѓани со ниски приходи, но 50% од средствата треба да ги обезбеди Република Македонија, а 50% кредиторот. Тоа е во ред, бидејќи Република Македонија ќе ги обезбеди преку локации, инфраструктура и сл.

Тоа е оној прв дел што го поддржуваме и бидејќи ова е дел од концептот на Владата на Република Македонија за изградба на 10 илјади станови за социјални случаи или за лица со ниски лични примања и млади брачни парови, иако треба да истакнеме дека, не

се работи овде за станови кои ќе бидат предмет на продажба. Овие станови ќе бидат издавани на наведените лица под закуп, односно согласно правилата за издавање на користење на овие лица.

Тука би сакал да истакнам дека, Владата на Република Македонија со оваа програма и со досегашната активност, сведоци сме на последните објавувања на вакви станови, иако Владата на Република Македонија укажуваше дека, тие станови кои ги гради ќе бидат евтини, ќе бидат за социјални случаи, тоа не се оствари. Ние сме сведоци дека тие станови сега се нудат на пазарот на Република Македонија од 800 - 900 до 1000 - 1100 германски марки. При оваа дискусија би сакал да укажам дека, Владата при изградбата на овие станови, кои се со кредит и со посебен проект би требало да ги предвиди критериумите што помалку да чинат во делот на градежниот дел, како би можеле да ги користат поголем број на граѓани. Тоа е оној дел во кој Владата на Република Македонија се вклучи дека може да интервенира.

Многу важен и битен дел е другиот дел, како ќе се доделуваат овие станови и кој ќе ги доделува. Во расправата и на работните тела на Парламентот, а особено на Законодавно – правната комисија и Комисијата за труд и социјална политика се отвори интересна расправа, бидејќи нај важниот дел е кој ќе ги користи, кој ќе биде крајниот корисник во однос на критериумите.

Мислам дека е добро решението и претставникот на Владата треба да го прифати амандманот, овие станови да ги доделува посебна комисија која ќе биде формирана од Владата на Република Македонија, но критериумите за доделување да ги изработи со посебен правилник Владата на Република Македонија, за да не се концентрираат на исто место и критериумите и доделувањето. Мислам дека тој амандман е прифатен и би можел да издржи во тој дел на законот.

Исто така во критериумите кои се предлагаат, особено во образложението на законот, имаме два вида на критериуми кои се фиксни, одредени корисници да исполнуваат одредени услови, односно материјалната сфера и да немаат стан. Во Комисијата за труд и социјална политика се инсистираше на поголема јавност и поголемо вклучување на социјалните случаи, кои би можеле да ги користат овие станови, со тоа што особено битно е имплементирањето на овој закон или на овој проект. Едногласно во Комисијата за труд и социјална политика се прифати еден амандман, кој би сакал сега како известител од тој дел да се вклучам, на Собранието да му укаже да го прифати амандманот, во кој во имплементацијата на овој закон покрај Министерството за урбанизам, да биде вклучено и Министерството за труд и социјална политика, бидејќи Министерството за урбанизам би го спроведувало оној дел што зборуваше претходниот дискутант, од обезбедување локации, поевтина изградба и слично, а додека имплементирањето од страна на Министерството за труд и социјална политика е кој ќе ги користи.

Во последно време сме сведоци на доделувањето на овие станови, особено досегашната изградба на одредени бараки. Врз основа на средствата за јавно информирање, гледаме што се случува, особено меѓу единиците на локалната самоуправа и Министерството за урбанизам. Би требало да имаме чисти и јасни критериуми и овие станови да ги добиваат оние корисници кои ги исполнуваат условите, без никакви претходни услови по политичка основа, политичко убедување и слично, бидејќи барем во економската или социјалната сфера, кај овие корисници не би требало да правиме разлики во однос на деградација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски за поддршката, во име на пратеничката група на СДСМ, што му ја дава на овој закон.

Реплика за г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Во вид на реплика за некои реченици од претходниот дискутант, би сакал да појаснам или да искажам поинакво мислење.

Прво би сакал да го потенцирам фактот дека овие средства навистина се во висина од околу 30 милиони марки, што ги земаме од Советот на Европа. Меѓутоа, тие во принципите на Советот на Европа се 50% нивни средства, 50% Буџетот на Владата на Република Македонија ќе треба да учествува во изградбата.

Второ се кажа дека нормално било, тоа е банкарски кредит, нормално било да се земе и така сме го добиле. Потполно не е точно тоа, бидејќи ако бил така нормално да се земе, зошто Вие така нормално не го зедовте или не инициравте некаква иницијатива за да го земете на времето, па

да ублажите една ваква работа уште пред 5 - 6 години. Не е така баш едноставно. Покрај тоа што банкарите можеби се спремни, треба да се покаже една политичка волја, некоја политичка доблест, за да се мисли, на пример за оваа категорија на граѓани.

Исто така се искажа и едно мислење дека, еве сега сведоци сме на тоа дека некои станови се доделуваат, ама нешто не било правилно. И тоа не е точно. 97 станови, сега пред извесно време во "Нова Македонија" имаше оглас. Значи за 97 станови има изготвено список во меѓу време список Министерството за труд и социјална политика, кое ги доставува до Министерството за градежништво и урбанизам и во тие списоци се и по тие списоци се доделуваат, така да не треба да ја доведуваме во заблуда јавноста дека, нешто сомнително се прави и кој знае кој како ги добива тие станови. Има список Министерството за труд и социјална политика, список за социјални случаи во РМ и според тие списоци се правело, а и понатаму ќе се прави приоритет.

Инаку, што се однесува до тоа кој да ги изготви критериумите, тука имам позитивно мислење и го поддржувам ставот дека Владата треба да изготви критериуми, а потоа Комисијата која ќе работи, да работи по тие критериуми. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Прво би сакал да истакнам едно свое мислење, зошто во секоја дискусија на пратениците, кои сакаат да го доизградат секој закон, се бара некаква позадина, се сомнева во нешто. Барем јас тоа најмалку сум го барал и не знам колегата како тоа го виде. Јас укажав на некои работи и сега ќе се обидам да ги појаснам.

И претходно Република Македонија се задолжила и се задолжувала кај социјалниот совет при Советот на Европа, тоа не е прв пат. И би истакнал, доколку не беше г-динот Данило Глигоровски, сигурно РМ немаше да го користи тој кредит. Ни Данило Глигоровски, ни Љупчо Георгиевски, па ни Бранко Црвенковски не не претставуваат. И да не беше Данило Глигоровски овој кредит ќе го користеше РМ, доколку имаме план, имаме иницијатива, а не да ни иницираат службите од Собрание. Знаете сите тие проекти пред Советот на Европа и пред Европската банка за инвестиционен развој се јави, отворени за сите држави кои членуваат и нашите претставници таму се делегирани или упатени да ги бараат тие средства. Мене ми сметаше пренагласеното прејудицирање од г-динот Данило Глигоровски, дека тој па Министерството... па Министерството за урбанизам господа пратеници ќе изработи проекти, побара по евтини државни локации во РМ и тоа ќе ја заврши таа секојдневна работа, во која ги извршуваат секојдневните задачи.

Трето, општо е познато во РМ дека социјалните станови кои се градат и кои се изградени се превисоки. Самите претставници на Министерството и самата Влада укажува и во последните тенденции дека треба да се бара од проектна документација, до изведбени материјали, до стандардите во градежништвото, да градиме по евтини станови, со тоа што би граделе повеќе станбени единици, да решаваме прашања на поголем број граѓани во РМ, кои сакаат да го решат своето елементарно право, елементарното започнување на живот на младите брачни парови, а тоа е да го имаат решено станбеното прашање. Тоа е општо познато. Не може да е градат социјални станови по илјада и илјада и сто марки. Мораме сите заеднички да ги најдеме тие станови, да ги средиме на пониски цени, на ниво на социјални станови за да можат да ги купуваат граѓаните со своите лични примања.

Четврто, многу се битни критериумите на кого ќе се доделуваат и нај отворено укажав дека не би требало да се користат одредени критериуми подруги основи. Сведоци сме, читавме од печатот за поделбата на бараките во Прилеп и во другите градови. Ние треба да имаме јавност и да имаме јасни критериуми.

Доколку имаме јасни критериуми тогаш не би имале никаков проблем, оној граѓанин кој ги исполнува условите или млад брачен пар ќе го добие станот. Тоа беа моите укажувања во доизградба и поддршка на законот. Ние и понатаму да продолжиме да ги користиме овие кредити и на г-динот Глигоровски би му советувал да не ги слуша иницијативите од службите, па да оди таму каде што е претставник од РМ, туку да се труди и доследно да ја претставува РМ и да носи такви кредити, но не тој лично. Ова е заслуга на целокупната Република Македонија, она што таа го правела и го прави. А од типот Вие направивте, ние не направивме, Македонија никаде нема да заврши.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јавува повторно г-динот Данило Глигоровски.

Би ве замолил во интерес на времето да бидете што пократки.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Би реагирал само на една работа што не е точна. Тоа треба да го знаете Македонија и порано се задолжувала, добивала од Советот на Европа, од Фондот за социјален развој кредити. Тоа не е точно. Прв пат Македонија минатата година доби прво 10 милиони марки за развој на мали и средни претпријатија и втор пат исто така минатата година во септември месец доби 30 милиони марки за изградба на социјални станови. Порано од Фондот за социјален развој, не сме добиле ништо. Од Советот на Европа на времето добивме мониторинг. Друго ништо не сме добиле.

А што се однесува до една друга работа, не треба да ја збунувате македонската јавност дека, социјалните станови ќе бидат по илјада марки. Не. Социјалните станови ќе бидат доделувани на користење. Нема да бидат по илјада марки.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Г-динот Александар Гештаковски, повторно се јавува за збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Не знам г-динот Глигоровски што подразбира под тоа порано. Ако го мери периодот пред нашата ера, по нашата ера, од ВМРО и од СДСМ, тоа би можело така да се сфати, порано, минатата година. Јас укажав дека користевме средства за развој на мали и средни претпријатија од Советот на Европа, од Социјалниот фонд за развој. Г-динот Глигоровски сигурно ќе не претставува, јас го кажав тој дел и не треба тој мене да ми укажува дека нема овие станови да бидат за продажба.

Точно нема да се за продажба, овие станови ќе се издаваат под наем, како што кажав и укажуваме дека субвенционирање на станарината на тие корисници треба да биде повеќе од 20%, од тоа што Владата на РМ предвидува да ги доделува.

Инаку овој проект, би морал и тоа да го кажам е дел, во членот 2 од Законот вели е дел од проектот за изградба на 10 илјади станови на Владата на Република Македонија, за граѓани со ниски лични примања и млади брачни парови. Владата на РМ и во дискусиите и во својата работа немаше никаква потреба да го поврзува овој проект, кој е самостоен со тој проект. И мора тука да укажам која е целта.

Овие станови Владата на РМ, како 800 станбени единици сака да ги вметне во тој проект, за да го достигне износот од 10 илјади станови. Само тоа беше не јасно.

Затоа г-динот Данило Глигоровски зборува за становите, кои сега се градат во Македонија, станови за социјални случаи, да бидат по евтини, за да бидат изградени повеќе станбени единици.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседателе, јас би сакал да кажам неколку збора во врска со овој Предлог на закон.

Мислам дека не би требало да се водиме по она дека, секој пратеник кој прв пат доаѓа во ова Собрание, дека од него треба да почне историјата на оваа држава, или прв пат слушаме за некои такви фондови.

Јас сакам да кажам дека, од овој фонд и порано се повлечени пари и за отпремнини и за покривање на социјалните програми на Република Македонија, така да овие 10 години Македонија скоро од сите финансиски институции користи средства, а веројатно секојдневно тоа ќе се проширува и тоа е добро и нормално. Мораме така да ги гледаме овие работи и не треба барем на овие социјални закони да им даваме толку политика, да губат после од вредноста на она за што се наменети.

За мене е прифатлив овој закон и ние ќе го поддржиме како Пратеничка група, со оглед на тоа што Владата се обидува да ги ублажи проблемите во областа на социјалната сфера, посебно во социјалната политика, имајќи предвид дека денес во Македонија има некаде 65 до 70 илјади семејства, корисници на социјална помош. Тоа помножено по 5 члена, некаде е 300 до 350 илјади жители на оваа држава, кои живеат од социјална помош.

Од тие причини мислам дека тоа е добар потег на Владата да се задолжува и покрај тоа што е задолжување од над 30 милиони марки, добро е, бидејќи прави некои напори околу обезбедување со станови на млади брачни парови и на лица со ниски примања.

Затоа мислам дека решенијата тука се добри и не би сакал многу да се задржувам, бидејќи претходните дискутанти кажаа, ние водевме и по опширна расправа и во комисиите. На Комисија не добивме

одговор, и не знам дали ќе може да дадеме, односно да добиеме одговор за територијалната разместеност на овие станови, врз основа на кои критериуми се избрани тие градови каде треба да се 800 стана и оние другите после 2500 односно 3 иљади. Дали има некои критериуми и дали е водено сметка за една правилна разместеност на граѓаните кои се социјални случаеви ,односно кои се корисници на социјална помош.

Моите информации упатуваат на тоа дека, можеби тоа може да биде и погрешно сфатено и толкувано, во западниот дел или во централно западниот дел на Македонија, е најмногу присутен бројот на корисници на социјална помош, односно знаеме таму какво е и стопанството, знаеме какви и колку објекти има.

Затоа мислам дека треба да се преиспитаат тие критериуми за овие градови што се избрани за изградба на станови, односно за користење на овој кредит.

Мислам дека претставникот на Владата, ќе каже нешто во врска со тоа дека, имам некои реални и објективни критериуми, врз основа на определување на овие општини и тука се наведени.

Исто така беше изнесено, а јас само би го поддржал тоа, има и амандман од Комисијата за труд, во Комисијата за буџет и финансии, јас поднесов таков амандман, не бев подржан односно не се прифати, со оглед на тоа што се работи за лице со ниски приходи и за млади брачни парови, ова е исклучиво во надлежност во Министерството за труд и социјална политика. Министерството за урбанизам има надлежност во изградба на тие станови. Но, штом тоа ќе се заврши, доделувањето и вклучувањето на ова Министерство, Министерството за труд, е неопходно, бидејќи тоа располага со податоци соодветни за тоа каде и кои луѓе се со ниски примања и кои луѓе имаат потреба да бидат корисници на социјална помош.

Од тие причини очекувам дека Собранието ќе го прифати амандманот и Министерството за труд и социјална политика да биде носител на овој проект, а не само Министерството за урбанизам преку Дирекцијата, односно Фондот за станбен и деловен простор, како таму стои.

Второ она што беше за критериумите, односно на Комисијата, во член 2, јас имам предлог, доколку тоа се прифати, мислам добри се укажувањата на комисиите дека, не може критериумите да ги утврдува самата Комисијата, туку критериумите од Комисијата треба да ги утврдува Владата, во крајна инстанца и Собранието, бидејќи ние сме тие кои ја задолжуваме оваа држава, ги задолжуваме младите генерации, врз основа на солидарност да ги вратат парите после 10 или 15 години, на оние лица кои ќе ги користат тие станови. Добро е ние да имаме и контрола како тие станови ќе се доделат, да нема после озборувања дека правилно, не правилно се поделени, вакви или онакви критериуми, бидејќи овие критериуми што се тука во образложението, мислам дека се недоволни за утврдување и за доделување на вакви важни станови, бидејќи тоа е важно прашање.

На крај, со оглед на тоа што и Владата е обврзана да даде 15 милиони евра, а тоа се 30 милиони марки, веројатно она нема пари тоа да го прави, тоа ќе го прави, како што стои во односно обезбедување на локации, ослободување од такси на не изградено земјиште. Мислам дека овие станови и очекувам, дека ќе бидат по евтини од овие економски цени што денес ги има во Македонија, кои по мене се и те како високи. Тие се не реални, иако некој се правда за тоа, но 1200, 1300 или 1500 марки по метар квадратен денес во Скопје или во внатрешноста на РМ, врз основа на сите критериуми за мене е многу висока цена и не знам кој може односно многу мал број на граѓани тоа можат да го поднесат.

Затоа се надевам и го поддржувам законот со надеж дека, овие станови ќе бидат многу по евтини и оваа категорија со ниски приходи и млади брачни парови, ќе можат да ги користат и на некој начин да им ги олесниме нивните животни проблеми и потешкотии што ги имаат.

Еве со тоа би завршил, а после кога ќе има и конкретна расправа по амандманите, ќе се произнесеме.

За нас е прифатлив и подржан овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Илјаз Сабриу.

Има реплика г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Повторно и кај претходниот дискутант истата таа дилема или истото тоа тврдење дека, Македонија и порано користела социјални кредити за намалување на социјалните тензии од Советот на Европа. Можеби користела од други места,

но од Советот на Европа дефинитивно не користела. Немојте да ги мешате работите. Еве ќе ви кажам еден факт зошто тоа не е така.

На крајот на 1998 година добивме опомена од Советот на Европа во која стоеше јасно и децидно вие како Македонија не сте ја платиле членарината за членување во Советот на Европа. како таква Вие не можете да влечете ниту кредити, ниту било какви работи. Тоа е факт кој што го имаат во Министерството за финансии и во Министерството за надворешни работи.

Значи да не ги мешаме работите и порано од Советот на Европа сме земале средства. Тоа не е точно. Од други места можеби сте земале, од Советот на Европа не сте земале, бидејќи ние ја немавме платено членарината од приемот па до 1998 година.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика има г-динот Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Јас најмалку сакам да реплицирам на некому, исто така и на претходниот мој ценет колега професор, не сакам да му реплицирам, само да му кажам дека јас реков, не почнува од нас кои прв пат влегуваме во ова Собрание, создавањето на оваа држава. Ова е многу постара држава од сите нас што тука сме присутни.

Дали се тоа средства од Банката за социјален развој, дали е тоа Фонд за социјален развој, дали сме ги платиле долговите на Македонија кон светските институции, асоцијации, сеедно. Јас тврдам дека и ден денес ние многу должиме, почнувајќи од ОН, па завршувајќи со Светската организација на трудот во Женева, каде должиме толку пари. Тоа не значи дека некој нас нешто ни кажал дека, не сме ги платиле долговите и дека ние сме немале право да користиме вакви или такви средства. Но, тоа е тоа и мислам дека не би требало да се реплицира, бидејќи уште по одамна некои работи се канализирани.

Впрочем ние сме 10 години независна Македонска држава. Можеби пред тоа користевме преку Југославија, но од тогаш користиме како независна и демократска Македонија, која сама ги користи тие средства од тие наши и светски институции. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и Вам.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се вратиме на задачата што ја имаме г-дине потпретседателе.

Јас ќе зборувам само за нашиот став кон овој закон. Го разгледавме овој закон и сметаме дека е добро да се земе овој кредит и е направена добра работа што се заклучил договорот и треба да го донесеме овој закон. Овој закон сега вака како што е даден, мислам дека прашањата кои се однесуваат како ние ракуваме со социјалната помош и кое Министерство треба да управува со неа, тоа со други акти е решено и сигурно има и други станови, социјални станови, кои исто така треба да си одат преку министерството. Меѓутоа, ние како Пратеничка група на Либералната партија го прифаќаме овој закон и исто така сакам да ве известам дека и Комисијата за монетарна политика и банкарство, го поддржа донесувањето на овој закон.

Предлагам да го донесеме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Андов Стојан.

Збор има господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Најпрво, сакам да кажам дека има господинот Глигоровски една непријатна Сизискова задача, да покаже што е по старо, јајцата или кокошката. Таа Хамлетијанска дилема ќе му ја разрешам јас уште сега.

Тој е во заблуда кога тврди дека нема користено Македонија ваков кредит, зашто точно е токму тврдењето на претходните дискутанти. Тој е во заблуда од причина што досега оваа Банка за развој при Советот на Европа се викаше Фонд за социјален развој. Ние од тој Фонд сме користеле кредит во висина од 12.000.000 долари. Како што беше истакнато и од претходниот дискутант за исплата на отпремнини. Но не е нај битно тоа. Битно е што сега пред нас имаме Предлог на закон, со кој треба да се склучи договор за користење на средства во висина од 15 милиони евра, за еден конкретен проект. Беше кажано и претходно дека нашата Пратеничка група ќе го поддржи овој предлог и овој Проект, зашто цениме дека намената за користење на овие средства, навистина, е оправдана и погодена. Тоа е прво.

Второ, ова е меѓу ретките кредити кој ќе биде мониториран, односно набљудуван до крајот на спроведувањето на

истиот од страна на кредиторот, односно од страна на Европската банка за развој при Советот на Европа. И, тоа е една гаранција плус, дека средствата ќе бидат наменети, односно наменски искористени.

Што се однесува конкретно до содржината на законот, го делам мислењето со дискутантите кои ги отворија дилемите по однос на соработката помеѓу Министерството за урбанизам и Министерството за труд и социјална политика, од причини што самиот наслов на кредитот гласи: Изградба на станови за лица со ниски приходи. Неминовно тука треба да се вклучи ресорот надлежен за социјална заштита, односно кој се грижи за стандардот на граѓаните со ниски приходи. Тоа е прво.

Второ, во Законот за домување постои одредба која го регулира прашањето на социјалните станови и која исто така упатува на соработка меѓу Министерството за градежништво, во рамките на тоа кое треба да постои Фонд за станови и Министерството за труд и социјална политика во распределбата на тој Фонд на социјални станови, кој според тој закон треба да изнесува во висина од 30% од вкупниот број на социјални станови.

Трето, ценам дека исто така, во право секогаш се покренува дилемата од страна на пратениците околу двојното својство на Комисијата, која се предлага со законот за утврдување на критериумите и распределбата на становите. Тоа двојно својство на ист орган, односно исто тело треба да се елиминира со можноста, една комисија да ги утврдува условите, а друг да ја спроведува постапката за доделување. И, тука имаше конкретен предлог, односно амандман во таа смисла, како што има и амандман по однос на членот 8, ако не грешам, кој ќе упатува на соработка помеѓу Министерството за урбанизам и Министерството за труд и социјална политика, при спроведување на постапката за распределба на становите.

Четврто, што ценам дека треба да се истакне е фактот Владата со посебните акти, кои треба да ги донесе за спроведување на овој Проект е прашањето на висината на закупнината, која имајќи ја предвид карактерот на овој Проект и становите кои ќе се градат, треба да се чинат напори висината на закупнината треба да биде што помала, за да не испадне по некои критериуми таа да изнесува како и економската и за да не може да се користи од страна на лицата кои навистина, имаат ниски приходи.

Конечно, без оглед што не се услови утврдени со Закон критериумите за користење на ваквите станови, овие критериуми кои ги истакнува предлагачот во образложението на законот, ценам дека се недоволни, па дури во одделни сегменти се неприфатливи. Од причина што од една страна упатува на користење од страна на лицата со ниски приходи, а од друга страна утврдува една друга категорија млади брачни парови. Вие можете да имате млади брачни парови со далеку поголеми примања, а со самиот факт што се со таков статус да можат да го користат ова право, што ценам дека не е целисходно.

Оттука, во делот на критериумите кои ќе ги утврди таа посебна Комисија, што ќе биде утврдена од страна на Владата, треба исклучиво да се раководи по критериумите од Законот за социјална заштита и во соработка со надлежното министерство.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Насер Зибери.

За збор се јави господинот пратеник Гошев Петар.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ви благодарам господине потпретседателе. Има многу поголеми махери за земање кредити од господин Данило Глигоровски, инаку мој мошне симпатичен колега.

Легендарниот Јосип Броз и неговото уважено друштво, земаше многу повеќе кредити од Исток и од Запад, но секогаш не треба да бидеме егзалтирани и да славиме успеси кога земаме кредити и продаваме фирми, затоа што земањето на кредити априори значи трошење на иден доход на идна потрошувачка однапред. Значи, тоа генерално околу егзалтациите, не само од господин Данило Глигоровски и од сите други што во Македонија се фалат со успеси, кога ја задолжуваат сопствената држава, без оглед на намените на тие кредити.

Меѓутоа, генерално, конкретно во врска со овој закон, јас ќе гласам за овој закон, ќе го поддржам од следните најмалку три причини.

Првата е, затоа што се работи за закон што зема кредит за станбена изградба, а стимулирањето за станбена изградба, познато е дека може да влијае и влијае многу повеќе отколку кредити за нешто друго за поттикнување на вкупната стопанска активност. Тоа е едната причина,

бидејќи се работи за таков конкретен проект.

Второ, затоа што тој кредит е наменет за станови за социјално загрозени лица. Во Македонија има многу загрозени лица и добро е да се покаже таква солидарност социјална кон таквите лица.

Третата причина, што овој кредит може да спадне во групата на релативно поволни кредити, иако ние не знаеме, се разбира, од таму колкава е каматната стапка, барем јас не можев да прочитам, но се чини нема да биде таа висока во грејс периодот и периодот на амортизација на долгот е поголем. Значи, барем тие три причини, јас ќе гласам за овој закон.

Меѓутоа, сакам уште еднаш да укажам дека ние треба да се замислиме генерално, кога во Собранието носиме континуирано одлуки за земање на кредити, без оглед дали спаѓаат во групата на поволни, помалку поволни кредити. Сакам денеска да кажам дека во наредниот период, нема да гласам за задолжување на државата, се дотогаш додека не се донесе стратегија за задолжување на земјата, а ќе ве потсетам дека во Одлуката за девизната и кредитната политика што ја усвои ова Собрание, има обврска Собранието оваа година да донесе стратегија, да усвои за задолжување на земјата, бидејќи без таа стратегија ние навистина можеме да правиме големи грешки, можеме да претеруваме во задолжувањето на земјата и во трошењето на она што не сме го создале однапред. Бидејќи, таму пишува оваа година, а оваа година веќе е месец мај, уште малку половината изминува, така што се чини ни оваа година, како што стојат работите, Владата нема да предложи ние да усвоиме стратегија за задолжување на земјата.

Уште еднаш потсетувам дека тоа прашање треба да биде ставено на дневен ред. Други опасности постојат, оваа инаку благородна идеја, солидарно да им се помогне на луѓе со изградба на ваков вид на станови, да се направи карикатура, пародија од начинот на доделувањето, критериумите и т.н., а тие не се добри во овој закон.

Знаете, кога се земаат кредити, мора да се води сметка најмалку за три работи. Да повторам, за можноста да се отплаќаат тие кредити. Тоа не може да се проценува ако нема добра анализа, ако нема стратегија за задолжување.

Второ, ефектите ако однапред не бидат добро пресметани и согледани од тие кредити, во случајот намената јас ја поддржувам, се разбира.

Трето, ние мораме да водиме сметка за фер однос кон идните генерации. А, фер однос кон идните генерации е должна да води секоја претходна, секоја сегашна генерација, затоа што задолжувањето што го правиме сега треба да го враќаат некои идни генерации. И, тоа пак не враќа на прашањето за стратегијата, но сите овие сега забелешки што ги ставам во овој момент, да речеме ги ставам во втор план, а од оние другите три, четири причини, повторувам дека ќе го поддржам овој закон. Но, ниту за еден друг нареден закон без усвоена стратегија за задолжување на земјата нема да гласам. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Гошев Петар.

Има збор господинот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Ви благодарам господине потпретседателе, дами и господа пратеници, јас сакав да се вклучам во оваа општа дебата за донесувањето на овој закон и нормално свесен сум дека досега се искажаа многу аргументи, каде што надвладуваат тие позитивните и јас исто така мислам дека овој закон треба да се подржи, поради тоа што сепак дава надеж дека некој, нарочно тие социјално загрозените семејства и младите брачни парови можат да најдат утеха и да се надеваат на едно решавање на еден нивен голем проблем.

Овде се искажаа дилемите и алтернативите во врска со подоброто операционализирање во врска со овој закон, затоа што јас ги поддржувам сите мои претходни дискутанти, но воедно сакав и да изнесам едно мое размислување во еден друг правец, кој што мислам дека во општата расправа има и место.

Факт е дека, и во самото образложение на законот вели дека, потреба за донесување на ваков закон и на едно вакво задолжување на Република Македонија, спрема странските инвестиции, односно инвестициони институции, е и самиот факт што имаат некаде 80.000 барања за решавање на станбеното прашање. На мојата дискусија јас сакам да и дадам една друга димензија, која што мислам дека ќе биде не разрешена со овој закон, туку за Владата за можност за размислувања на некои други слични проекти, кои ценам дека се многу важни за рамномерниот развој и рамноправноста на

сите тие кои што можат да бидат и се социјални случаи и се во иста позиција во Република Македонија.

Имено, се работи за тоа што јас претпоставувам дека сите овие 80.000 барања, не можат да бидат сите од градови, кои што се овде на другата страница со име и за што имам конкретна забелешка, каде што вели за Скопје, Битола, Прилеп, Гостивар, Гевгелија, Струмица, Велес, Штип, Кичево и Делчево. Веројатно, такви потреби имаат и другите градови без разлика, а во никоја од овде споменати градови не се гледа дека се спомнува некое рурално подрачје, некоја општина која што е од таков тип, така што мислам дека тие социјални случаи, тие граѓани кои што потекнуваат од исто таков слој, сметам дека со овој закон ако сакаат да го исползуваат, тоа ќе значи дека ќе треба да си го променат своето место на живеење, можат да си ја променат својата професија, да си заминат од местото каде што живеат и со тоа веројатно ќе нанесеме и други проблеми, кои се од социолошки, развојни, миграциони, па и од демографски аспект, не значи дека ќе поминат така без некој ефект.

Затоа, предлагам на Владата, свесен дека со овој закон тоа веќе не е можно да се решава, туку такви погодности, такви кредити кој што одат во функција на решавање на такви проблеми, во иднина да планираат и за давање на поволни кредити за заинтересирани и во рурални подрачја, каде што мислам дека има заинтересирани. Затоа што, ако некој нема стан во град, а некој во село живее, да речеме, пет браќа во една куќа, не значи дека си го решил своето станбено прашање.

Затоа, за порамномерна политика и во однос на становањето, во однос на развојот на државата, во однос на миграционите процеси, да не ни останууваат и селата празни и т.н., јас мислам дека ист таков проект, треба Владата да размислува за стимулација и помагање на тие слоеви, исто од социјален аспект гледано да се помагаат и кога се во руралните единици. Затоа што, со овој закон гледам дека тие ќе бидат обесправени и оневозможени да користат такви погодности. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Азис Положани.

За збор се јави господинот пратеник Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас навистина ќе имам кратка дискусија, со оглед дека последните неколку пратеници од опозицијата, го изразија во основа и мислењето, кое сакав да го искажам.

Меѓутоа и покрај тоа би сакал многу децидно да го искажам моето мислење по законот, кој Гештаковски во име на Пратеничката група го кажа нашиот однос како на Пратеничка група. Сепак, во членовите 2 ставот 2, во членот 4 ставот 2 и членот 5 од Законот се се уште одредби, кои го оптоваруваат законот и кои треба да се променат во насоката на која се поднесуваат амандмани или во насоката која се дискутира, за да биде подобар законот. Затоа што, одредбите во членовите 2 став 2, 4 не дефинирана, јас дури не знам дали и законски е дозволиво Република Македонија да носи закон, со кој се задолжува без да ги утврди условите за задолжување, кои не често подразбираат рокови на отплата и каматни стапки. Во член 4 став 2, каматната стапка не е утврдена, а ние го носиме законот. Во член 2 став 2, надлежностите на Комисијата и Владата се не доволно објаснети и во член 5, спроведувањето само од страна на едно министерство, мислам дека претставува сериозен проблем за овој закон и дека ќе го оптоварува неговото спроведување, напротив, отколку она што се мисли дека тоа ќе го олесни спроведувањето, затоа што како што знаете во законот што го носиме пишува дека, е тоа Проект за изградба, меѓутоа продолжува и за издавање на станови.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Што значи дека издавањето на становите не може да го врши Министерство, кое не е надлежно по Законот за сферата на луѓето со ниски приходи, социјалните проблеми и т.н. И она што мислам дека особена важност за Законот претставува и особен проблем, кој може да произлезе се критериумите кои се наведени во образложението. Ние и на Комисијата тоа го дискутиравме.

Според тоа како се наведени критериумите во Законот во образложението, кое веројатно ќе станат база за определување на условите под кои може да се изнајмуваат тие станови се така децидно наброени со такви математички пресметки, да апсолутно ќе не воведат во ситуација да издавањето на стан може да станува категорија на 6, 7, 8 месеци, година дури и помалку, затоа што низ овие критериуми секој кој може да добие стан под тие критериуми, само со една многу мала измена во неговото семејство од материјален аспект, веќе излегува од

критериумите. Значи ова произлегува дека 1000 долари месечен приход е за да се земе социјален стан. Испод 100 долари.

Тоа значи дека едно вработување во семејството со основна плата од шест илјади денари, одма оневозможува по критериумите и натаму да се користи станот издаден од Владата и тоа ќе предизвика сериозни проблеми во уредувањето на Законот. Во овие 830 станови влезот и излезот на условно да кажам станарите или закупците, ќе бидат дневен процес и ќе настане хаос за кој треба да се размислува.

Тоа е моето укажување во врска со законот и од тој аспект ценам дека овие амандмани кои се поднесени господинот Марковски, кој е претставник од Владата, би било добро да ги прифати и да се размисли понатаму за критериумите на начин, кој нема така децидно да ги одредуваат.

Инаку она што мислам дека од оваа расправа произлезе уште нешто ново во Собранието, за кое досега обично немавме таков пристап е фактот дека одредени личности во Парламентот, веќе јавно си припишуваат одредени историски заслуги за кој ние сме свесни и не треба да се кажуваат. Тие историски заслуги на одредени личности се сосема видливи и навистина е штета, што од поодамна не сме ги имале во Македонија таквите личности, за да можат уште од почетокот да дадат придонес со своите историски заслуги, не само во симнување на мониторинзи, на пример и во зачленувањето на Советот на Европа. Кога некој ќе каже на пример дека е наследен мониторинг, тогаш подразбирам дека наследил и зачленување. Кога некој ќе каже дека не е платена членарина и за тоа не се земаат кредити, предоставувам дека подразбира дека во овој момент нашата држава не ги плаќа членарините во ООН и веројатно заради тоа не зема кредити од Светската банка и ММФ кои се институции на Светската банка.

Сакам да укажам на апсурдот, до кој се носат одредени заклучоци во Собранието, врз база на не информираност, меѓутоа сепак историските заслуги ги признавам.

Меѓутоа, она што мислам дека е многу интересно што прв пат од како јас учествувам во овој Собраниски дом, кога се задолжува Република Македонија, имаме конкретно признание веќе за овој кредит, ние немаме орган и неодредена одговорност. Сега точно знаеме по чии заслуги овој кредит се зема и по чии заслуги ќе се распределуваат социјалните станови во Република Македонија.

Мислам дека е многу добро што личноста се посочи дека е заслужна, затоа што ако излезат проблеми од земениот кредит во случај да не може да се врати или во случај да не се распределуваат добро становите, во случај да има партиски и други лични привилегии да знаеме кој бил одговорен откако го зел кредитот и мислам дека еден добар метод на работа точно да знаеме, кој е тој што е заслужен за земањето на кредитот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

За реплика се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Најпрвин да му се заблагодарам на колегата Поповски, за дел од размислувањата по однос на тоа како е добиен кредитот и т.н., меѓутоа би сакал само една работа да напомнам за да не ја збунуваме јавноста, тоа нема да биде предмет на секојдневно набљудување, дали некој од фамилиите кои го добиле станот на основа дека се социјални случаи, доколку со текот на времето го надминале тој статус, а дај боже да го надминат ако уште еден човек се вработил во фамилијата, дека ќе им биде одземен.

Не е така, мислам дека не треба да ја збунуваме јавноста со такви тврдења. Работата е откако ќе го добијат станот пет години ќе бидат под закон, а по тие пет години можно е да биде продолжено користењето на станот или да почнат да го откупуваат тој стан.

Меѓутоа, дека на пример по првата година или втората ако некој од нив се вработи дека ќе им биде одземен, тоа не е точно.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Данило Глигоровски.

Повторно за реплика се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам, конечно мислам дека човекот кој е заслужен за земањето на кредити, има сериозни забуни во врска со текстот кој го има предложено.

Прво, оној кој го земал кредитот ни објаснува дека ќе се распределува за социјалните случаи, а ни понудил текст во кој пишува дека ќе се издава на лица со ниски приходи.

Само да разграничиме. Во нашата држава социјален случај е семејство или индивидуа, која согласно Законот за социјална заштита добива социјална помош. Во моментот кога нема да ја добива социјалната помош не подлегнува веќе под критериумот социјален случај. Овде не пишува дека ќе се делат на социјални случаи, туку на лица со ниски приходи, или млади брачни парови, што ние е категорија на социјални случаи, туку е поширока или пониска, зависи како тој што ќе ги дели становите ќе определува.

Значи, јас би апелирал до оној што ги зема кредитите и ни ги нуди овде да биде искрен, кога ни ги дава текстовите дали било кредитот за социјални случаеви или за млади брачни парови и ниски приходи, за да не не доведува во заблуда.

Второ, овде има критериуми кои тој што го земал кредитот е заложен за земањето на кредитот и заслужен за распределба на овие станови во Република Македонија како историска личност. Пишува дека по 1194 долари приходи во семејството, се мисли годишно ќе биде критериум по кој ќе се делат становите. Тоа се сто долари месечно. Ако има намера и тој критериум да го изигрува тој што го зел заемот, како историски заслужна личност, би требало во критериумите на законот да го наведе и тоа дека критериумите ќе важат до денот на доделувањето на станот, меѓутоа не во првите пет години потоа.

Меѓутоа, она што најмногу ме зачуди сега е што историски заслужни личности се ставаат над Владата и Владата тоа што не ни го понудува во законот како критериум, односно пишува дека Владата ќе утврди услови и критериуми под кои ќе ги распределува становите Владата.

Јас во Законот не гледам можност историски заслужните лица за земањето на кредитите, да ги утврдуваат критериумите визави Владата. Тоа е работа на Владата. Затоа мислам дека историски заслужните лица за земање на кредити во Република Македонија, треба да разграничат кога ги земаат кредитите дали се тие заслужни, дали тие се задолжуваат или ја задолжуваат Република Македонија, а Република Македонија кога се задолжува, се задолжуваат даночните обврзници на Република Македонија, а даночен обврзник на РМ е на пример секој што наутро купува леб и млеко и на тоа плаќа данок на додадена вредност, која се прелева во Буџетот, а овде стои во членот 6 дека Република Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот.

Значи, ние го отплаќаме заемот од Буџетот, како даночни обврзници сите, вклучувајќи ги и социјалните случаи кои кога купуваат сабајле леб, плаќаат данок на додадена вредност и тој влегува во Буџетот. Така што историски заслужните личности за земањето на кредитите, кога ги земаат кредитите би било добро да ни укажат дека тие ги земаат, тие ги распределуваат, даваат право на Владата да утврди критериуми, меѓутоа историски заслужните лица критериумите им ги диктираат овде на собраниската седница ви за ви она што е напишано во Законот и дека на крајот на краиштата ќе ги вратиме од Буџетот.

Во такви услови сметам дека историски заслужните личности би било најдобро да престанат после 7 или 8 дискусии од пратеници овде, кои сите апсолутно сите почнувајќи од господинот Гошев, од господинот Гештаковски, господата од ПДП, Сабриу и други, Насер Зибери, да не ги именувам сите кои укажуваат на проблеми со кои историски заслужните лица не можат сериозно да се соочат и да дадат одговор. Да не навлегуваат во уште подлабоки води и уште повеќе да зацрпуваат во не принципиелностите на Законот, затоа што на тој начин историски заслужните луѓе на крај можат да станат историски не заслужни луѓе.

Затоа повикувам на Парламентот, да ги прифати амандманите кои се нудат, со цел да се подобри текстот, со цел оние на кои треба да им се даде помош со овој закон да ја добијат, меѓутоа да се оневозможи да бидат изманипулирани од историски заслужните луѓе, на тој начин што ќе им се каже кој е критериумот кој не, кој ќе го отплаќа кредитот кој не и што пишува во Законот. Ако ние мислиме дека некој е пратеник, меѓутоа само заради тоа што е историски заслужна личност за земање на кредити, може да биде и човек кој ги утврдува критериумите ви за ви одлуката на член 2 да ги утврдува Владата, тогаш Собранието не оди кон никаде. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

За реплика се јави повторно пратеникот Данило Глигоровски, но ве молам да бидете пократки имаме и други дискутанти.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Видете, не ја гледам потребата од внесување на цинизам во целокупните дискусии. Инаку, луѓе кои го употребуваат цинизмот се по правило интелегентни луѓе,

меѓутоа покрај интелегенцијата имаат во себе голема малициозност, злоба.

Во таа смисла навистина не ја гледам потребата за употреба на цинизам во ваква дискусија. На крајот на краиштата рековте дека ќе го поддржите законот, сега му најдовте еден куп недостатоци и навистина се прашувам од кои причини. Причините се знаат кои се, да направат маркетинг и во најдоброто нешто да најдат маана.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика пак господинот Поповски.

Ве молам да бидете пократки.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе ние ќе го поддржиме законот, како што е напишан тука од член 1 до член 7, со амандманите кои ги понудивме.

Меѓутоа, нема да го поддржиме законот така како што го образложува некој кој мисли дека го зел кредитот, затоа што тоа образложение е целосно спротивно на законот. Јас сум седмиот пратеник кој укажува дека сите овие образложенија се во спротивност со законот. Последната реплика тоа го потврди.

Ние ќе го гласаме законот, меѓутоа образложенијата што ни се даваат, а кои се сосема не потребни и сосема погрешни, нема да ги гласаме, се разбира.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Збор има господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека бевме на пат да направиме еден добар закон и добар предлог да го усвоиме. Како тргнаа работите изгледа онаа несреќна седница од вчера пак може да ни се повтори.

Затоа предлагам да се концентрираме на законот, да го донесеме законот, да видиме како ќе поминеме со амандманите да се подобри текстот, оти не гледам да има друга намера. Овие препукувања повеќе се една лична преокупација, кој на кого ќе му наштети отколку да направиме нешто по законот. Дајте да го направиме законот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам за овие сугестии.

Има збор господинот пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе. почитувани пратеници. Го поздравувам добриот потег на ПДП и СДСМ и на другите партии за поддршка на овој закон. Со овој потег искажуваме единство кон решавање на проблемите на граѓаните, а не се однесува на политички маркетинг, како што е обичај кога се дискутира во оваа сала.

Ваков предлог на закон за изградба на десет илјади социјални станови требало да се донесе порано, но и сега не е доцна, бидејќи знаете каква ни е социјално-економската ситуација во државата. Ваков потег по мое мислење е добар, бидејќи имаме голем број семејства кои едвај се крпат и се во тешка економска положба, а и да не зборуваме за станбената положба. Да не ги кажуваме кои се тие категории на семејства, јас како пример ќе набројам само две групи од таа категорија.

Социјално загрозените семејства без никакви материјални примања и самохраните мајки без материјални примања и со нерешен станбен проблем, односно станбеното прашање.

Потполно се согласувам со дискусиите на моите претходници пратеници, колеги како претседателот на Комисијата за труд и социјална политика Александар Гештаковски, Илјаз Сабриу и Насер Зибери и со другите пратеници што се однесува до член 2 став 2, распределба на становите од член 1 на овој закон ќе ја врши Комисијата од страна на Владата на Република Македонија, под услови и критериуми кои ќе ги утврди Комисијата. Претходниот дискутант Насер Зибери укажа на некои работи кои не може истата комисија да доделува и да одлучува, тука треба да се формираат две комисии, јас мислам дека распределбата треба да ја прави Комисијата, која ќе ја предложи Владата од членовите на Владата, за да не ја зема истата улога едната Комисија.

Да не се повторуваме во досега искажаните дискусии, само на кратко ќе укажам на некои работи.

Прво, пр распределбата на средствата да се води сметка како ќе се поделат тие средства и да се опфати целата територија на државата.

Второ, условите по кои ќе се распределат овие средства за да нема злоупотреби.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мухамед Таири.

Како последен дискутант се пријави госпоѓата пратеничка Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, ќе ми дозволите на почетокот пред да се изјаснам за законот да го искажам своето лично незадоволство, можеби еден револт од текот на дискусијата, која беше до сега по повод донесувањето на овој закон, особено од текот на утврдувањето на авторските права така што човек од страна ќе добиеше впечаток дека, Република Македонија до сега воопшто никогаш не користела кредит и дека е ова прв кредит кој ќе го користи Република Македонија.

Она што сакам да го истакнам е дека се работи за доста поволен кредит, за кредит кој е побаран од Советот на Европа, кредит кој ќе биде одобрен, а за кој донесувањето на овој закон практично претставува гаранција дека ќе биде вратен.

Она што е хумано и што мислам дека е за поздравување, а беше истакнато, но за жал не потенцирано од страна на пратениците од опозиционите партии дека, сепак се работи за едно конкретно законско решение, кое оди во прилог на решавање на еден најгорлив проблем, а тоа е проблемот на домувањето на млади брачни парови, односно на луѓе кои имаат ниски примања. Без оглед дали припаѓаат на категоријата социјални случаеви или се работи за млади брачни парови, кои не се социјални случаеви, а сепак имаат ниски примања.

Законот не ги исклучува и двете категории, можеби малку е непрецизен во членот 2 став 1, меѓутоа по мое толкување не знам кои се амандманите за жал, немав можност да ги видам, мислам дека ќе им овозможи да ги користат и двете категории.

Она што сметам дека можеби ќе уследи, бидејќи сепак се работно за мала категорија на луѓе, тоа не го решава проблемот во целина, ќе треба овој законски проект, за жал нема да го реши овој проблем кај нас, тој проблем и понатаму ќе егзистира, се надевам дека критериумите на Владата ќе бидат такви кои ќе го утврдат на оние на кои тоа им е нај нужно и нај потребно, односно оние кои живеат во нај лоши станбени услови, да бидат приоритетни при оваа листа и дека понатаму откако ќе се исцрпат можностите, односно откако ќе се исплати дел од долгот на РМ, со една нова кредитна линија да се продолжи и понатаму. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на г-ѓата пратеник Марковска Ѓулистана.

Збор има г. пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Само два збора, јас скоро се убедив дека се работи за многу важен кредит и тоа од времето на Адам до денеска.

Затоа предлагам и ги повикувам тапаните да прославиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Мерсел Биљали.

Збор има г. пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, иако скоро сите се двоумевме, јас посебно се двоумев да се пријавам за збор по овој Предлог за донесување на закон, меѓутоа откако се пријавија многу дискутанти, барем јас лично мислев дека овој закон, иако рековме сите како пратеници и Пратенички групи дека ќе го прифатиме овој Предлог за донесување на закон, меѓутоа на површина излегоа одредени пратеници, кои сакаа по секоја мерка и секоја цена да го бранат законот.

Јас знам дека овој закон штом е предложен од страна на Владата, треба да го бранат претставниците на Владата. Ние, како пратеници, не треба меѓу себе да полемизираме околу тоа дека секој пратеник, можеби ќе помага при донесувањето на законот, со свои сугестии, предлози и т.н. Никој не е за тоа Собранието да донесе лош закон, туку секој од нас сака да придонесе да се подобри текстот на законот за да излезе закон, што навистина ќе биде во интерес на сите граѓани, на оној слој на граѓани на кој се однесува, значи на оние граѓани кои имаат ниски лични примања, а ги уредува овој закон.

Во законот се добро искажани причините и образложенијата за донесување на овој закон. Лично го прифаќам законот со сите други, иако имам забелешки околу одредени членови на законот.

На пример, кога се работи за членот каде се регулира поделбата на становите во Република Македонија, во образложението на законот се дадени имињата на градовите, каде ќе се градат такви станови, станови за луѓе со ниски приходи, за млади брачни парови, каде се спомнуваат: Скопје, Битола, Прилеп, Гевгелија, Гостивар, Струмица, Велес, Штип, Кичево и Делчево, што јас

мислам дека оваа распределба не е адекватна според бројот на жителите по етничко потекло.

На пример, имам друга забелешка тука. Пишува во образложението на законот дека, до сега има 80.000 пријавено. Само 30.000 пријавени во Скопје со ниски лични приходи, млади брачни парови или се социјални случаеви. Меѓутоа, ние треба да водиме една друга грижа, овие станови да не се распределат или издадат само во урбаните средини. Треба да ги имаме предвид и руралните средини.

Во образложението на законот се наведува дека е ова почетна фаза, почеток, дека овој проект ќе продолжи и понатаму во наредните фази. Меѓутоа, ние имаме лошо искуство во ова Собрание, затоа што ако добро се сеќаваме ова Собрание пред некое време донесе Закон за развој на земјоделието. Меѓутоа, тој закон се однесуваше само за источниот дел на Македонија. Тогаш по нашите сугестии, нашите предлози, интервенции се кажа во ова Собрание дека, во иднина ќе се донесе Закон за развој на земјоделието и во другите делови на Македонија, било во западниот, централниот и т.н. Меѓутоа, до ден денес таков предлог не е доставен од страна на Владата.

Затоа, мојата забелешка беше тука дека треба адекватно да се распределат овие станови. Не само во еден дел источен или во општини каде се едно национални граѓаните, туку да се имаат предвид и општините каде живеат повеќе националности и плус, да се имаат предвид и руралните средини. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Абдулади Вејсели.

За збор се јави г-ѓата пратеник Наталија Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Почитуван г. претседателе, почитувани колеги пратеници, со оглед проектот за изградба на станови, што ќе се издаваат на лица со ниски приходи е чекор напред и исто така Банката за развој при Советот на Европа, по Договор за заем ќе го финансира овој проект, со надеж дека ова е отпочнување на циклусот на изградба на станови што ќе ги задоволат сите граѓани со ниски лични приходи во семејството, кои во суштина немаат друг начин за решавање на станбеното прашање, Пратеничката група на ДА ќе гласа за овој законски проект, со надеж дека ќе продолжи овој циклус на изградба на станови и дека ова ќе се реализира токму како што е намената на овој проект. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на пратеничката Наталија.

Дали некој друг бара збор. (Никој).

Ако никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

“Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа, по Договорот за заем по Проектот за изградба на станови што ќе се издаваат на лицата со ниски приходи".

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 71 пратеник се за, воздржани нема, а против 2.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеници, 69 за, воздржани нема, а 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот, на член 3 став 1, член 4 став 1, на член 5 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 на став 2 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2 став 2.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 5, по кој Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски, заменик на министерот за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отварам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски, заменик на министерот за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Сличен амандман беше и амандманот од ЗПК.

Бидејќи тој амандман е прифатен, овој амандман не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор.

Во име на Комисијата амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски, заменик на министерот за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави г. пратеник Гештаковски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во функција на известител на Комисијата за труд и социјална политика се јавувам и би сакал да ги известам пратениците, бидејќи се работи за амандман што доста беше дискутиран и објаснувам на голем дел пратеници, би сакал уште да истакнам дека од сите членови и претставници на Пратенички групи во Комисијата за труд и социјална политика овој амандман беше поддржан.

Едноставно, се работи за спроведување на законот покрај Министерството за урбанизам да биде вклучено и Министерството за труд и социјална политика во делот на надлежностите, околу правилно формулирање на критериумите и доделување на оние лица кои сигурно нај реално ги исполнуваат условите да ги добијат овие станови.

Затоа апелирам до пратениците да биде поддржан овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Гештаковски Александар.

Збор има г. пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека овој амандман од Комисијата за труд и социјална политика треба да се прифати и во нашите дискусии укажавме дека Министерството за труд и социјална политика има повеќе податоци, во врска со доделување на тие станови.

Затоа, во име на Пратеничката група на ДПА, предлагам овој амандман да се прифати.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Мухамед Таири.

Збор има г. пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сакам и јас да го изнесам ставот на пратеничката група на ПДП, дека го поддржувам амандманот. И ние се приклучуваме кон апелите да се поддржи амандманот, во смисла на поголема контрола и порационална распределба на истите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Насер Зибери.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за се 40 пратеници, 6 воздржани, а 32 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 5, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 70 пратеници, 69 се за, 1 е воздржан, а против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа, по Договорот за заем по "Проектот за изградба на станови што ќе ги издаваат на лица со ниски приходи".

Почитувани пратеници, имаме уште три точки од дневниот ред.

Предлагам пауза од 30 минути.

(Пратениците бараат да продолжи седницата без пауза).

Бидејќи се согласувате да продолжиме, минуваме на точката 4.

Процедурално збор побара г. пратеник Невеновски Горан.

**НЕВЕНОВСКИ ГОРАН:**

Господине потпретседателе, јас би замолил за пауза од 1 час, бидејќи 14 пратеници од овде треба да одиме на разговор кај министерот Гале Галев.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тогаш пауза од 1 час.

(Пауза од 15,35 часот до 17,00 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа.

Преминуваме на 4-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите и на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас се имам пријавено за збор пред да се даде пауза на седницата процедурално. Вие преминавте на 4-тата точка од дневниот ред, а и после изминувањето на еден час, после прекиот на седницата, мојата процедурална интервенција изгуби смисла.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас мислев дека сега сте се пријавиле за збор, се извинувам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеничката Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, очекував дека прво претставникот на матичната комисија ќе зборува, меѓутоа, бидејќи продолжуваме по пауза, изгледа ќе ви треба одреден период да се собереме, па би сакала во тоа време да ја искористам можноста во името на Пратеничката група на СДСМ, да дадам неколку сосема куси коментари, во врска со предложените измени на Законот за животна средина.

Имено, Пратеничката група на СДСМ, земајќи предвид и сметајќи дека се работи навистина за значаен закон, кој уредува односно ги менува одредбите во една многу чувствителна, за сите нас значајна област, смета дека сите вакви измени треба внимателно да бидат разгледани од страна на Собранието и доколку тие измени на законот одат во насока на подобрување на текстот, во насока на модернизирање на нашето законодавство, да ги поддржи истите.

Бидејќи се работи за област која постојано трпи некои промени, се работи за област која станува се повеќе и повеќе актуелна во целиот свет, област која привлекува големо внимание во јавноста и во медиумите и меѓу политичките фактори, со задоволство гледа и светската јавност дека од ден на ден информациите кои се присутни, информациите кои ни се на располагање се се повеќе бројни, нови искуства од ден се презентираат, така што постои потреба законодавството во оваа област да биде подготвено и да биде напишано во духот на прифаќање на сите овие светски трендови.

Заради тоа, Пратеничката група на СДСМ и нејзините претставници во Комисијата за екологија, млади и спорт, навистина со сета своја сериозност го разгледаа предложениот текст, учествуваа во работата на Комисијата. Во текот на вчерашниот ден имаше некои коментари околу тоа, како опозицијата и дали опозицијата учествува во комисиите, барем во овие комисии каде јас учествувам, особено што се однесува до последната седница на Комисијата за екологија, млади и спорт, мислам дека напротив опозицијата беше таа која доминираше, меѓутоа, мислам дека и генерално направивме добра работа.

Имено, во текот на оваа седница, сугериравме некои измени и подобрувања на текстот, од кои речиси сите беа прифатени и тоа со задоволство сакам овде да го констатирам и како член на Комисијата и како пратеник од Пратеничката група на СДСМ.

Меѓутоа, сметам дека е корисно, доколку издвоиме два моменти кои се дел од предложените измени, кои не се ни технички, ни детали, бидејќи еден дел од овие измени сепак се некои поситни корекции, туку можат да предизвикаат позначајни реперкусии и можат да предизвикаат и поголеми анализи во нашата македонска јавност.

Прво прашање, кое малку отскокнува од сите предложени измени, е прашањето на јавност, односно правото на јавноста да биде информирана за состојбите во сферата на животната средина и природата, кој како дел е обработен во членот 4 од овој Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата. Овој член 4 внесуваше некои измени во членот 7 од оригиналниот, почетниот закон, при што текстот кој диктира дека, податоците за состојбата на квалитетот и појавите за загрозување на животната средина се јавни, беше делумно изменет, барем во предлогот и се додаваше еден дел кој ова што го велам го ограничуваше само на ситуации, во кои овие податоци не се прогласени за тајни, согласно со некој друг закон.

Да појаснам, тоа го кажувавме и на комисијата и беше прифатено од страна на претставниците, дека ваквиот чекор и ваквата измена во законот, претставува чекор во погрешна насока од следните причини.

Прво, доколку се ограничи или се постават рамки, во кои само во тие рамки јавноста на податоците кои ја тангираат животната средина и нејзиниот квалитет ќе бидат ограничени, сметаме дека ќе се отвори широк простор за можни не само искористувања на ваквата ситуација, туку и за можни злоупотреби, кои секако би доаѓале од страна на оние кои се директно засегнати во сето ова, да кажам од другата страна, односно ќе доаѓа од оние кои се потенцијални или актуелни загадувачи на животната средина. Сметаме, доколку малку се отвори простор за ваква злоупотреба, дека тој простор може да биде доволен за да ни се случат несакани последици.

Токму поради тоа, а и поради една друга причина, а тоа е дека секоја Влада, вклучувајќи ја и македонската, треба и е заинтересирана да се спречи ваквиот развој на настаните и да се спречат овие загадувачи да ја искористат ваквата ситуација, треба да знае дека најголем сојузник во борбата за зачувување на квалитетот на животната средина секогаш се јавноста, медиумите, невладините организации и граѓаните, кои многу често се јавуваат како коректив и во областа, се јавуваат како група на притисок насочена кон загадувачите, се јавуваат како група за притисок која често пати и одговара на Владата, за да може да се спротивстави на соодветен начин на потенцијалното загадување. Токму поради тоа, поголем простор на јавноста, поголем простор на медиумите и поголем простор на невладините организации, а тој поголем простор се состои пред се од поголема информираност, целосно покривање на јавноста со информации од оваа област, значи поголем простор за сите нив ќе значи и посигурен простор за Владата и за Собранието, посигурен простор на крајот на краиштата и за државата и за граѓаните.

Овој интерес, ова инсистирање на јавност, на постојано информирање на јавноста, мислам дека нај повеќе ја опфаќа и ја тангира, ја засега Владата, а посебно Министерството за животна средина, кое очекувам и во рамките на Владата успеа да излобира да остане одредбата од претходниот закон, што ќе значи дека сите податоци од оваа област се јавни и дека сите ние како граѓани имаме право да располагаме со податоците, во врска со средината и околината во која што живееме.

Токму поради тоа, велам, добро е што претставниците на Владата ги прифатија на седницата на Комисијата промените на членот 4 и од исти причини, како Пратеничка група, сакаме да дадеме поддршка на измените во член 5, кои беа предложени од страна на Владата, а кои опфаќаат или ја дефинираат опфатноста на информативниот систем, кој ќе го следи квалитетот на животната средина и природата и кои според овој член се дефинираат на кој начин, односно со кои податоци ќе оперира.

Дополнително, во врска со цел овој дел, а тоа е прашањето на јавност во сферата на заштита на животната средина, сметаме дека треба да се направи нова интервенција, речиси техничка, на член 6, кој ќе го објаснам понатаму во амандманската расправа, а кој уште повеќе ќе дефинира кој е одговорен да ги собира податоците за следење, кои институции во

државата вршат мониторинг на животната средина, до кого тие треба да ги испратат овие податоци, како и кои ќе биде оној фактор, оној субјект, онаа институција, во случајот министерот за животна средина, кој ќе биде одговорен и должен тие податоци да ги соопштува на јавноста, не само заради тоа јавноста да биде целосно информирана, туку и за да се спречат можните дезинформации, кои беа коментирани дури и на Комисијата, можните конфузии кои се предизвикуваат често пати, кога се коментираат резултати од дадени анализи. Она беше оној прв дел кој што сакавме да го истакнеме.

Вториот аспект, кој сметаме дека ова Собрание треба да го има на ум, а кој понатаму е поткрепен и со некои предложени амандмани, е во поглед на обезбедување на стручност во оваа сфера.

Имено, сметаме дека инспекторатот составен од една страна од Главниот републички инспектор и од инспекторите за животна средина - мислам дека сега веќе така се викаат - има смисла да работи како една институција, која ќе го гарантира квалитетот на животната средина, само доколку се работи навистина за стручно тело, односно тело кое е составено од луѓе кои имаат зад себе неопходна стручност.

Токму поради тоа сметаме дека ќе биде потребно сепак Министерството односно претставниците на Владата да ги вратат условите во поглед на стручната подготовка, кои беа составен дел на претходниот закон, а кои подразбираат не само постоење на високо образование и за главниот и за другите инспектори, туку и кои би опфатиле директно прецизирање на тоа кои степени, односно кое образование и која стручна подготовка одговара на оваа област.

При тоа, сакам да споменам, доколку не го направиме тоа вака како што разговаравме делумно и на Комисијата, ако тоа е дадено и со амандманите, мислам дека од една страна нема да има потреба да финансираме како држава, студии за заштита на животната средина кои постојат, кои се финансирани од државата и е в ред што се финансирани, ниту пак има потреба, како што се вели овде во текстот што го предлага Владата кај еден друг член, тоа е членот 7 каде што се вели дека, според новиот текст ќе се предвидат услови за вршење на определени стручни работи за заштита и унапредување на животната средина, кои ги овластува министерот за животна средина, со цел да се избегне волонтаризмот во однос на овластувањето на наведените субјекти. Тоа е за една малку друга сфера.

Значи, тоа се оние институции кои ќе можат стручно да работат во дадената област, меѓутоа, ако не сакаме волонтаризам кај нив, не можеме да очекуваме дека ќе направиме добар закон и добри измени, доколку волонтаризмот го овозможиме или ги отвориме вратите за него во областа на регулирање на составот на инспекторатот.

Генерално, мислам дека се работи за некое подобрување на текстот, доколку бидат прифатливи овие амандмани кои се повеќе објаснување, дообјаснување, инсистирање на некои вакви принципи на стручност и мислам дека навистина ќе имаме текст со кој се согласија и пратениците во рамките на Комисијата за екологија, млади и спорт, која исто така има поднесено некои други амандмани, но известувачот се уште не го гледам тука, меѓутоа, мислам дека ќе биде прифатлив за сите членови на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеничката Радмила Шеќеринска за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, јас немав намера да се јавам да дискутирам по 4-тата точка од дневниот ред - Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, од проста причина што многу работи дискутиравме на седницата на Комисијата и беа јасно издискутирани и поставени како заклучоци на Комисијата, а тоа го добивме како Извештај.

И втора причина, затоа што не сум известител од седницата на Комисијата.

Меѓутоа, бидејќи известителот не е тука и бидејќи имаше една малку послободна интерпретација од претходниот дискутант, како се одвивала расправата на Комисијата, сакам да дадам едно свое видување и свој придонес за да бидат работите појасни. Ќе си дадам за право да бидам малку попрецизен, со тоа што некои работи ќе ги извадам од Извештајот на Комисијата за да и биде малку појасно на македонската јавност, за што сме расправале таму, а после ќе кажам кој беше моментот што ме испровоцира да е јавам за дискусија.

На седницата на Комисијата дискутиравме и мислам дека бевме едногласни дека, ги уважуваме причините за донесување на овој закон и констатиравме дека има потреба од изменување и дополнување на законот, кој се уште е во сила, затоа што некои од одредбите се не соодветни и не применливи во практиката.

Исто така, сметавме дека има потреба од изменување и дополнување на законот, за да се разграничат и определат надлежностите на ова Министерство, односно да се усогласат за да се избегне евентуален судир на надлежности, кои би се појавиле во други министерства.

Исто така, го прифативме овој предлог, бидејќи во предлогот што дојде од Министерството до нас, има усогласување на казнените одредби со одредбите од Законот за прекршоци. Мислам дека, барем колку јас се сеќавам на работата на Комисијата, затоа што како што беше Шеќеринска присутна, бев и јас, немаше таму некоја поголема раздвоеност или различност на мислењата меѓу членовите на Комисијата и бевме прилично едногласни дека овие одредби се прифатливи и дека треба да одиме на седница денес и да ги усвоиме односно прифатиме.

Во таа насока, мислам дека требаше да се потенцира тоа и малку е не коректно кога ќе излезе член на Комисијата и кога ќе оценува кој се истакнал со работа на Комисија, односно кој доминирал таму, затоа што барем јас не видов никаква доминација или пак од друга страна, мислам дека како член на Комисијата не се трудев и не се трудевме да воспоставиме некаква доминација по партиски клуч, односно да се пребројуваме таму колку членови сме од ВМРО и колку членови сме од други партии, па да се натпреваруваме заради гол политички маркетинг.

Затоа, мислам дека кога известуваме за работа на комисија како членови на Комисијата треба да бидеме малку повоздржани во давањето такви оценки. Работата е многу попроста и ние се договоривме таму амандманите што ги дадовме како Комисија, ги дадовме како Комисија, значи не излегувам да кажам дека овој амандман е од мене, значи ВМРО го дава овој амандман пред македонската јавност, значи сега македонската јавност треба да знае колку ние сме активни на Комисијата. Од некои работи треба просто да се воздржиме, иако знам дека е многу тешко вака кога ќе дојдеме на пленарна седница и кога ќе има некои прашања од наш домен, да се воздржиме да не и се преставиме на јавноста, па да мериме кој колку време не дискутирал.

Значи, работата според мене е многу попроста. Имаме еден предлог кој треба да го прифатиме, барем така се договоривме на Комисијата. Амандманите кои ги донесовме ги донесовме со, условно кажано, некаков консензус кој нема врска со партија, туку има врска со квалитетно подобрување на Законот и во таа насока претпоставувам дека такви би требало да бидат нашите дискусии кога дискутираме за работата на комисиите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Филип Петровски за учество во расправата.

За збор се јави повторно, веројатно за реплика, госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас можеби не бев добро разбрана, не сакав да зборувам, ниту во име на комисија, ниту имам такво право, зборував во име на Пратеничката група на СДСМ и го образложував нашиот став и однос кон овој закон.

Притоа, во ниеден момент не спомнав дека во Комисијата не постоел слух, или дека не сме успеале да стигнеме кон некој консензус, напротив, истакнав, дека со задоволство можам да констатирам дека имаше добра и конструктивна атмосфера и дека претставниците на Владата, навистина, реално, рационално се однесуваа и ги прифаќаа сите предлози, кои што беа изнесени и кои што по мое мислење беа конструктивни.

Притоа, коментарот кој што го направив, во поглед на однесувањето и дискусиите или активноста на Комисијата, беше само коментар, кој беше наменет на една теза, која што беше истакната, во тек на вчерашната седница и за која што не сакам, ниту јас, ниту другите да реплицираме, бидејќи хаотичната ситуација веќе во тој момент кулминираше, меѓутоа сакав да покажам конкретен пример дека опозицијата, ниту на комисии, ниту овде, нема намера да го дига нивото на нервоза, туку напротив, сака да учествува во расправа за подобрување на законите.

Меѓутоа, доминацијата, која што ја спомнав, не беше воопшто од аспект на тоа,

кој што зборувал, колку зборувал или колку паметно зборувал, едноставно, се шалевме, дури и во текот на седницата на Комисијата, дека опозицијата, на таа седница на Комисијата, имаше мнозинство и дека тоа не сакавме, да го искористиме, ниту да го злоупотребиме, туку кворумот го обезбедувавме, онака како што ни налага Деловникот и онака како што ни налага обврската на пратеници. Значи, да не бидам погрешно разбрана, јас не влегов, дури ни во објаснувања на амандманите поднесени од Комисијата, бидејќи Комисијата има сопствен известител. Амандманите кои што ги спомнав и за кои што сакав да се произнесам во оваа расправа, се амандмани, кои што ги поднесуваме како пратеничка група, дополнително од амандманите на Комисијата и да изразам, не само задоволство, од тоа што некои амандмани беа прифатени на Комисијата, туку да изразам подготвеност на опозицијата, навистина да работи за подобрување на овие текстови. Дополнително, сметаме дека двете работи што ги спомнав под 1 јавноста, а под два, стручноста, дека се работи, кој што треба да ги повторуваме, работи кои што се клучни во оваа област и се работи кои што ние како Собрание, ниту смееме, ниту треба да бегаме.

Така што, не треба да има дилеми, од тој аспект и од таа страна за мојата дискусија и за мојата намера.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави господинот пратеник Филип Петровски.

Би ве замолил да бидете што пократки, бидејќи не гледам некоја голема причина за тоа.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Сакам во првата реплика да појаснам две работи.

Мислам дека повторно, на некој начин, нам ни се сосема јасни кои се мотивите за дискусија, меѓутоа, сакаме да ја доведеме јавноста во одредена заблуда.

Бидејќи Шеќеринска ја спомна јавноста, еве јас ќе кажам дека прави многу јасна дистинкција меѓу позиција и опозиција, а доколку не влезам во реплика и доколку, јас не зборувам за јавноста, можеме многу лесно да се доведеме во ситуација дека ете опозицијата, бидејќи Шеќеринска како што истакна, го истакнува ставот на СДСМ, дека едноставно опозицијата е таа, која што се залага за јавност, дека ако го земеме овој закон, за еден мал еколошки устав, како што го имаме во материјалите наречено, односно добиено.

Значи едноставно, можеме да дојдеме во ситуација, на продолжување на еден тренд, кој што го наметнува опозицијата. Јас навистина, сега не сакам да навлегувам во дуел, меѓутоа можеме да влеземе во дуел ако сакате и со повеќе детали. Станува збор за еден тренд кој што, едноставно опозицијата го наметнува со нема доволно јавност, нема доволно транспарентност, Владата ги крие информациите, едноставно, дека тоа е еден тренд, кој што најверојатно, ќе продолжи и дека опозицијата е таа, која што ги нуди правите решенија.

Мислам дека, ако зборуваме за јавност, повторно ќе повикам на Комисијата, ние едноставно, го утврдивме како дел од Законот дека сите податоци, односно информации, со кое што се занимава тоа министерство, се јавни. Да нема дилема за нас.

Мислам дека се доведуваме во една непријатна ситуација, за да си парираме еден на друг, затоа што, јас мислам дека и ние можеме да кажеме како Пратеничка група, односно јас како пратеник од оваа Пратеничка група, ние немаме никаков проблем со таа одредба во Законот. Ако сакате, јас во оваа реплика, ќе го искористам правото и ќе зборувам дека јавноста е неприкосновена и дека не може никој да сокрие податок од јавноста. Посебно од доменот на работата на ова министерство, затоа што тоа се тангира со животот на граѓаните на ова општество, за квалитетниот живот и можам да редам икс работи и во втората реплика и во третата реплика, па уште еднаш да се јавам за дискусија, меѓутоа, ќе дојдеме во ситуација, да зборуваме многу време, околу работи, кои што се јас би рекол, на ниво на акциони, многу јасни или пак можеби, дури на ниво на тафтологија и нема потреба да дискутираме за нив.

Така што, мислам дека таа дилема ја разјаснуваме: дека јавноста е неприкосновена за сите и мој апел, односно мое размислување дека треба некои од овие моменти да ги избегнуваме, затоа што дискутираме за нив, а знаеме дека и за овие дискусии е присутна јавноста, односно новинарите кои квалитетно ја известуваат јавноста и на комисиите и едноставно, да го рационализираме времето на пленарни седници.

Втората забелешка, околу доминирање. Јас повторно ќе кажам, јас не осетив од опозицијата да доминираше на

комисијата, ниту пак осетив позицијата да доминираше. Мислам, дека дискутиравме многу коректно и во таа насока, ако дискутиравме коректно, мислам дека не држи да се искористи тој момент во дискусијата денеска, за да се парира на некоја дискусија од вчера.

Тоа беше мојот повод да се јавам за да го разјасниме тоа. Она што е вишок, е токму тоа, да се објаснува кој, каде и колку доминирал, затоа што тука се работи за многу јасни работи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за збор се јави госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас навистина, се извинувам, бидејќи сите сме изморени, меѓутоа морав да се јавам, бидејќи не се разбираме. Јас два пати ги повторувам истите работи.

Прво, во поглед на доминацијата, доминација која што е многу едноставна, во поглед на бројки, имаше повеќе припадници и на опозицијата отколку на позицијата и не гледам причина да се трауматизираме околу тоа.

Втората работа, е во поглед на јавноста, односно во поглед на тоа, кој би ја имал така да речам, марката, кој повеќе се залагал за јавноста. Јас барам, од позиција на пратеник на опозиција тоа не го направив на тој начин, што значи, само спомнав дека и покрај тоа, што предлогот, кој што дојде од Владата, претставуваше ограничување, по наше мислење на јавноста, добро е што и претставниците на Владата, тоа го увидоа, на самата седница на комисијата и се согласија за амандман кој што беше предложен и прифатен од комисијата. Тоа го кажав јас. И кажав дополнително дека секоја Влада, вклучително и македонската, има во сопствен интерес, да се грижи за поттикнување на таа јавност, да овозможи притисокот да не доаѓа исклучиво од надлежните институции, како што е на пример инспекторатот, туку да доаѓа преку сите форми на притисок, како што се граѓаните, невладините институции и медиумите. Дека тоа е од полза на секоја паметна и разумна Влада.

Доколку има потреба или проблем, зошто тоа е кажано од страна на пратеник на опозицијата, тоа веќе е друго прашање. Меѓутоа, мислам дека непотребно влегуваме во круг, кој беше прв. Сега, никој од нас не е "ни јајце ни кокошка", затоа, мислам дека тука не постои ни дилема.

Јас би апелирала, да се вратиме на духот, кој што владееше на комисијата и во тој дух, да не се обидуваме да видиме кој е прв или кој го земал приматот по ова прашање.

Мислам дека како опозиција настапивме и на комисија и овдека, вонредно конструктивно и во поглед на предлози и во поглед на коментари, не треба сега парламентарното мнозинство, тоа да го доведе во прашање или пак да ја смени таквата слика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Би ве замолил уште еднаш да ги прекинеме овие реплики, затоа што не гледам некоја голема причина да се задржиме многу, околу оваа расправа.

Повторно за збор се јавува господинот Филип Петровски.

Ве молам да бидете пократки.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ако се воздржи госпоѓицата Шеќеринска, ќе се воздржам и јас, нема проблем од моја страна.

Меѓутоа, деловнички можам уште еднаш да реплицирам. Дека било од полза на секоја Влада, не мора да го каже госпоѓицата Шеќеринска, го знаат тоа и оваа Влада и секој што се занимава со политика, дека како постулат се поставува односот кон јавноста, односно таков однос ќе заземе една гарнитура, значи да не одредувам Влада или парламентарно мнозинство, воглавном многу ќе делува на нивниот рејтинг политички, како резултат.

Значи, нема потреба многу да зборува некој од тоа, меѓутоа, не знам дали ќе бидам во право сепак мислам дека ги бирав зборовите кога дискутирав и мислам малку повнимателно да настапува Шеќеринска, кога користи зборови, од типот на трауматизираше, затоа што ми се чини дека, многу пати, токму од таа страна се реагира, кога некој од парламентарното мнозинство или пак оној што ги води седниците, независно дали е претседателот или еден од потпретседателите не искористиле, или не биле како што треба со зборовите, дека ја навредиле опозицијата или ја омаловажиле.

Јас морам да ја уверам Шеќеринска дека, од нејзините настапи на комисијата, а и во Парламентот, никој, ни најмалку не се трауматизира од оваа страна. Затоа, мислам дека не треба да го користи тој збор. Ниту пак, е наша намера, тоа што дискутираме или реплицираме, или појаснуваме некои нивни настапи, нив да ги трауматизираме.

Иако, ако сакате, може многу лесно да се извади и дефиниција за трауматизираше. Кој во ова Собрание, кој во овој состав е трауматизиран.

Меѓутоа, мислам дека тоа не е тема на денешниот разговор и затоа, ќе се воздржам.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас нема да зборувам ни за чувства, ни за односи, ќе бидам кратка. Немаше да има потреба, да и се објасни на Владата или да и се спомне на Владата или да се каже овде, на собраниската говорница, дека јавноста е битна, доколку не добиевме ваков предлог, доколку членот 7 останеше не изменет. Откако добивме ситуација, во која се предлага членот 7, кој што ја гарантира јавноста на податоците, да се измени и да стои една ограда, ако не е поинаку уредено со друг закон, мислам дека таква потреба се појави. Ние сакавме само да апелираме, тоа да не биде случај, ниту со работењето на Владата, ниту со работењето на министерството, ниту пак со донесувањето на Законот.

Затоа, немојте да ставате зборови во туѓа уста, заради тоа што мислам дека текстот што го имаме пред нас, е текст кој што ние подлога за денешната дискусија. Нема потреба да се само анализираме.

Меѓутоа, дека имало потреба, имало. Овој документ е доказ за тоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави повторно господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Значи, уште еднаш, околу јавноста.

Токму тоа е, што сега го кажав за јавноста. Беше и повод прв пат да дискутирам. Прв пат дискутирав, токму затоа што сметав дека, член на комисија за одредба, која што сме ја разјасниле, во врска со Законот на комисија, на која што сме постигнале консензус, нема потреба да го генерализира тоа и да го упатува како дискусија на пленарна седница. А не може никој да го забрани тоа да се случи, тоа што се случи денеска. Меѓутоа, секој пратеник има право да го каже своето мислење на седница.

Мојата забелешка беше многу проста. Затоа, што се генерализира, води нужно кон еден заклучок, дека станува збор за политички маркетинг. За ништо друго. Затоа, сакав да забележам и го искористив моето деловничко право и тука ќе престанам со реплики, но ако треба, повторно ќе дискутирам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Филип Петровски.

За збор се јавува господинот пратеник Љубисав Иванов – Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Дами и господа, јас мислев дека овој закон е толку сериозен и толку треба да му посветиме внимание од стручна гледна точка. Воопшто немаше место тој да се политизира.

Проблемот со заштита на човековата околина, е проблем, кој го оптоварува целокупното човештво во светот. Тој проблем, не може да се гледа само од аспект на еден регион, на една држава, на еден континент.

Проблемот е многу широк и многу голем. Ние гледаме што се случува воопшто, во светот, што се случува со планетата земја. Светот е веќе испаничен: озонски дупки нарушена заштита на реки, езера, мориња, на воздухот, на водата и т.н. и се она што нас не обиколува. Наместо ние, тоа да го гледаме од таков аспект и во свеста на луѓето да го внесуваме тоа и да биде присутно. Секој човек да сфати дека заштитата на околината, во која што живее во исто време е и заштита на неговиот живот и дека е тоа толку значајно, се гледа од тоа дека нема Влада во светот, дека нема партија во светот, која во своите програми не дава најголемо значење на заштитата на човековата околина.

Имаме случаи во светот да се формираат и партии, кои што делуваат во таа насока и кои што се повеќе имаат симпатизери, како што се "зелените во Германија" и т.н.

Според тоа, овој проблем не е дека не сме имале закони. Ние сме ги имале. Меѓутоа, ние не сме внеле доволно свест и одговорност и сознание, дека заштитата на човековата околина, е практично заштита на животот на човекот.

Ние видовме што се случува се во светот. Блиски ни се се уште случаите на "Чернобил", каде што немаше граници од нуклеарните последици од зрачењето. Вие гледате колку Европа е загрижена од "Козлодуи" во Бугарија и од многу други централи и од многу други појави воопшто.

Според тоа, проблемот е универзален и широк и тој треба да се пренесе меѓу народот, меѓу луѓето и проблемот, треба нас да не оптоварува, не како партии, туку како луѓе. Затоа, што нарушената средина, значи и нарушено

здравје на луѓето. Поголема смртност, особено на децата и т.н. Ние овој проблем треба да го гледаме сериозно, а не во партиски надмудрувања. Не во полемики, не во слични такви работи.

Ние можеме да донесеме колку што сакате закони, но ако тие закони не се спроведуваат иако нема основа за нивно спроведување и контрола нема ефекти. Вие гледате дека ние не располагаме со институции. Со независни институции за испитување на човековата околина. Зошто Владата да објавува податоци? Не е тоа работа на Владата. Ние треба да располагаме со такви институции, кои што имаат апарати, техника, кадри и т.н., секогаш да сигнализираат, во која мера, каде и колку е нарушена човековата околина. Ние тоа го немаме. Ние имаме минимални испитувања на само поедини елементи и тоа воглавном во Скопје и инцидентно во некои градови во Македонија, како што е Велес, но не за да ги спречиме таквите појави туку, да констатираме последици од тие појави. Ние имавме и една војна. Употреба на таканаречен осиромашен ураниум. Ние не знаеме колку тоа се одрази на нашата средина овде. Имаше страшни бомбардирања на хемиски постројки. Ние не видовме колку во нашата атмосфера има нитрати, а колку има сулфиди, колку има жива, колку има други штетни компоненти. Не можеме да видиме, затоа што не располагаме со таква техника.

Законот треба да го донесеме и мислам дека нема човек овде, кој е против овој закон. Но, во исто време, треба да се овозможи негова практична примена. Јавноста, мора да биде информирана затоа што секој човек е заинтересиран за една таква ситуација. Но, тој е заинтересиран, ако има доверба во институциите кои што тоа го испитуваат. Според тоа, ние мора да имаме независни институции, како што има во светот. Многу, независни, невладини организации, кои се занимаваат со овој проблем. Јас мислам од тој аспект ние мора да му посветиме внимание на овој проблем, со препорака, да се оформат институции, кои, не зависно од било кој, стручно, квалитетно, да ни ги даваат потребните сознанија и податоци, за да можеме самите себе да се штитиме. Инаку, во Македонија, постоеше таков закон, но тој, не се применуваше. Во Македонија, ако се примени во такви размери во какви што познава светот, многу капацитети, ќе мора да се затворат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љубисав Иванов.

Има збор господинот пратеник Златко Стоименов.

**ЗЛАТКО СТОИМЕНОВ:**

Благодарам господине потпретседателе, дами и господа, сите знаеме каква е фактичката состојба, со загадувањето во Република Македонија и сите знаеме дека повеќе од потребно е решавање на една ваква состојба, и од тој аспект, донесувањето на еден Предлог на закон, односно закон, кој што ќе го донесеме на денешната седница, е апсолутно потребна позитивна дискусија и мислам дека за тоа нема дискусија, сите политички субјекти, како што се кажаа тука, невладини организации, мислам дека се на страната на еден ваков хуман и позитивен закон.

Јас не би дискутирал повеќе за потребата, верувам дека ќе биде донесен со сите гласови за, меѓутоа она што сакам да дискутирам е следното.

Од Предлогот на законот ми се допадна моментот што овој закон врши исчекор кон усовршуваше на сферата на регулирање на екологијата, бидејќи навистина тоа е нешто потребно. Тој исчекор го гледам во зголемување на оперативноста на самото Министерство, во однос на неговата извршна власт во областа на екологијата, во областа на напредувањето. Со овој закон имам чувство дека самото Министерство за екологија, добива една практична моќ со телата, инспекторати и сл. да дејствува во животната средина и во средината воопшто. Апсолутно верувам дека и господата од Министерството за екологија, сметаат дека овој закон и оваа состојба не може да се усовршува и да се надоградува и верувам дека ќе остане во иднина потребата од едно надоградување во оваа област, која верувам ќе биде поздравена од сите субјекти политички, невладини и неполитички субјекти.

Самиот Предлог закон го надоградува законот во сите аспекти на загадувањето и прави обид да ги реши сите аспекти на загадувањето на човековата околина, што исто така е добро, меѓутоа јас имам еден дел кој би сакал да го апострофирам во мојата дискусија за која имам интерес, за која зборував и пред неколку седници, меѓутоа јас се извинувам на Парламентот, ако во некои аспекти се

повторам. Ќе се трудам да не повторам некои моменти од моето размислување.

Се работи за темата за штетната бучава, која исто така овој закон се обиде да ја регулира и да воспостави нејзино мониторирање, регулирање, следење и евентуално ограничување. Јас тоа посебно го поздравувам, мислам дека е посебно цивилизирано, посебно проблематично во нашата средина, во нашите збиени и густи градови, каде што навистина Република Македонија конечно треба да почне цивилизирано да ја регулира штетната бучава. Навистина во урбаните средини имаме многу конфликтни ситуации меѓу граѓаните, меѓу повеќе стопански субјекти, меѓу угостителските објекти од областа на штетната бучава. Навистина на нив им е потребно решавање на овој проблем не само од страна на Министерството за екологија, туку и од страна на Министерството за стопанство областа на угостителството, како и од целата Влада вкупно, бидејќи проблемот поинаку е решен во многу земји на Западна Европа и развиени земји.

Во оваа сфера постои еден дел, тоа е така наречената перманентна бучава. Тука воглавном се мисли на индустриската бучава предизвикана од индустриските објекти, од стопанските објекти, која е исто така проблематична и најчесто е регулирана, бидејќи при стартот на правење и пуштањето на стопанските субјекти, обично градежните норми се запазуваат за спречување на звукот. Тука е по ефикасен инспекторатот и законската регулатива е по ефикасна. Меѓутоа, кога се работи за другиот дел, во кој повеќе владее безредието и кое е проблематично во урбаните средини за граѓаните на државата, тоа е бучавата предизвикана од угостителските објекти и која навистина не е проблем на работното време, затоа што често се јавува и во утринските саати, во ноќните саати и е проблем на граѓаните кои живеат во близина на тие угостителски објекти. Таа не перманентна бучава е присутна насекаде и за неа ми се чини дека се уште немаме изградено доволно законска регулатива особено во поглед на тоа колку децибели, ги немаме изградено нормите за таа бучава и нема доволно опрема за следење на таквата бучава, што мислам дека треба да биде следен чекор во регулирањето на таа бучава во урбаните средини. Можеби тука не е моќта само на Министерството за екологија, тука веројатно ќе треба комплементарно да работат и други министерства, како што е Министерството за стопанство, Министерството за урбанизам и градежништво при издавањето на техничките дозволи и поставувањето на нормите, меѓутоа проблемот на граѓаните е актуелен и силен и навистина треба да се направи една комплементарна акција на сите поедини министерства и органи на Владата да делуваат комплементарно и организирано во поглед на мерните апарати кои ќе ги поставува, кој ќе го врши мерењето, кој ќе ја врши извршната улога на спроведување на мерките при мерењето.

Јас бидејќи нема да се јавам повторно за дискусија по текстот на законот, дозволете ми да напоменам само некои делови од членовите кои постојат во Предлогот на законот, кои навистина ја обработуваат оваа материја.

Во членот 1 став 2 се нагласува дека животната средина е превентивна заштита. Имено се вели "одделни поими употребени во овој закон го имаат следното значење: заштита и унапредување на животната средина е превентивна, заштита од загадување и деградација на медиумите и спречување на штетната бучава", што мислам дека во овој член Министерството ја опфатило штетната бучава. Меѓутоа, по децидно ја обработило во членот 25 од Предлогот, односно во постојниот член 28, каде се забранува употреба на опрема, уреди и апарати кои произведуваат бучава, кои ги надминуваат со закон дозволените вредности.

Јас тука очекувам дозволените вредности навистина да се доработат, бидејќи очекувам овде да се јават дали од Министерството за екологија, или од друг орган на Владата подзаконски акти кои ќе ја регулираат оваа област и навистина ќе воспостават вистински критериуми кои ќе бидат во корист на граѓаните.

Исто така тука како посебно го поздравувам членот за инспекторатот, каде што се употребува формулацијата во ставот 3 да се забрани работа и употреба и да се запечатат работните простории, да се одземе опремата, апаратите да се запечатат и уредите кои вршат штетни дејствија, се мисли на овој објект. Мислам дека тоа е позитивен елемент, кој ќе му даде оперативен елемент на Министерството ако може со други подзаконски акти да влијае во оваа сфера.

На крајот сакам да нагласам за она што е заедничко веројатно со Министерството за градежништво и урбанизам, бидејќи се бара пропишана документација за нивото на државата, член 28, што е исто така добро што го има во регулацијата, меѓутоа пак се употребуваат и

се одржуваат во границите со закон дозволени, со закон дозволена бучава што е еден момент кој веројатно ќе треба да се дорегулира со подзаконските акти.

Јас мислам дека Министерството за екологија со овој Предлог на закон, ќе даде свој придонес во регулирањето на оваа сфера. Јас се надевам дека ќе поттикне и комплементарни содејствија со другите министерства надлежни во својата област и ќе поттикне една акција за регулираше на оваа област, меѓутоа за крај малку ќе ја злоупотребам говорницата да кажам и еден пример за ваква узурпација на животната средина со штетна бучава.

До мене како пратеник има петиција од 237 граѓани на Штип, жители на улиците "Козјак Планина". "Страшо Пинџур", "Генерал Михајло Апостолски", "Христијан Тодоровски Карпош" и "Маршал Тито" и до градоначалникот на град Штип, кој заради работа на приватни угостителски објекти во урбаното подрачје "Бриони", не можат со часови и со денови да одат оспособени по ноќниот одмор наредниот ден на работа.

Навистина ваквите петиции веројатно ги има и во другите урбани средини и една од приоритетните задачи за Владата, а и за Министерството за урбанизам мислам дека треба да се ваквите ситуации. Јас апелирам што повеќе да се размислува на оваа тема и се надевам дека овој закон ќе даде резултати во праксата и затоа ќе гласам за овој закон, а се надевам дека и сите други пратеници ќе гласаат. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Златко Стојменов.

Има збор господинот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, јас навистина сум среќен што мојата дискусија е после двете последни дискусии, кои имаат малку повеќе врска со законот. Инаку ми беше непријатно после такви полемични дискусии, кога просто и апетитот за дискусија ми се намалува да дискутирам. Така да ние како пратеници мислам дека би било добро да се концентрираме, повеќе на тоа што е суштествено и на овој проблем, затоа што ваквите закони во сите Парламенти не поминаа лошо или добро поради политичките бои на одредена група, туку поради суштината што тие ја уредуваат, бидејќи животната средина е еден од проблемите кој што во Европа па и пошироко предизвикува секогаш полемични видувања, предизвикува полемични ставови нормално се со цел да се подобри таа атмосфера, да се подобри и самата материја со која се занимава ова министерство кај нас.

Уредувањето на оваа проблематика и кај нас мислам дека е во духот на новите европски и светски трендови, кој што уредувањето на оваа област ја сметаат од приоритетно значење, така да мислам дека и овој закон што е денес пред нас, претставува добар придонес кон усогласување на нашите закони со нашиот менталитет, кон тоа што би значело едно европско однесување. Така да можам со право да кажам дека тој се поклопува и со стандардите на Советот на Европа, кој и тоа како во својот делокруг го има зачувувањето на животната средина, како еден од приоритетите на самиот Совет на Европа преку своите комисии, каде што влијае врз нејзините членки да водат грижа за животната средина како главен и основен ресурс за здравјето на човекот и оваа средина ние на идните генерации да ја оставиме здрава, чиста.

Мислам дека ова се предлог на решенија во овој закон, кој заедно со Министерството и со една општа волја на сите ќе се решат некои наши проблеми кои се иманентни сега во нашата средина, како што се некои еко – системи, кои навистина ги имаме како дар од природата и не ретко застануваме на нив и со намера или без намера крајно ги оштетуваме.

Тука пред се мислам на Охридското крајбрежје, кое што мора да биде и понатаму под мониторинг и на самото Министерство и на сите нас, затоа што за нас тоа е едно вистинско богатство. Ова го реков и поради тоа што не е само таа област, тоа што треба да се чува, да се брани, туку кога сме тука ќе споменам дека еден од големите проблеми се појавува загадувачот на тоа езеро, како што е реката Сатеска за која се планира да се влива во реката Дрим. Тоа го реков затоа што веќе за мене и самата река Дрим е предмет на разгледување за заштита, затоа што таа лежи долж една преубава долина од почетокот до крај живеат граѓани – луѓе, кои што исто така имаа потреба и заслужуваат да имаат исто така чиста вода, како што би бил Дрим.

Значи пренасочувањето на водите од река Сатеска, кон водите на река Дрим, поради зачувувањето на Охридското Езеро, мора да биде така технолошки решена да тоа не претставува загадување на еден друг

систем кој претставува еден цел еко - систем заедно со Охридското Езеро.

Друг момент кој би сакал да го спомenам е фактот што, овој закон мора да има комплементација со законските решенија, кои сепак мора да бидат во функција на развојот и на инвестициите во Републиката. Имено, ние знаеме се како треба да биде убаво, како се треба да биде чисто, како се мора да остане така и понатаму, но од друга страна се што се прави и што треба да се прави во одредена смисла во развојот на земјата оди спроти тоа. Значи, се што градиме нешто ќе растураме, нешто ќе загадиме. Затоа и овој закон, овде гледам и некои казнени одредби кои што се однесуваат на некои активности кои навистина би биле ризик за животната средина и мислам дека треба така да се координираат и поставуваат за граѓаните да не претставуваат пречка за развој на индустријата, на економијата и на целото граѓанство, а од друга страна нормално секоја инвестиција, за овој закон мислам дека тоа е добро, мора да води сметка за степенот на можното загадување преку така извршена инвестиција.

Заштитата на животната средина нормално дека не е работа само на закон, нормално дека не е работа ни на едно министерство. Ако би постапиле така, мислам дека би навлегле во една легалитарна замка, каде што ние без проблем можеме да донесеме секаков вид закони, но тоа тешко би се спровело, затоа што тоа бара, зашто и претходните дискутанти полемизираа, значи јавно, значи јавна работа, барат создавање на менталитет во општеството, кој што ќе биде носител на свеста за чиста средина, на самото миље, а такво нешто не може да се постигне само со закон или со обврзување на министерство, туку јас мислам дека во тој правец мора да се направи доволен и поконкретен, посодржаен однос и соработка и со невладините организации во смисла тие да бидат вклучени комплетно како соработници на Министерството и инспекциите за да имаме автономни процеси, нивни професионални афинитети, инструменти со кои би можеле тие да ја следат состојбата. Бара да се види степенот на загаденост, а истиот орган тоа и го проценува.

Мислам дека не може да резултира тоа со не знам каков резултат. Затоа, мислам дека излезот од оваа работа е таков каков што е во целиот свет, развој, екипирање, професионалност на невладините организации кои мора да бидат пандан на самата Влада и на самото Министерство, а Министерството да координира и на нив да им помага и да ги координира, во смисла на што подобра обученост за оваа проблематика. Затоа мислам дека постоењето на ова Министерство, според меѓународните стандарди, без разлика што се слушаат некои озборувања дека би можело да се потврди некоја идна реконструкција и тоа да се укине, јас мислам дека не би бил добар потег. Дури ние како Пратеничка група, а се сеќавате, го дадовме гласот оваа Влада да се прошири со едно такво Министерство. Верувајте тоа го направивме не само заради некои така наречени калкулантски состојби, туку и поради содржајната мотивација, дека бевме убедени оти едно такво Министерство навистина може да и помогне на Македонија, поготово во правец на зачувување на средината што почиста. Така мислам дека решение и модалитети за зачувување на такви стандарди има, Европа тоа го прави заедно со локалната самоуправа и со регионалниот развој, така да го викаат Министерство за животна средина, регионален развој и локална самоуправа, каде што ги координираат баш овие работи кои Владата, мислам дека и сега помалку околу тоа е загрижена и зафатена. Тоа е добар начин да се чуваат стандардите на Европа, кои ние сакаме тука да ги воведеме, добар и ексолвентен начин за придобивање на материјални средства, Вие сите знаете дека дел од средствата што се спремни да ги даваат со Пактот за стабилност, како не повратни, баш се однесуваат на зачувување на животната средина, како од локален аспект, а посебно од регионален аспект и начин и на крај на краишта да кажам тоа е и најдобар начин да ја оставиме оваа средина чиста и здрава за идните наши генерации. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван потпретседателе слушнав навистина мошне интересни дискусии за овој проблем кој од ден на ден станува подрастичен во нашиот простор и дека навистина Република Македонија се сретнува со мошнме многубројни екоцилни средини и за кои државата ќе мора да воспостави контрола и промена дури и на еко - системи во поедини подрачја.

Имајќи ги предвид сите овие укажувања, а особено кога се зборува за квалитетот на законот и што тој Закон за

животна средина нуди кон конкретизирање и дефинирање на одредени односи во просторот, тогаш навистина сметам дека треба да се прифати како таков, затоа што морам да признаам јавно дека тоа Министерство навистина, со сета своја жестина се интересира да го имплементира законот кон конкретно решавање на одредени проблеми во нашата земја.

Потполно се согласувам и со одредени дискутанти, кои кажаа дека во овој закон, покрај другите проблеми што беа истакнати од страна на многубројни дискутанти, да се внесе и амандманот на Шеќеринска, затоа што тука видов и географ, а мора да стои географ, па во таа насока сметам дека навистина во тој закон треба да бидат прифатени и ваквите структури кон разрешување на екоцилни проблеми во Република Македонија. Меѓутоа моја желба е овој закон со сите добри страни и позитивни насоки кон решавање на тие екоцилни проблеми, сметам дека Министерството ќе мора да направи приоритети и тоа што е можно побрзо, затоа што навистина тие екоцилни средини ќе нанесат голема штета не само на животот на човекот, туку и на целиот тој жив свет. Во тој правец сметам дека тие проблеми, особено ние како држава што се среќаваме со тие проблеми, ќе мора приоритетно да ги решава, особено со оние агенси и загадувачи, кои мошне долготрајно па и моментално дејствуваат врз здравјето на човекот, а се разбира и ва целиот тој животен еко - систем.

Ќе гласам за законот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Аслан Селмани.

Им збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги.

Јас намерно чекав малку подоцна да се јавам за дискусија, затоа што ми беше намерата дали и колку овој закон ќе биде предмет за расправа во Собранието, со фактот дека некако сме навикнати понекогаш за некои одредени теми да бидеме многу активни и кога дискутираме за закон, кој се однесува на животната средина, тогаш веќе дури некако кај колегите и неприродно е, зошто пак да има толку дискусии.

Го велам тоа, затоа што добро што почна малку провокативно госпоѓица Шеќеринска со фактот дека еве се создадоа и реплики и т.н. Меѓутоа, пратениците полека почнаа и другите колеги да го дадат нивниот придонес во врска со законот. Едно е сигурно дека во Комисијата за екологија, млади и спорт секогаш расправата е конструктивна во однос на темите што ги расправаме од животната средина, односно од материјалите, т.е. во овој случај измени и дополнувања на Законот за заштита и унапредуваше на животната средина и природата, затоа што дури понекогаш и заборавме во таа Комисија, кој каде припаѓа, во однос на тоа што значи позиција и опозиција. Се разбира дека по активни се тие кои имаат и повеќе познавања од оваа област и веројатно нивниот придонес е многу поголем и кога се расправа за одредени области.

Поентата ми е дека ние и кога го донесовме Законот во 1996 година, Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата и тогаш, да ве потсетам рековме дека донесуваме еко - устав, односно донесуваме закон кој на еден начин ќе биде императив за фаќање на чекор, со тоа што значи европски тренд. Мислам дека полека и го фаќаме тој чекор, барем што се однесува до тоа што значи исцрпување на информации и искуства од одредени европски земји.

Што се однесува до измените и дополнувањата на Законот, мислам дека сите тие измени и дополнувања се однесуваат на тоа дека, при практицирање на еден ваков закон обично се јавува потребата да има измени и дополнувања, затоа што самото практицирање на законот ги наметнува и мислам дека е добро што се прават овие измени. Одредени измени и дополнувања се однесуваат и на тоа што Министерството за животна средина, сега веќе како Министерство посебно се открива на еден начин пред светските асоцијации, кои се занимаваат со оваа област и самото откривање овозможува повеќе контакти и повеќе искуства, така што дури и речникот треба понекогаш да се менува и ни се менува некаде во самиот закон, затоа што треба да биде компатибилен со тој вокабулар што се употребува, да речеме, во екологијата и се споредува со европските земји. Измените значи се и од таа природа.

Има одредени измени кои се однесуваат на тоа што налагаат измените во другите закони, да речеме Закон за прекршоци и т.н. и сите тие измени и дополнувања во законот, помагаат на еден начин придонесуваат законот да биде по целисходен, подобар и да одговори на тоа што е секојдневие. Но, едно е сигурно а тоа

е дека со самото откривање на Министерството со име и презиме, што се вика Министерство за животна средина пред светот, тука се добива многу.

Јас само да ве потсетам дури и нашето конкурирање, на еден начин во тоа што значи пактот за стабилност, преку ова Министерство на еден добар и лесен начин секојдневно се добиваат, односно се признаваат проекти и се поддржуваат проекти со финансиска конструкција, се разбира. Ние тоа треба да го искористиме добро. Дури имам и еден предлог, а понатаму Министерството за животна средина, за одредени прашања да предњачи во однос и на Министерството за урбанизам, во тоа што значи подобрување на животната средина и другите благодети кои ги дава природата и треба да ги користи човекот како суштество.

Мислам дека треба да се поддржат овие измени и подобрувања. Со тоа морам да ви кажам дека амандманите кога ги предлагавме и се предложени пет амандмани од самата Комисија, без никакво калкулирање, односно без никакво одбивање се прифатени од претставникот на Министерството, односно на Владата и верувам дека ќе имаме добар закон, што значи понатаму и добро практицирање на овој закон. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Исмет Рамадани.

За збор се јави господинот пратеник Батковски Димитар.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитувани потпретседателе, почитувани претставници од Владата, колеги пратеници.

Јас сакам накратко да се вклучам со свое размислување во врска со овие измени на овој Предлог на закон, а во смисла на тоа да го истакнам значењето не само на овие измени, туку и на целиот закон, што кај нас е донесен.

Многу претходни дискутанти кажаа елементи кои заслужуваа навистина посебно внимание. Меѓутоа не е на одмет и јас да кажам неколку збора, од причина што јас и професионално се занимавам со дел од вакви еколошки проблеми. Мојата матична организација е Шумарскиот факултет, кој дава свој придонес во врска со решавање на еколошки проблеми на нашата држава и на ниво на градот.

Јас уште една причина сакам да изнесам, бидејќи потекнувам од изборна единица каде што се наоѓаат најголемите загадувачи на нашава држава, односно на Скопје посебно. Јас не сакам тука да ги именувам, тие не се предмет на оваа моја дискусија.

Што сакам посебно да истакнам?

Нашава држава, мора да сфатиме ние изобилуваме со едно богатство од биодиверзитет кое заслужува да го цениме и да го развиваме и чуваме. Нашето богатство од флора и фауна заслужува такво признание, кое што буди интерес не само на балкански стручњаци од овие области, туку и од целиот свет.

Токму затоа, јас само ќе повторам, Министерството за животна средина заслужува исто така внимание, што доста проблеми откога тоа постои, ги стави во жижата на актуелноста целата наша држава и пошироко на Балканот, а и во Европа. Тоа не е случајно, бидејќи проблемите со загаденоста на животната средина е присутна на сите страни. Ние можеби се уште не ја чувствуваме до тој степен, затоа што се уште не можеме да го сфатиме тоа значење, бидејќи се уште кај нас како да има по примарни проблеми што сметаме дека се поважни за нас. Меѓутоа тоа е само привидно.

Според мене значењето на животната средина е не мерливо, бидејќи ако ние со нашите живеалишта ако ги донесеме во една состојба да не можеме да опстоиме, тогаш што ќе ни се сите други пропратни елементи, што го пратат еден живот, затоа што екологијата како фактор, како простор каде што ние живееме не е право само за нас, за Македонија, за нашава држава. Тие се глобални проблеми кои што светот многу порано од нас, со сета одговорност се вклучува.

Токму затоа, јас во оваа прилика не знам дали ќе бидам точен, немам некои податоци, јас не се подготвував посебно за оваа дискусија, меѓутоа сметам дека голем дел од инвестициите што се дојдени овде токму доаѓаат преку Министерството за животна средина. Тоа не е случајно, бидејќи проблемите со заштитата на човековата околина се глобални и светот на некој начин сака да се заштити, бидејќи проблемите кои се присутни кај нас, ако ние сами не ги решаваме, еве се грижат и светски организации, се грижат и соседните држави а и подалечните. Во таа смисла ние треба да го сфатиме целото значење на овој закон.

Јас во оваа прилика не сакам многу да должам, почитувани пратеници, бидејќи гледам при крај е и вашето трпение, еве ние

веќе 6 - 7 саати работиме. Меѓутоа што сакам да истакнам? Тука се и претставниците на Владата, заменикот и главниот инспекторат Министерството за животна средина. Што досега мене ми боде во очи и сакам да го истакнам?

Ние можеме да донесеме најдобар закон. Еве, овој закон што се донесува со овие измени многу работи толку рафинирано се изнесени, кои што заслужуваат, навистина не може ништо ни да се додаде, ни да се одземе. Погодени се во вистинска смисла на зборот. Меѓутоа, кај нас што не ни достига. Кај нас недостига тоа што овие закони да не останат само така запишани на хартија, затоа што кај нас каква беше досега состојбата. Се знае за да се објават некои резултати, за да се поднесе некому пријава, сепак, треба да има одобрување од некој друг, кој што би истакнал во оваа прилика, сигурно не е толку свесен кое е значењето на животна средина, како што се колегите од Министерството за животна средина.

Во таа смисла овој закон што сега ќе го донесеме и кој што навистина ќе го донесеме едногласно, сите ќе бидеме и од позиција и од опозиција, треба да го прифатиме целосно и никој да не се осудува да го прекршува, затоа што кршејќи го тој закон, се кршиме себе си. Го нарушуваме нашиот опстанок на нас и на генерациите што доаѓаат.

Во таа смисла јас уште еднаш нема да биде на одмет да кажам дека многу повеќе внимание, треба да посвети Министерството за животна средина на спроведување на овие закони, отколку на другите проблеми, кои што некој смета да ги истакне како по значајни.

Исто така, би истакнал во врска со одредени мерења, кои што досега се вршат кај нас и кои што некој голем дел не се вршат. Ние, треба да водиме сметка, бидејќи ова наше Министерство треба уште повеќе да се опреми со нај современи апарати и тие резултати, тие мерни елементи да се направат да бидат видливи со голо око за секој жител на оваа наша држава, секој еден минувач, секој еден ученик, па и секој да знае жител на оваа наша држава. Не тие резултати да поминат преку некои филтри, па да кажат ете да ни каже некој колку е загаден резултатот, мислам тие резултати колку се надминати, оној максимум што е пропишан со одредени норми, кои што се присутни во светот.

Во таа смисла би се заложил применувањето на овој закон да биде навистина целосно и сите мерења кои што ќе ги врши Министерството за животна средина и другите институции кои што ќе ги оформи нашата држава, тие резултати да бидат достапни директно на сите наши жители, на секој оној што е заинтересиран и што го сваќа нивното значење. Во таа смисла јас му посакувам многу успех на Министерството за животна средина. Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и Вам.

За збор се јави пратеничката Марковиќ - Димова Наталија.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Благодарам г-дине потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Влада. Чистотата на еко медиумите на воздухот, водата и почвата, се разбира, делуваат на здравјето на населението и тоа во сите возрасти. Кога се зборува за здрава или нездрава животна средина, чиста или нечиста животна средина, тогаш, се разбира, ние присутните овде граѓани на Велес, кои сме пратеници од нашиот Град, не можеме да останеме рамнодушни, а да не спомeнеме тоа што се случува и што го нарекуваат како црна дупка на картата на Европа, токму се говори за Велес. Тоа што исклучително многу го загрижува населението во Велес и тоа што, за жал, некои од претходните говорници искажаа пофални зборови за инспекцијата, за надлежностите на инспекцијата, спроведувањето на истите, спроведувањето на законите, јас апсолутно не можам да изразам позитивно мислење околу тоа и не се согласувам со истото. Од причина што пред неколку години беше изготвен локален еколошки план под името "Леак" токму за Велес, во кој што имаше напишано податоци за издувните честички односно гасови, издувните материи од сите индустриски објекти, особено од Топилницата за олово и цинк во Велес, маслодајната, фабриката за кожна преработка Кожарата "Димко Митрев" Хемиската индустрија "Велес" и другите загадувачи, кои што се од понизок ранг загадувачи. Со оглед дека и досега постоеше Закон за здрава животна средина и со овие измени и дополнување на истиот закон, сметам дека сето ова само декларативно донесување на овие закони и убедена сум во истото дека не го прочисти воздухот во Велес и дека ние продолживме да живееме под истите оние услови под кои што живеевме и пред нивното донесување.

Тоа исто значи дека имплементацијата, спроведувањето, примената на овие законски проекти, кои

што се однесуваат на исклучително суптилна материја, забавуваат или пак воопшто не доспеваат до оние, да речам, сегменти во кои што населението би ги почувствувало. Имено, Министерството и Владата воопшто не само што ќе се заложи за донесување на законски проекти и за измена и дополна се со цел да покажеме пред граѓаните дека ние работиме, туку треба да се заложи за обезбедување на одредени кредитни линии, кои што ги има се разбира и кои што едноставно може да се спроведат во овие загадувачи токму на територијата на Велес, зборувам за својот Град конкретно, заради тоа што споменав на самиот почеток тоа е и единствената црна дупка на картата на територијата на Европа, а да не говориме и пошироко. Таквите кредитни линии би обезбедиле задолжување на одредените индустриски објекти со одредени финансиски средства, но во исто време заштита на животната средина. Со тоа би се обезбедило, се разбира, почиста животна средина токму во Велес. Не велам дека таа може да биде исклучително чиста, но ова што сега се случува е максимумот, кој што веќе треба алармантно да делува на Министерството за животна средина и на Владата воопшто за нивните заложби во овој дел.

Уште еднаш апел до Владата, апел пренесен, се разбира од голема група граѓани на Велес и од сите граѓани воопшто, кои што живеат во градското подрачје на Велес, кое што е и нај загрозено, за заложба во овој дел, за давање на примат за решавање на состојбата од делот на екологијата на животната средина токму во Велес и се разбира за сите примена, имплементација на овие законски проекти кои што ги донесуваме. Во делот на индустриските објекти поголема и по ригорозна контрола, во она што значи мерни инструменти, во она што значи објективна слика пред Министерството, односно пред инспекторатот кој што ги контролира овие состојби. Примена на казнените одредби, кои што ги предвидуваме во законот и тоа максимална примена токму на загадувачите, кои што не се придржуваат при законските норми за објективни податоци, кои што се разбира, се залагам да се достапни и до граѓаните.

И на самиот крај, јас сум како граѓанин на тој град среќна што во селекцијата на министерствата, сепак, Владата на РМ можеби досега неофицијално, но се надевам дека и официјално ќе го направи тоа, се определи во склопот на министерствата при таа селекција, сепак да остане Министерството за здрава и животна средина, како тоа .ќе го нарекуваме согласно амандманот на колегата не е битно, но тоа е суштината на работата на тоа Министерство која е многу важна. И, еве, честитки на неофицијалната определба на Владата, но во исто време апел да се заложат што поскоро да го имплементираат законот и да се заложат за обезбедување на кредитна линија за санација на загадувањето при овие индустриски објекти. Благодарам.

И благодарам на пратеничката Марковиќ - Димова Наталија.

Има збор г-динот пратеник Андов Стојан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги, законот сега што го имаме на дневен ред овде се надевам дека вечерва ќе имаме трпение да го усвоиме. Мислам дека, односот на Владата да ни предложи закон со кој грижата на државата и на општеството спрема човековата околина се зајакнува, се афирмира и се настојува да се дигне на повисоко ниво.

Потоа, конструктивниот однос на Комисијата во Собранието и напорот да се подобри текстот. Како оваа денешна наша расправа со идеите и со прашањата со кои ние пратениците настојуваме да се зајакне свеста на граѓаните, за значењето на оваа проблематика, зборува дека во Македонија по едно многу важно прашање созрева една вистинска европска свест. Ова е значајно да се констатира, бидејќи од тоа колку ние навистина ќе работиме на ова поле, од тоа ќе зависи и нашата непосредна судбина, но и судбината на нашите идни поколенија. Еве, колешката Марковиќ овде зборуваше за состојбите во Велес.

Морам да ви кажам дека од овде сме покренувале и посебни прашања и сме барале посебни информации за состојбите во Велес и во поранешните свикувања во Собранието. Немаме некој напредок во таа област и сега како што ја слушам како зборува за состојбите во Велес, значи нема никаков напредок таму.

Сакам да обрнам внимание и на неколку други прашања во областа на екологијата, на заштитата на нашата околина, на она што сме го наследиле од нашите предци, а што сме должни да го сочуваме за нашите потомци.

Состојбите со Дојранското Езеро се крајно загрижувачки. Не гледам некоја организирана активност да се согледа начинот како на еден цел крај да му

помогне, но и да се сочува нешто што природата ни го дала. Потоа, обрнувам внимание на периодичните пропусти од многу тежок карактер во некои наши објекти со валкана технологија. Пропустот, да речеме, истекот на течностите со кои се врши флотација во нашите рудници на обоени метали, опасноста која оди кон тоа тие води кои носат опасни отрови да продрат во подземните води на населените места.

Потоа, да кажеме, доцнењето на гасификацијата, иако знаеме дека гасификацијата таква како што е планирана веќе во првата фаза требаше да елиминира други енергенси и горива, кои некаде од 15 до 20 илјади тони сулфур и други загадувачки материјали лиферуваат во нашата околина и во нашата атмосфера, каде што граѓаните живеат, дишат, особено има последици на оние со нарушено здравје постарите генерации, но исто така и на малите деца.

Сето ова зборува дека на нашата околина еве сега расте таа свест и расте организираната активност и напорите што Владата ги прави и што Собранието сака сега да ги направи, но проблемите со кои се среќаваме се премногу големи. Да не зборуваме затоа колку наши населени места уште што немаат чиста вода за пиење и т.н. Ова не обврзува да побараме, покрај донесувањето на овој закон, Владата да истапи со некои, веројатно тоа ќе го подготви Министерството за човекова околина, да истапи со некои приоритетни активности, кои ќе ги преземе и за кои ќе треба да се бара и посебни донации, поволни кредити од странство, но и мобилизирање на домашни средства. Секако, за да можеме, навистина, на ова поле да направиме нешто со кое после ќе се гордееме и ќе бидеме сите задоволни, бидејќи навистина состојбите не ни се добри.

Инаку, многу сум задоволен и морам да кажам за секоја пофалба е активноста на оваа Комисија и начинот како таа работи во нашето Собрание. Согласноста која ја постигнува по сите разни прашања и ослободеноста на работата на Комисијата од теснопартиски интереси и дневни кавги. Затоа, можам да кажам дека малку ми беше непријатно кога ги слушав последните овде не знам од што предизвикани расправии, кои на јавноста и сервираа едно друго лице на Комисијата, кое таа не го има. Нека продолжат луѓето во Комисијата да се грижат на ист начин како и досега, ќе ни помогнат и на нас во Собранието подобро да си ја вршиме нашата работа и да бидеме вистински претставници на оние кои не избрале, да си ги извршиме обврските спрема нив.

Нашата Пратеничка група ќе гласа за овој закон. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Андов Стојан.

За збор се јави г-динот пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, претставници од Владата.

Овој Предлог за донесување што е денеска пред нас е многу важен, а тоа се гледа и од интересот што го пројавуваат и пратениците за овој предлог. Значи, тука во Собранието ни недостасува партијата на зелените, а не беше лоша идејата на мојот колега Рамадани, во иднина да стане и таа партија, која ќе ги брани интересите на... Добро, реков, важен закон со Предлогот за донесување на закон, кој со измените и дополнувањата на законот, кој закон е донесен некаде во 1996 година и денеска е извршена измена и дополнување околу терминолошкото подобрување на поимите.

Меѓутоа, јас имам тука една дилема, која таа дилема треба да ја имаме сите тука, затоа што ни претстои реформа во државната администрација, па не знам дали уште понатаму ќе опстои ова Министерство, иако има разни идеи. Дали да постои, дали да не постои и така натака.

Затоа, јас тука веднаш би нагласил дека амандман што е даден од одреден пратеник, ќе треба да се прифати од ова Собрание, бидејќи не ги знаеме приликите како ќе биде, дали ќе остане како самостојно министерство или ќе биде во склоп на друго министерство како што е сега, бидејќи со извршеното терминолошко подобрување на поимите тоа се подобрува. Така, не е веќе Министерство за урбанизам, градежништво и еколошка средина, туку е самостојно министерство, кое се труди за зачувување на животната средина во Македонија.

Јас не знам при измените и дополнувањата на овој закон, колку претставниците на Министерството, односно Министерството ги има консултирано разните еколошки друштва, што постојат во Република Македонија, кои се многу заинтересирани да го зачуваат амбиентот, средината во која живееме низ цела

Македонија. Јас тука не гледам ни во образложението дека има такви консултации, односно тука во образложението имаме дека се имплементирани директивите на Европската Унија и разните директиви од Советот на Европа се усогласуваат со нашиот Устав, што е прифатливо за мене.

Сигурно, сум задоволен од тоа што се даваат пошироки овластувања на инспекторите за контролите. Пред малку реков дека овој закон постои од 1996 година. Колку е тоа применувано во пракса, на терен, знаете дека имаме еден еко хаос на теренот, каде што Министерството за заштита и унапредување на животната средина, мислам дека малку презеде досега, за да го заштити здравјето на луѓето и другите организми, кои живеат било тоа да е во реките, разните езера и т.н. или да се чува вкупниот простор на животинскиот свет, на растителниот свет и така натака.

Затоа, мислам дека тука треба многу да внимаваме околу состојбата на теренот, за која можеме слободно да кажеме дека е загадувано, рушено и т.н. Во поедини места можеме слободно да кажеме дека ситуацијата е алармантна. Само би споменал за моето Тетово, ако не има загадувачи како што се "Југохром", "Тетекс" и т.н., а ништо не се презема за сите тие загадувачи, материи се фрлаат во реките, а реката воопшто не се одржува и т.н. Таа ситуација се појавува насекаде во Македонија, така како што чувме и колегите кои дискутираа пред мене за своите региони и за своите краишта.

Мене нешто ме чуди во Законот што останува пракса и понатаму, ние како Собрание да ги прифатиме таквите предлози од страна на разните министерства, не е само во ова министерство дека за сите овластувања на другите субјекти ги дава министерот, а не министерството.

Мислам дека тука ќе треба, не само ова министерство, да чиниме напори и понатаму да не биде тоа само во овластување на министерот, туку тоа да биде на министерството за поголеми консултации, повеќе луѓе и т.н., подобра идеја и да дојдеме до одредени решенија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Абдулади Вејсели.

Имаме уште двајца пратеници кои се пријавени за дискусија, да ги слушнеме и нив, па да ве замолам да преминеме кон гласање.

Има збор господинот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата е еден од законите кој ќе биде поддржан, верувам, од сите пратеници денес присутни во Парламентот. Тоа е закон кој сите не заинтересира како и македонската јавност, меѓутоа, еколошките проблеми во средините (галама во салата), јас се извинувам, ако може да се слушнеме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам да го слушнеме пратеникот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Од срединие од каде што потекнуваме, секаде има проблеми, меѓутоа таму од каде што потекнувам јас, општина Пробиштип каде што живее и твори Рудници Злетово и Злетово батерии, тоа се два гиганти кои во принцип се загадувачи, меѓутоа со преземање на активностите кои следат, заправо кои треба да се преземат, делумно би се надминале овие проблеми.

Тешката економска состојба во овие две претпријатија кои се главните загадувачи на животната средина, не обезбедуваат во догледна иднина средства за надминување на овие проблеми. Меѓутоа, морам да кажам дека Министерството за екологија кое функционира, за мене одлично, на неколку наврати при посетата на овие два комбинати направени се многу елаборати и во фаза на реализација, односно одобрување е една донаторска линија од Холандската Влада во висина 1.600.000 гулдени, верувам дека Министерството треба да истрае во оваа намера, овие средства да бидат доделени на овие претпријатија за решавање на еколошките проблеми.

Второ што би сакал да кажам, бидејќи сум сега во Велес раководител на МХК Злетово, кое е еден од најголемите загадувачи на ниво на општина Велес, меѓутоа и во републички рамки, е еден од поголемите загадувачи. Не дека мерните инструменти не функционираат и дека контролата не работи. Точно е дека контролата си ја обавува својата функција, меѓутоа, потребните обртни средства или кредитните линии кои можат да задоволат за надминување на овие состојби, односно решавање на еколошките проблеми, со кои се судира овој комбинат, навистина не се мали. Само да кажам дека во втората половина на мај ќе биде пуштен филтерот

за цинкова рафинерија, која инвестиција е при крај, но исто така да кажам дека од страна на Министерството за екологија обезбедена е донација исто од Холандската Влада, од иста висина од 1.600.000 гулдени, кое решава добар дел од еколошките проблеми на Велес.

Изработени се уште два проекти, меѓутоа, тоа не е тема денеска, така што Комбинатот вложува максимални усилби, за надминување, односно за решавање на еколошките проблеми во овој град.

Сакам да дадам една сугестија до Владата, односно до Министерството за екологија и понатаму позасилено да работи на обезбедување донации за надминување на овие проблеми и ние како Комбинат сме подготвени да ги прифатиме сите кредитни линии кои се нудат на државата, а кои секако се поповолни доколку како држава се јави за задолжување, а Комбинатот МХК е подготвен да ги прифати и роковите кои ќе бидат отстапени на државата да ги прифатиме, со тоа би помогнале во надминувањето на овие еколошки проблеми.

Јас ќе гласам за овој закон. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Чедо Петров.

Има збор господинот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници.

По игра на случај, Македонија влезе во третиот милениум, дали сме подготвени или не, не зема времето и не пренесе во третиот милениум.

Она што оваа вечер дискутираа, многу колеги пратеници, тоа е борбата за зачувување на природата или борба за опстанок на човештвото. Тука има два фактори.

Едниот фактор е кој ја уништува природата, тоа е човекот, а другиот фактор е природата.

Тоа што треба да се работи е сигурно дека треба да се работи со луѓето, за едукација на еколошка култура. Казнените одредби и мерки кои се предлагаат во измените и дополнувањата на законот, како и поголемата контрола ќе придонесат да се работи на едукација, на размислување на промена на свеста кај граѓаните во Република Македонија.

Она што ќе биде најголем проблем во третиот милениум, тоа е борбата за водата. Нема да биде борба за водата само во Македонија, туку во целиот свет. Она што мене ме загрижува од Изборната единица Свети Николе, сигурно тоа е здравата вода за пиење.

Во градот Свети Николе пиеме најлоша вода за пиење. Тоа не значи дека јас се лутам на Министерството за екологија, иако има некои размислувања, иако Министерството нема направено додатни (галама во салата, пратеникот му се обраќа на претседавачот да ги смири).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, ве молам имајте малку почит спрема колегата пратеник кој има збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас не се лутам на Министерството за екологија, сигурно дека тие ќе си ја завршат задачата, морам да истакнам некои факти, гледајќи по она што го дава Заводот за здравствена заштита во Свети Николе, на еден литар органски материи има 20-23 млг., што значи опасна вода за пиење. Науката признава од 8 до 9 млг, на литар вода за пиење. Што може да се направи во моментов?

Во моментов може многу да помогне Министерството и Владата, затоа што многу донации, земји ширум светот водат некоја приоритетна политика, сигурно требаше да влезе и градот Свети Николе, иако имаме направено "ЛЕАП", Локален еколошки акционен план, но меѓу оние шест градови кои добија донација со неповратни средства, Свети Николе беше изземено.

Јас би ги замолил луѓето од Министерството за екологија, да дојдат во Свети Николе, да видат каква е состојбата, знам дека се преокупирани со тоа дали ќе остане ова Министерство или не, знам дека ќе има поддршка од мнозинството пратеници и од многу движења ширум државата и светот, затоа што ова Министерство не прави никакво оптоварување на државата и на Буџетот, знаејќи дека оваа година има добиено повеќе од 40 милиони ДМ и самото може да се финансира. Ако се прават некои реорганизации во министерствата, да го задржи статусот на автохтоно при самото одлучување, сигурно она што посебно загрижува за водата за пиење во градот Свети Николе, е тоа што се јавуваат трихлорометани. Тоа се оние кои предизвикуваат карцином или рак. Секој втор починат во градот Свети Николе, на

отпусната листа од болницата му стои дека е починат од рак или карцином.

Би ги замолил уште еднаш господата од Министерството, да дојдат и да се бара помош, затоа што надминувањето на проблемот во општина Свети Николе е реалност, ова не е загадување од луѓето, ова е загадување од самата природа, затоа што сите градови кои се снабдуваат од акумулациони езера, кои ги има 4-5 во Републиката, го имаат тој проблем во услови на летен период енормно се зголемуваат органските материи, кои при самото дотерување и пеглање не можат да се подобрат за да бидат во употреба. Што ни се случува? Се трошат средства, се трошат пари и граѓаните се изложуваат на извори кои ги користат низ општината, кои не се контролирани и кои се загадени.

Верувам дека ќе наиде на разбирање кај Министерството, ние како Либерална партија ќе го поддржиме овој закон. Еден колега кажа, дали е борба на (грин-пис) на зелените, сигурно дека има зелени, но зелени во размислувањето. Зелените ќе добијат еден ден. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Слободан Даневски.

Има збор господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници и министри.

Денеска на дневен ред го имаме Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, со Предлог на закон.

Јас сум единствен претставник на ромите во Република Македонија, болната точка на ромите во Република Македонија е што Ромите умираат на 40, 50, 55 преку сила некој да живее до 60 години. Зошто? Токму од ова што сакаме денеска да го донесеме. Значи, овој закон што треба да го донесеме, вреди да го донесеме и треба да се спроведе како што треба. Секаде низ Македонија живеат Роми. Најпрво ќе почнам со градот Скопје. Кога ќе поминете низ Злокуќани, ќе видите со кој стандард живее тоа население. Ќе ви ги кажам сите места во Македонија, за да знаат сите пратеници, да знае министерот и другите што треба и каде треба да се помага. (Галама во салата).

Ве молам потпретседателе, ако може малку да ме сослушаат.

Укажав и сакам да укажам дека Ромите во Македонија и бивша Југославија, за кои државата не водела сметка за екологијата како што треба, благодарение на Министерството кое се формирало, јас ќе бидам оптимист и сигурен сум дека ова Министерство има донации од разни места. Зборуваме за загрозеност од оваа фабрика, од онаа фабрика, за вода, но сите знаеме како живеат Ромите. Почнав од Скопје, прво ви го спомнав Злокуќани. Гледате таму со каков стандард живеат Ромите. И тие се избирачи и граѓани на Република Македонија и треба да бидат граѓани од прв ред, а не од втор, трет и кога ќе треба да се инвестира, ова го напомнувам да знаат сите пратеници, кои се избрани од секаде, да се изборат за својата средина до министерот. Прво го спомнав Злокуќани.

Второ, Топаана, таа е центар на град Скопје, припаѓа под општина Центар, кога требаше да го бираме градоначалникот на општина Центар, на град Скопје, без разлика кој е, кога ќе се бира пак, ќе видиме дали ќе добие, затоа што во Топаана, Центар на град Скопје, општина, се уште нема никаква канализација. Загрозен им е животот на луѓето. Водата им поминува покрај прозор, да не зборувам и други работи.

Шуто Оризари знаете како е. Во Скопје има и други места, но не би сакал да ги спомнувам.

За Куманово, Средорек, сите знаете колку пати Ромите се поплавени.

(Ве молам ако сакате да ме сослушате господа), никој со прст не мрда да се поправи тоа.

Јас мислам дека ова Министерство што е формирано и тие донации кои ќе дојдат свесно да се мисли каде да се инвестира. Значи, Куманово, Средорек не е како што треба, Кочани исто, Виница е проблем, во Прилеп знаете дека има проблем со Ромите, во Битола на автопатот, знаете горе кај Баирот исто има проблем, во Штип знаете како живеат Ромите, куќите им се изгорени, еколошки не е добро.

Исто во Струмица, во Гостивар на едно место Дупка се вика тоа место, имаме пратеници од таму знаат, јас лично сум бил таму, тоа е толку загрозено, што не дај боже некоја епидемија ќе се развие.

Значи, ова сакам да го укажам, затоа што има многу градови низ Република Македонија, во кои лошо се живее.

Овој Предлог закон ќе го поддржам и ќе гласам за него, но верувам дека ова Министерство нема да дозволи да бидеме

граѓани од втор, трет ред ние Ромите, па кога ќе има некоја донација, кога ќе има некои средства повеќе, треба да се обрне внимание, затоа што токму од тоа им се скратува животот на Ромите. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и Вам.

Последен дискутант, верувам дека ќе биде е господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседател, сакам само да укажам на тоа дека, човекот генерално не ја загрозува околината, туку богатиот дел од човештвото. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Јордан Бошков.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници, од кои 87 "за", 1 воздржан и нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 84 пратеници, 82 гласаа "за", 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збора? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за екологија, млади и спорт поднесе амандмани на член 1 став 2, точка 2, член 1 став 2 за менување на точка 14 и за менување на член 4, член 6, за менување на член 26 и на член 29 за додавање нови ставови 2 и 3 по ставот 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за бришење на член 2, за преформулирање на член 3, на член 4, став 1, член 5 за менување на ставот 1 и на став 3, член 6 во уводната реченица и на ставовите 1 и 2 за додавање нов член 6-а, за менување на член 8, член 12 став 1, за менување на член 15, член 17, за менување на член 18, за бришење на член 19, член 20 став 2, член 22 и за додавање нов став по ставот 1, член 27 за додавање нов член 27-а, член 29, член 35 став 1, точка 11, за менување на член 36, за менување на член 37 и за бришење на член 38 и на член 40.

Претставникот на Владата министерот за животна средина господинот Тони Поповски, писмено ме извести дека ги прифаќа амандманите, поднесени од Законодавно - правната комисија и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ристо Спанаков, поднесе амандман за додавање нов член 42-а по членот 42, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Радмила Шеќеринска поднесе амандман на член 29, за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Радмила Шеќеринска поднесе амандмани на член 29, за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 6 за менување на став 3, по кои Владата не се произнела.

Истовремено, пратеникот Радмила Шеќеринска го повлече амандманот на член 29, за додавање нов став 2 по ставот 1, под број 07-564/5.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман за додавање нов член 42-а по член 42, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Радмила Шеќеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Додевски.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, најнапред околу Извештајот од Комисијата за екологија, млади и спорт, би сакал само да укажам, односно да изнесам забелешка, мал коментар на амандманот број II, четвртата реченица, прм подготвување на текстот, претпоставувам, направена е

грешка, направен е пропуст при формулирање на фонтот од кирилично во латинично писмо, каде што, стои "што е утврден со листите, ИИ, ИИ," стои I, II и III. Само во тој контекст е мојот коментар, мојата забелешка.

Амандманот комплетно се прифаќа, само молам да се уважи оваа техничка забелешка.

За амандманот од госпоѓица Шеќеринска тоа беше по член 6, став 3, ве молам да го повторите, затоа што имам два амандмани поднесено.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандман на член 6, за менување на став 3.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Што се однесува до овој амандман поднесен на член 6 став 3, истиот е содржан и во амандманот IV од Комисијата за екологија, млади и спорт, затоа што со овој амандман, на некој начин, е дадено образложение на самиот член.

Според тоа, нема причина да се прифати. Едноставно, настанува само промена каде што ставот 3 станува став 2.

Овој амандман е содржан во амандманот на Комисијата за екологија, млади и спорт. Затоа не гледам причина да биде прифатен.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи, не се прифаќа.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Не се прифаќа, затоа што е содржан во амандманот на Комисијата за екологија, млади и спорт.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеничката Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Само да дообјаснам.

И на седницата на Комисијата се водеше расправа околу дообјаснување, практично на овој член, односно неговите различни ставови. Дојдовме до едно решение предложено од Комисијата како амандман IV. Меѓутоа, и после тоа кога разговарав и со известителот на Комисијата, со уште едно читање на вака евентуално изменетиот член, мое мислење е дека се уште членот нема да биде се уште јасен. Токму поради тоа, ако сакате можам да објаснам и зошто.

Имено во членот 6 се кажува дека измените се вршат по членот 8 од постојниот закон и се додава член 8-а кој се состои од три става.

Првиот став пропишува дека органите на државната управа, научните и стручни организации, установи кои вршат мониторинг во животната средина, се должни податоците од мониторингот да ги доставуваат до Министерството за животна средина. Тоа е во ред.

Потоа стои вториот став во предложениот текст, дека Министерството за животна средина е надлежно за презентирање на официјални податоци, од областа на животна средина во Република Македонија. И тоа нема проблем.

На крајот, следи третиот став, на кој што сите влијаевме, министерот за животна средина ги пропишува видот, обемот, обликот и формата на податоците и времето на доставување на податоците.

Овде се јави првата нејаснотија, дали министерот за животна средина ги пропишува видот, обемот, обликот и формата на податоците, што ќе се пласираат до јавноста или сите тие податоци. Меѓутоа, што се однесуваат до нивното доставување од органите на управа, научните и стручни институции до Министерството.

Тука, предлогот на Комисијата беше да се стави само податоците од став 1. Меѓутоа, со тоа не се објаснува, дали министерот за животна средина ќе ја има оваа обврска во поглед на собирањето или во поглед на пласирањето на информациите. Сметав дека е значајно да биде сосема јасно ставено на знаење во овој член дека, министерот за животна средина, ги доставува бидејќи има такви надлежности, ги доставува сите овие податоци до јавноста, а не само во поглед на, нивното собирање од страна на институциите, што се задолжени за тоа. Доколку ги оставиме, ќе остане сомневање што се однесува до овој став, односно оваа реченица. Доколку овде добиеме некое објаснување дека тоа е тоа, јас би го повлекла амандманот. Меѓутоа, мислам дека технички е ова подобро решение што го предлагам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам претставникот на Владата да се изјасни, дали останува на ставот што го изнесе.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29, за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеничката Радмила Шеќеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Додевски.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 42-а по членот 42, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Додевски.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 42-а по членот 42, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Додевски.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа, затоа што во Законот за органи на управата јасно е одредена надлежноста за заштита на животна средина, односно ресорот Министерство за животна средина.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека претставникот на Владата, господинот Додевски до крај не ја сфати суштината на амандманот, затоа би сакал да појаснам следново:

Амандманот не нуди промена на името на министерството. Сегашниот систем на нагласување на надлежностите на органот на управа и на раководителот на органот на управа, така како што се зацртани во Законот за органите на управа, условува да законите ги именуваат министерствата така како што се таму наведени. Сегашниот закон што е донесен 1996 или 1997 година, го задолжи тогашното Министерство за градежништво, урбанизам и екологија и соодветниот министер, да ги врши надлежностите на органите на управа од оваа сфера.

Сега, постојното Министерство за животна средина исто така ги менува имињата на: Министерството, така како што сега гласи, Министерство за животна средина.

Интенцијата на овој амандман не е да го именува Министерството така како што е во Законот за органите на управата, туку да го неутрализира, односно да се избегне процедурата. Ние знаеме дека Македонија се уште не ги има стабилизирано своите органи на управа, кои се тие, со секоја нова Влада се менуваат. Дури, сегашната Влада има интенција постојните, што ги назначи да ги преформулира.

Затоа предлагам, секаде каде што стои зборот "Министерство за животна средина" како конкретно министерство, да се замени со зборовите: "Министерството надлежно за прашањата на животната средина". Тоа Министерство може да е Министерството за животна средина, ако утре се припои кон некој друг орган, како што беше со урбанизмот, повторно тој ресор ќе биде министерство надлежно за работите од животната средина за прашањата од животната средина со цел, како се менуваат органите на управата и имињата на ресорите, да не се менуваат и стотици закони, во кои се утврдува нивната надлежност.

Ова е една формулација, во која упатуваме работите што ги врши Министерството надлежно за прашањата од животната средина, со овој закон ги уредува на таков и таков начин. Соодветно на тоа и зборовите "министер за животна средина" да се заменат со зборовите "министер кој е надлежен за тие прашања", согласно Законот за органите на управата.

Со тоа ќе се избегне секој закон после менувањето на Законот за органите на управата, каде што Министерствата, како што гледаме, се спојуваат и се делат по политички принципи, да се избегне да се менуваат и стотина закони.

Затоа мислам дека, овој амандман е многу практичен за да се прифати. Со оглед дека Владата не го прифати, апелирам пратениците да го прифатат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски за овие објаснувања на амандманот.

Има збор претставникот на Владата.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Со овој Закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управа под број 63 од 1998 година, јасно се дефинирани органите на управата, во Владата на Република Македонија, каде е јасно дефинирано Министерството за животна средина.

Со измените и дополнувањата на основниот закон, односно на Законот за заштита на природната и животна средина, на природата, минатата година на некој начин се направи терминолошкото усогласување, односно термините каде постоеше Министерство за градежништво и заштита на животната средина или министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, беа сменети со терминот министер, односно Министерство за животна средина.

Оттука не гледам причина да се прифати овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 87 пратеници, 35 за, воздржани 4 и против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 42-а по членот 42, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 87 пратеници, 86 за, воздржани нема, а 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Почитувани пратеници, работиме веќе 7 часови.

Гледам дека и вие, а и јас, сите сме изморени, концентрацијата попушта, предлагам да ја прекинеме оваа седница.

Дополнително ќе бидете известени за продолжување на седницата.

(Седницата прекина со работа во 19,15 часот).